# „ВО ОВИЕ ПОСЛЕДНИ ДЕНОВИ“
## – Пораката на посланието до Евреите

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јануари, февруари, март 2022

**„ВО ОВИЕ ПОСЛЕДНИ ДЕНОВИ“**
**– ПОРАКАТА НА ПОСЛАНИЕТО ДО ЕВРЕИТЕ**
Автор: Феликс Х. Кортез

Број 1/2022

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

# СОДРЖИНА:


1. Писмо упатено до Евреите – но и до нас ................................ 7
2. Пораката на Посланието до Евреите ..................................... 14
3. Ветениот син ........................................................................ 21
4. Исус – нашиот верен брат“ .................................................. 28
5. Исус – оној што дава спокој ................................................. 35
6. Исус – верен свештеник ....................................................... 42
7. Исус – котва на душата ........................................................ 49
8. Исус – посредник на новиот завет ...................................... 56
9. Исус – совршена жртва ........................................................ 63
10. Исус нѐ води зад завесата .................................................. 70
11. Исус – Зачетник и Довршител на верата ............................ 77
12. Примање на царството што не може да се разниша ........... 84
13. Братската љубов нека продолжи да владее ........................ 91


**Додаток**


Утрински стихови - јануари ..................................................... 98

Утрински стихови - февруари.................................................... 99

Утрински стихови - март........................................................... 100

Секојдневно читање на Библијата............................................ 102

Текстови за вечерно богослужение...........................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија................... 104-106

# „ВО ОВИЕ ПОСЛЕДНИ ДЕНОВИ“ – ПОРАКАТА НА ПОСЛАНИЕТО ДО ЕВРЕИТЕ



Првпат ја виде кога беше во црква. Тој ги извршуваше своите должности, задлабочен во мислите, кога таа сцена го трогна. Сликата беше малку помала од два метра и широка три метра, а девојката што беше прикажана на неа остави длабок впечаток врз младиот човек со некоја чудна неодолива сила. Зошто не можеше да го тргне погледот од неа? Што беше тоа што го привлече? Откако размисли малку, сфати дека тоа се нејзините очи. Сликата го покажуваше само нејзиното лице, а таа втренчено гледаше во нешто. Но, во што, и зошто беше толку преокупирана со тоа? Долго време тој не можеше да ја оттргне таа слика од главата.

Неколку години подоцна, сликарот Арнолд Хименез му откри некои од тајните во врска со неа. Сликата е направена така што вниманието на набљудувачот го привлекуваат очите на девојката, но вистинската тајна се крие во нејзините зеници. Ако погледнете повнимателно, ќе откриете дека тие го одразуваат она што таа девојка го набљудува, а нејзиниот поглед е сосредоточен кон Исуса на крстот.

Портретот на Исус во Посланието до Евреите може да има слична привлечна моќ над нас. Исус првенствено е опишан како Владетел на вселената, кој седи на престолот од десната страна на Бога. Безброј ангели Му служат, го слават и го обожаваат (Евреите 1,5-14; Евреите 12,22-24). Тој го стекнал правото да владее, бидејќи со својата смрт обезбедил уништување на ѓаволот (Евреите 2,14-16). Исус е и возвишен Првосвештеник. Безгрешен и совршено свет, Тој живее вечно за да служи во наша полза во небесното светилиште (Евреите 7,26 – 8,5). Тој го стекнал тоа право затоа што се принел себеси еднаш засекогаш, како совршена жртва, делотворна за сите луѓе и за сите времиња (Евреите 10,1-14). Исто така, Исус е посредник на новиот завет меѓу Бога и Неговиот народ, кој ќе трае засекогаш (Евреите 8,6-13).

Меѓутоа, она што ги плени читателите во врска со Исусовиот портрет, не е само она што Тој го направил туку и она што Тој е. Роден е од жена, како и сите ние, бил искушаван и исмејуван, исто како и ние. Сепак, Тој седи во центарот на моќта на универзумот. Додека се загледуваме во таа небесна сцена, со нејзините разновидни, величествени небесни битија, нашиот поглед го привлекува Оној што се наоѓа во центарот на сето тоа, и кој, за чудо, изгледа исто како нас, бидејќи станал еден од нас. Исус, нашиот Брат, е таму на небото, и нè претставува нас, и покрај нашата срамна, грешна, паднатa состојба.

Во Исусовата личност се вкрстуваат трите димензии на сторијата за откупот. Првата е локална, лична димензија. За читателите уморни од прекорите и од тешкотиите на христијанскиот живот (Евреите 10,32-34), Исус е Зачетник и Довршител на верата. Тие треба да се угледуваат на Него, кој исто така страдал од грешниците (Евреите 12,1-4). Втората е корпоративната, национална димензија. За Божјиот народ што патува кон Ветената земја, Тој е новиот Исус Навин. Тие треба да го следат Неговото водство (Евреите 3; 4; 11; 12). Третата е универзалната димензија. Исус е новиот Адам, Синот Човечки во кого се исполнети Божјите намери за човештвото (Евреите 2,5-10; Евреите 12,22-28).

Портретот на Исус, што ја доловува ширината, должината, висината и длабочина на Божјата љубов кон нас, е предмет на нашето проучување во текот на ова тримесечје. И како што на сликата Исусовиот одраз во очите на девојката го привлекла погледот на младиот човек, така сликата на Исус, прикажана во Посланието до Евреите, нека го привлече не само нашиот поглед, туку и нека ја освои и нашата љубов и восхит кон Него – да, кон нашиот брат на небото.

*Феликс Х. Кортез е вонреден професор по Новозаветна книжевност на Адвентистичкиот теолошки факултет на Универзитетот Ендрус. Оженет е со Алма Глорија Алварез и има две деца, Хадид, пастор во Њу Џерси, и Алма, дипломиран археолог на Универзитетот Ендрус.*

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 1**
**Од 25 - 31 декември 2021**

# ПИСМО УПАТЕНО ДО ЕВРЕИТЕ – НО И ДО НАС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 2,3.4; 1. Петрово 4,14.16; Евреите 13,1-9.13; 1. Царевите 19,1-18; Евреите 3,12-14; 4. Мојсеева 13.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Најнапред ви е потребно трпение, па, откако ќе ја исполните волјата Божја, да го добиете ветеното“ (Евреите 10,36).**

Дали некогаш сте замислувале како би изгледало да го слушате Исуса или некој од апостолите додека проповеда? Ние имаме пишани извадоци и резимеа на некои од нивните проповеди, кои ни даваат само ограничен увид во тоа како навистина изгледало да се слушаат. Меѓутоа, Бог зачувал барем една целосна проповед за нас во Библијата – Посланието на Павле до Евреите.

Павле, авторот на Посланието до Евреите, своето дело го нарекол „поучно слово“ (Евреите 13,2). Овој израз се користи во оваа проповед како во синагога (Дела апостолски 13,15) и во христијанското богослужение (1. Тимотеј 4,13). Врз основа на тоа, се тврди дека Посланието до Евреите е најраната „целосна христијанска проповед“ што ја имаме. Пораката до Евреите била упатена до верниците што го прифатиле Исуса, но потоа искусиле тешкотии. Некои биле јавно понижувани и прогонувани (Евреите 10,32-34). Други се соочиле со финансиски проблеми (Евреите 13,5.6). Многумина се умориле и почнале да ја преиспитуваат својата вера (Евреите 3,12.13). Дали некој од нас денес се препознава во ова?

Меѓутоа, во оваа инспиративна проповед, апостолот ги повикува своите слушатели (а со тоа и нас) да истраат во верата во Исуса и својот поглед да го прикоecont на Него, кој сега се наоѓа во небесното светилиште.

# СЛАВЕН ПОЧЕТОК

За да ја разбереме оваа проповед и да ја примениме нејзината порака на нас, мора да ја согледаме историјата на таа заедница верници и ситуацијата во која се наоѓале во моментот кога го примиле писмото од апостолот.

**Прочитајте Евреите 2,3,4. Какво искуство имале оние пред кои било читано Посланието до Евреите веднаш по нивното преобратување?**

Овој текст навестува дека оние пред кои Посланието до Евреите било читано, не го слушале самиот Исус како проповеда, туку ја примиле Божјата реч од другите евангелисти што им ја објавиле веста за „спасението“.

Исто така, Павле вели дека евангелистите им ја „потврдиле“ таа порака, и дека сам „Бог им го потврди сведоштвото со знаци и чудеса“. Ова значи дека Бог обезбедил искуствена потврда на Евангелието со знаци и со други моќни дела – меѓу другото, и со раздавањето на „Светиот Дух“. Новиот Завет зборува за тоа дека знаците, како што се чудесни исцелувања, егзорцизми (истерување на зли духови) и излевања на духовни дарови честопати го придружувале проповедањето на Евангелието во нови места.

На почетокот од историјата на христијанската црква, Бог го излеал својот Дух врз апостолите во Ерусалим, така што можеле да прават чуда и да го објавуваат Евангелието на јазици непознати за нив (Дела 2,3). Филип правел слични чуда во Самарија (Дела 8), Петар во Јопа и во Цезареја (Дела 9,10), а Павле за време на својата служба во Мала Азија и Европа (Дела 13-28). Овие моќни дела биле искуствени докази што ја потврдиле пораката за „спасение“ – воспоставување на Божјето царство, спасение од осуда и ослободување од злите сили (Евреите 12,25-29).

Духот им дал на раните христијански верници увереност дека нивните гревови се простени. Затоа тие не се плашеле од судот, така што нивните молитви биле смели и полни со доверба, а нивното верско искуство радосно (Дела апостолски 2,27-47). Духот, исто така, ги избавувал оние што им робувале на силите на злото, што било убедлив доказ за Божјата надмоќ над силите на темнината и откривало дека Божјето царство навистина било воспоставено во нивниот живот.

**Каква е приказната за вашето преобратување? На кои сè начини сте се утврдиле во вашата вера и сте стекнале доверба во Исуса Христа како ваш Спасител и Господ? Зошто е добро понекогаш да се сеќавате како Бог за првпат дејствувал во вашиот живот за да ве привлече кон Него?**

## БОРБА

Откако ќе ја признаеле својата вера во Христа и се придружувале на црквата, верниците поставувале некој вид граница што јасно ги одделувала од останатите во општеството. За жал, ова станало извор на конфликт бидејќи водело дотаму што се создавал негативен суд за нивната заедница и нејзините вредности.

**Прочитајте Евреите 10,32-34 и Евреите 13,3. Какво било искуството на оние пред кои Посланието до Евреите им било читано по нивното обратување?**

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

Голема е веројатноста читателите на Посланието до Евреите да трпеле вербални и физички напади од мноштвото што било поттикнувано на бунт од нивните противници (на пример, Дела 16,19-22; Дела 17,1-9). Тие биле затворани, понекогаш и претепувани, бидејќи јавните службеници имале овластување да одобрат казнување и затворање луѓе за време на собирањето докази, честопати без почитување на соодветните судски норми (на пример, Дела 16,22.23).

**Прочитајте Евреите 11,24-26 и 1. Петрово 4,14.16. Како искуствата на Мојсеј и на читателите на 1. Петрово послание ни помагаат да разбереме зошто христијанските верници биле прогонувани?**

________________________________________________________________________

Да се „носи Христовиот срам“ едноставно подразбирало поистоветување со Христа, да се трпи срамотењето и малтретирањето што тоа го повлекува со себе. Јавното непријателство против христијаните било резултат на верските определби, според кои тие ги разликувале од другите. Луѓето ги навредуваат верските обичаи што не ги разбираат, или начинот на живот и моралот на другите луѓе што кај нив предизвикува чувство на срам и вина. Во средината на првиот век од нашата ера, Тацит ги обвинувал христијаните за „омраза кон човештвото“ (Alfred J. Church and Villiam J. Brodribb, trans., *The Complete Works of Tacitus,* [New York: The Modern Library, 1942] Annals 15.44.1). Колку и да е точна причината за ова обвинение, секако лажно, многу рани христијани, како оние на кои Павле им го напишал ова послание, страдале поради својата вера.

**На крајот на краиштата, сите луѓе страдаат, без разлика дали се христијани или не. Но, сепак, што значи да се страда за Христа? Колку навистина страдаме за Христа, и колку страдањата со кои се соочуваме се предизвикани од нашите сопствени одлуки?**

# МАЛОДУШНОСТ

Читателите на Посланието до Евреите успеале да ја одржат својата вера и посветеност на Христа, и покрај отфрлањето и прогонството. Сепак, судирот, долгорочно гледано, го зел својот данок. Се бореле во добрата борба и излегле како победници, но и се умориле.

**Прочитајте ги следните текстови: Евреите 2,18; Евреите 3,12.13; Евреите 4,15; Евреите 10,25; Евреите 12,3.12.13 и Евреите 13,1-9.13. Кои биле некои од предизвиците со кои се соочувале верниците?**

---

Посланието до Евреите ни кажува дека неговите први читатели продолжиле да доживуваат тешкотии. Продолжиле вербалните, а веројатно и други видови напади против нивната чест (Евреите 13,13). Некои верници биле во затвор (Евреите 13,3), а тоа црквата ја исцрпувало и финансиски и психички. Тие биле уморни (Евреите 12,12.13) и нивните души лесно можеле да станат „малодушни“ (Евреите 12,3).

Меѓу поединците и заедниците, откако ќе помине возбудата од победата, обично психолошките и другите видови на одбрана попуштаат, така што луѓето стануваат поранливи на непријателскиот контранапад. Силите што поединецот или заедницата ги собрале за да се соочат со претстојната закана, е уште потешко да се соберат по втор пат.

**Прочитајте го текстот 1. Царевите 19,1-4. Што се случило со Илија?**

---

---

„Меѓутоа, Илија сега западнал во состојба која често ги снаоѓа луѓето по големи достигнувања во верата и славни подвизи. Стравувал дека започнатата реформа на Кармил нема да биде долготрајна и западнал во малодушност. Се воздигнал до најголеми височини, но сега паднал ниско. Додека на него бил Духот на Семоќниот, можел да поднесе и најголеми искушенија на верата, но во овие моменти на малодушност, слушајќи ја пораката на Језавела преку која работел сатаната, ја загубил својата потпора во Бога. Бил длабоко вознемирен, а потоа доживеал страшен пад. Заборавајќи на Бога, Илија бегал сѐ подалеку, додека најпосле не се нашол сам во злокобна пустелија“ (*Пророци и цареви*, стр. 161, 162 ориг.).

**Размислете за моментите кога сте доживеале неуспех во вашиот христијански живот и обидете се да ги разберете околностите и факторите што придонесле да се случи тој пад. Што друго сте можеле да направите?**

## ДА СЕ ЗБИЈАТ РЕДОВИТЕ

Што ги советувал апостолот читателите да направат, со оглед на нивната ситуација? Што можеме да научиме од Посланието до Евреите, што ќе ни користи нам? Ајде да анализираме како Бог му помогнал на Илија да закрепне од обесхрабрувањето.

**Прочитајте го текстот 1. Царевите 19,5-18. Што направил Бог за да ја обнови верата на Илија, својот слуга?**

---

Записот за тоа како Бог постапувал со Илија по Кармил навистина восхитува бидејќи ја покажува нежната грижа и мудрост со која Бог им служи на оние што се во неволја и кои се борат да ја вратат верата. Бог направил неколку работи за Илија. Прво, се погрижил за неговите физички потреби. Му обезбедил храна и го оставил да се одмори. Потоа, Тој нежно го прекорил во пештерата: „Што бараш ти тука, Илија?“ – и му помогнал да добие подлабоко разбирање за начинот на кој дејствува и ги исполнува своите намери. Бог не бил во ветрот, ниту во земјотресот или во огнот, туку во тивкиот глас. Потоа му дал задача на Илија и го смирил.

**Прочитајте ги следните текстови: Евреите 2,1; Евреите 3,12-14; Евреите 5,11 – 6,3 и Евреите 10,19-25. Што смета Павле, што треба да прават верниците?**

---

На повеќе места во Посланието до Евреите, наоѓаме упатства што им ги дал апостолот на читателите за да им помогне да ја вратат својата првобитна сила и вера. Еден аспект, кој што Павле посебно го нагласува, е грижата за физичките потреби на другите верници. Тој им предлага да го негуваат гостопримството и да ги посетуваат затворениците, а тоа подразбира и задоволување на нивните потреби. Апостолот ги поттикнува читателите да бидат великодушни, имајќи на ум дека Бог нема да ги напушти (Евреите 13,1-6). Исто така, Павле ги укорува и ги охрабрува. Тој ги предупредува да не „отпаднат“ (Евреите 2,1) и да немаат „зло и неверно срце“ (Евреите 3,12), и ги охрабрува да растат во разбирањето на верата (Евреите 5,11-6,3). Тој, исто така, ја истакнува важноста за доследно присуствување на црковните состаноци (Евреите 10,25). Накратко, тој им предлага меѓусебно да се поддржуваат, да се охрабруваат и да се поттикнуваат едни со други во љубов и добри дела, а исто така да го величаат Исуса и службата што Тој ја извршува во небесно светилиште во нивна полза (Евреите 8,1.2; Евреите 12,1-4).

## ОВИЕ ПОСЛЕДНИ ДЕНОВИ

**Прочитајте ги следните текстови: Евреите 1,2; Евреите 9,26-28; Евреите 10,25.36-38 и Евреите 12,25-28. Која порака ја нагласува Павле овде, особено во поглед на времето?**

---

Апостолот нагласува нешто многу важно што додава елемент на итност во неговите совети – читателите живеат во „последниве денови“ (Евреите 1,2) и ветувањата наскоро ќе се исполнат (Евреите 10,36-38). Интересно е, како што ќе видиме, дека во целиот овој спис Павле ги споредува своите слушатели со пустинската генерација што стоела веднаш до границата на Ханаан, подготвена да влезе во Ветената земја. Тој ги потсетува: „Уште малку, сосем малку и ’Оној што иде, ќе дојде и нема да задоцни‘“ (Евреите 10,37). А потоа ги охрабрува: „Ние, пак, не сме од оние што отстапуваат и гинат, туку од оние кои веруваат и се спасуваат“ (Евреите 10,39). Оваа последна опомена ги потсетила читателите, а и нас, на опасностите што Божјиот народ историски ги доживеал непосредно пред исполнувањето на Божјите ветувања.

Четвртата книга Мојсеева зборува токму за тоа. Библискиот извештај вели дека Израел, непосредно пред да влезе во Ветената земја, доживеал два значајни порази. Ова за прв пат се случува, како што е забележано во 4. Мојсеева 13 и 14 глава, тогаш кога неколку водачи ги ширеле своите сомнежи меѓу луѓето и на тој начин ја ослабнале верата на Израелците. Затоа народот одлучил да назначи нов водач и да се врати во Египет, токму во мигот кога се подготвувале да влезат во Ханан.

Вториот пат, народот се препуштил на сензуалноста и се вплеткал во лажно богослужение во Велфегор (4. Мојсеева 24; 25). Иако Валаам не успеал да фрли клетва врз Израелците, сатаната ги искористил сексуалните искушенија за да ги наведе на грев и лажно богослужение, и со тоа го навлекле Божјето незадоволство над себе.

Павле ги предупредува читателите за обете опасности. Прво, ги повикува да се држат цврсто за признавањето на својата вера и да го приковаат погледот кон Исуса (Евреите 4,14, Евреите 10,23, Евреите 12,1-4). Второ, тој ги опоменува да се држат настрана од неморалот и користољубието (Евреите 13,4-6). На крајот, ги повикува да се угледаат на своите водачи и да им бидат послушни (Евреите 13,7.17).

**Со оглед на нашето разбирање за состојбата на мртвите – дека, откако ќе ги затвориме очите во мигот на смртта, првото нешто за што ќе станеме свесни ќе биде Второто доаѓање – зошто можеме слободно да кажеме дека сите луѓе живеат во „последните денови“?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Давид А. Де Силва јасно објаснува зошто раните христијани трпеле прогонство: „Христијаните усвоиле начин на живот кој... се сметал за несоцијален, па дури и разорен. Служењето на разни богови, во вид на ритуално принесување жртви и слично, се сметало за симбол на лојалност кон државата, властите, пријателите и семејството. Поклонувањето на овие божества било еден вид симбол на посветеност на односите што го правеле општеството стабилно и просперитетно. И токму затоа што не се придржувале кон тоа, на христијаните (како и на Евреите) се гледало со сомнеж како на потенцијални прекршители на законите и поткопувачки елементи во рамките на царството“ (Perserverance in Gratitude; Grand Rapids, MI: Eerdmans Publishing Company, 2000, p. 12).

„За обесхрабрените постои сигурен лек – вера, молитва и работа. Верата и работата му влеваат на човекот сигурност и задоволство, кои ќе јакнат од ден во ден. Дали лесно се препушташ на мрачни чувства или крајна малодушност? Не стравувај ни во најцрните денови, кога сѐ изгледа безнадежно. Имај вера во Бога. Нему Му се познати сите твои потреби. Тој е семоќен. Неговата безгранична љубов и милосрдност никогаш не исцрпуваат. Не стравувај дека нема да го исполни своето ветување. Тој е вечна вистина. Тој никогаш нема да го измени заветот што го склучил со оние кои Го љубат. Бог им дава на своите верни слуги онолку сила колку што им е потребно. Апостол Павле сведочи: ’И ми рече: доволна ти е мојата благодат; бидејќи мојата сила наполно се покажува во слабоста... затоа добро ми е во слабостите, во навредувањe, во маки, во прогонување, во тага за Христа, зашто кога сум слаб, тогаш сум силен’ (2. Коринќаните 12,9.10)“ (Елена Вајт, *Пророци и цареви,* стр. 164, 165 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Дали е можно да бидеме „поинакви“ поради нашата христијанска определеност, а сепак да не бидеме обвинети за „одвојување“ и занемарување на другите? Ако е така, на кој начин?**
2. **Зборот „опомена“ во Библијата може да се однесува на укор или на охрабрување. На што треба да обрнеме внимание кога укоруваме лице кое е обесхрабрено?**
3. **Кои сличности ги забележувате меѓу искуството на читателите на Посланието до Евреите и искуството на Лаодикејската црква во текстот Откровение 3,14-22? Во која смисла нашето денешно искуство, две илјади години подоцна, е слично на нивното, и што можеме да научиме од таа сличност?**

Поука 2
Од 1 – 7 јануари 2022

# ПОРАКАТА НА ПОСЛАНИЕТО ДО ЕВРЕИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 1,5-14; Лука 1,30-33; Псалм 132,1-5; Евреите 2,14-16; Евреите 5,1-4; 1. Петрово 2,9; Евреите 8,8-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А најважното од ова што го зборуваме, е дека имаме таков Првосвештеник, Кој седна од десната страна на престолот на величието на небесата“ (Евреите 8,1).**

Еврејски документ напишан околу 100. година – неколку децении по Посланието до Евреите – ја содржи следната молитва: „Сето ова го кажав пред тебе, Господи, затоа што Ти рече дека го создаде овој свет за нас... И сега Господи, ете, овие народи, кои не претставуваат ништо, владеат над нас и нѐ проголтуваат. А ние, Твојот народ, кого си го нарекол Твој првороден, единороден, за кого ревнуваш и кој ти е омилен – предадени сме во нивни раце“ (James H. Charlesworth, ed., The Old Testament Pseudepigrapha, vol. 1, [New York: Hendrickson Publishers, 1983], p. 536).

Првите читатели на Посланието до Евреите веројатно чувствувале нешто слично. Ако навистина биле Божји деца, зошто минале низ толкави страдања?

Токму од таа причина, Павле го напишал Посланието до Евреите – за да ја зајакне нивната вера среде сите тие искушенија. Тој ги потсетил (и нас исто така) дека Божјите ветувања ќе се исполнат преку Исуса, кој седи десно од Отецот, и кој наскоро ќе нѐ одведе дома. Во меѓувреме, Исус посредува за да ни ги даде благословите на Отецот. Затоа ние мора да се држиме цврсто за нашата вера до крај.

## ИСУС Е НАШИОТ ЦАР

Главната порака на Посланието до Евреите е дека Исус е Владетел, кој седи десно од Отецот (Евреите 8,1). Како Бог, Исус отсекогаш бил владетел на вселената. Меѓутоа, кога Адам и Ева згрешиле, сатаната станал владетел на овој свет (Јован 12,31; Јован 14,30; Јован 16,11). Но, Исус дошол и го победил сатаната на крстот, враќајќи го правото да владее над оние што Го прифаќаат како свој Спасител (Колошаните 2,13-15).

Првите две глави од Посланието до Евреите посебно се фокусираат на Исусовото устоличување како Цар.

**Прочитајте Евреите 1,5-14. Што се случува овде?**

---

Овие стихови се распоредени во три исечоци. Секој исечок претставува еден аспект од церемонијата на устоличувањето на Синот. Прво, Бог го поставува Исуса како царски Син (Евреите 1,5). Второ, Бог го воведува Синот во небесниот двор, каде што Му се поклонуваат (Евреите 1,6.8), додека Отецот го прогласува Синот за вечен Создател и Владетел (Евреите 1,8-12). Трето, Бог го устоличува Синот – што претставува вистинско пренесување на власта над земјата (Евреите 1,13.14).

Едно од најважните верувања на Новиот Завет е дека Бог, преку Исуса, ги исполнил ветувањата дадени на Давид (види 2. Самоилова 7,8-16 и Лука 1,30-33). Исус е роден од Давидовата лоза во Давидовиот град (Матеј 1,1-16; Лука 2,10.11). За време на неговата служба, луѓето често го нарекувале „син Давидов“. Тој бил погубен под обвинение дека се претставувал како „јудејски цар“ (Матеј 27,37). Петар и Павле проповедале дека Исус, воскреснувајќи од мртвите, ги исполнил ветувањата дадени на Давид (Дела 2,22-36; Дела 13,22-37). А Јован во Исуса го препознал лавот „од Јудиното племе“ (Откровение 5,5).

Посланието до Евреите, се разбира, го тврди истото. Преку Исуса, Бог ги исполнил ветувањата дадени на Давид: Му дал големо „име“ (Евреите 1,4), го прогласил за свој син (Евреите 1,5) и потврдил дека Тој е вечен Творец и Господ (Евреите 1,8-12), и Го поставил од неговата „десна страна“ (Евреите 1,13.14). Понатаму, според Евреите 4 глава, Исус ги воведува луѓето во Божјиот одмор и нè потсетува дека Тој е градител на Божјиот дом (Евреите 3,3.4).

Затоа, Исус е легитимен владетел на овој свет, кој влегол во војна со сатаната, узурпаторот, со цел да ја придобие нашата преданост.

**Како можеме ние, особено среде искушенија, да црпиме утеха од сознанието дека Исус е владетел на вселената?**

## ИСУС, НАШИОТ ПОСРЕДНИК

Еден интересен концепт на старозаветната теологија се однесува на фактот дека ветениот Цар од Давидовата лоза ќе го претставува народот пред Бога.

**Споредете ги следните текстови: 2. Мојсеева 4,22.23 и 2. Самоилова 7,12-14; 5. Мојсеева 12,8-10 и 2. Самоилова 7,9-11; 5. Мојсеева 12,13.14 и Псалм 132,1-5.11-14. Какви ветувања дадени на Израел требало да се исполнат преку тој ветен Цар Давидов?**

---

Израел бил Божји син и Бог му дал место на кое ќе се одмори од своите непријатели. Бог, исто така, ќе избере место каде што Неговото име ќе живее меѓу нив. Овие ветувања дадени на Израел биле пренесени на ветениот Цар од Давидовата лоза. Тој ќе биде посвоен како Божји Син, Бог ќе му даде одмор од Неговите непријатели и Тој ќе изгради храм на Сион каде што ќе живее Божјето име. Ова значи дека Бог требало да ги исполни своите ветувања дадени на Израел преку тој ветен Цар од Давидовата лоза. И тој Цар од Давидовата лоза требало да го претставува Израел пред Бога.

Воведувањето на претставници во односот меѓу Бог и Израел овозможило да се зачува нивниот заветен однос. Заветот со Мојсеј барал цел Израел да биде верен за да ја ужива Божјата заштита и да ги прими благословите (види Исус Навин 7,1-13). Меѓутоа, заветот со Давид го обезбедил Божјиот заветен благослов над Израел врз основа на верноста на една личност – Царот од Давидовата лоза.

За жал, царевите од Давидовата лоза главно не биле верни и Бог не можел да го благослови Израел како што сакал. Стариот Завет е полн со извештаи за тоа колку многу од овие цареви, всушност, биле неверни.

Но, добрата вест е дека Бог го испратил својот Син да се роди како „син Давидов“, и Тој бил совршено верен. Затоа Бог, преку Него, можел да ги исполни сите ветувања што му ги дал на Својот народ. Кога Бог благословува некој цар, и сиот негов народ има полза од тоа. Затоа Исус е Посредник на Божјите благослови наменети за нас. Тој е Посредник во смисла дека го претставува каналот преку кој течат Божјите благослови. Нашата надеж во спасението се наоѓа само во Исуса и во она што Тој го направил за нас.

**Сетете се колку често сте биле неверни на она што го бара заветот од вас. Какви поуки можеме да извлечеме од тоа дека за нашето спасение мора да се потпреме само на Исуса?**

## ИСУС Е НАШИОТ ЈУНАК

**Споредете 1. Самоилова 8,19.20 и Евреите 2,14-16. Што барале Израелците од царот и како се исполниле овие желби во Исуса?**

---

Израелците сакале нивниот цар да им биде судија и водач во борбата, бидејќи заборавиле дека Бог е нивниот цар. Целосното обновување на Божјото владеење над Неговиот народ дошло дури со Исуса. Како наш Цар, Исус нè води во борбата против непријателот.

Текстот Евреите 2,14-16 го опишува Исуса како херој на слабите човечки битија. Христос се соочува со ѓаволот, го победува во борба „еден на еден“ и нè ослободува од ропство. Овој опис потсетува на битката меѓу Давид и Голијат. Откако бил помазан за цар (1. Самоилова 16), Давид го победил Голијат и ги спасил своите браќа од ропство. Според договорот, победникот во таа борба стекнувал право да го пороби народот од спротивната страна (1. Самоилова 17,8-10). Така, Давид постапил како херој на Израел. Тој го застапувал својот народ.

**Прочитајте Исаија 42,13 и Исаија 59,15-20. Како се опишува себеси Јахве во овие стихови?**

---

---

Текстот Евреите 2,14-16 како да упатува на мислата дека Бог ќе го спаси Израел во битка еден на еден. Обрнете внимание на следниов текст од Книгата на пророкот Исаија: „Да, така вели Господ: и секој заробен од јунак ќе биде одземен и грабежот од тиранинот ќе биде вратен; зашто Јас се борам со твоите противници и ќе ги спасам твоите синови).

Како христијани, често мислиме дека ние сме тие што се борат „еден на еден“ со сатаната. Кога го читаме текстот Ефесјаните 6,10-18, гледаме дека ние навистина се бориме со ѓаволот. Но, Бог е нашиот Јунак и Тој влегува во битката пред нас. Ние сме дел од Неговата војска и затоа мора да го користиме Неговиот оклоп. Исто така, ние не се бориме сами. Во Посланието до Ефесјаните 6 глава, се користи множина. Ние, како црква, го земаме оклопот и заедно се бориме зад нашиот Јунак, а тоа е самиот Бог.

**Што значи да се облече Божјиот оклоп? Односно, како можеме да ја искористиме можноста да бидеме верни во нашата секојдневна борба со самите себе, со искушенија и сè друго, потпирајќи се на Божјата сила?**

## ИСУС Е НАШИОТ ПРВОСВЕШТЕНИК

Посланието до Евреите од 5. до 7. глава говорат за една друга улога на Исус. Тој е наш Првосвештеник. Авторот објаснува дека ова е исполнување на Божјото ветување дадено на идниот цар од Давидовата лоза, дека Тој ќе биде „свештеник довека по редот Мелхиседеков“ (Псалм 110,4, цитиран во Евреите 5,5.6).

**Прочитајте ги следните текстови: 3. Мојсеева 1,1-9; 3. Мојсеева 10,8-11; Малахија 2,7; 4. Мојсеева 6,22-26 и Евреите 5,1-4. Какви служби извршувал свештеникот?**

---

Свештениците биле поставувани во име на човечки суштества, да ги претставуваат и да посредуваат во нивниот однос со Бога и сѐ што се однесува на Него. Свештеникот бил посредник. Ова важело за секој систем на свештенство, без разлика дали е еврејски, грчки, римски или некој друг. Свештеникот овозможува да се поврземе со Бога, и сѐ што прави свештеникот има за цел да го олесни тој однос меѓу нас и Бога.

Свештеникот принесува жртви во име на човечките суштества. Луѓето не можат лично да ги донесат овие жртви пред Бога. Свештеникот знае како да принесе „угодна“ жртва, за нашите приноси да бидат прифатливи за Бога и да обезбедат очистување и проштавање.

Свештениците, исто така, го поучувале народот за Божјиот закон. Тие биле стручњаци, кога станува збор за Божјите заповеди, и биле задолжени за нивното објаснување и примена.

Конечно, свештениците имале должност и да благословуваат во името на Јахве. Преку нив, Бог ја покажувал својата добра волја и благонаклоност кон луѓето.

Меѓутоа, во 1. Петрово 2,9 гледаме нешто друго. Ние – кои веруваме во Исуса – се нарекуваме „царско свештенство“. Таа улога подразбира неверојатни привилегии. Порано свештениците можеле да му пристапат на Бога во светилиштето. Денес можеме со доверба да му пристапиме на Бога преку молитва (Евреите 4,14-16; Евреите 10,19-23). Имаме и важни одговорности. Ние мора да соработуваме со Бога во Неговото дело на спасување на светот. Тој сака да ги поучуваме другите и да им ги објаснуваме Божјите закони и прописи. Тој, исто така, сака да принесуваме благодарни жртви и да правиме добри дела што Му се Нему угодни. Каква привилегија и каква одговорност!

**До каква промена би требало да дојде во нашиот живот затоа што сме „царско свештенство“? Како оваа вистина треба да влијае на нашиот начин на живот?**

# ИСУС Е ПОСРЕДНИК НА ПОДОБРИОТ ЗАВЕТ

Текстот во Посланието до Евреите од 8 до 10. глава, се фокусира на Исусовото дело како Посредник на новиот Завет. Проблемот со стариот завет едноставно се огледувал во фактот дека тоа било само навестување за нешто добро што ќе дојде. Неговите поставки биле осмислени однапред да го претставаат, да го доловат делото што Исус ќе го изврши во иднина. Така, свештениците биле претслика на Исус, и покрај фактот дека тие биле само смртни и грешни луѓе. Тие не можеле да го достигнат совршенството што го достигнал Исус и служеле во светилиште кое било само „образец и сенка“ (Евреите 8,5) на небесното светилиште.

За разлика од нив, Исус служи во вистинското светилиште и ни обезбедува пристап до Бога. Жртвуваните животни ја претскажувале Исусовата смрт како жртви во наша корист, но нивната крв не можела да ја исчисти совеста. Меѓутоа, Исусовата крв ја чисти нашата совест и преку Него, врз основа на верата во Него и прифаќањето на Неговото посредничко дело во наша полза, ние можеме слободно да му пристапуваме на Бога (Евреите 10,19-22).

**Што ни ветил Бог во рамките на новиот завет? Евреите 8,8-12**

Со назначувањето на Исус за наш Првосвештеник, Таткото го означил почетокот на валидноста на новиот завет, во чиишто рамки ќе се оствари она што стариот завет можел само да го навести. Новиот завет го обезбедува она што може да го понуди само совршениот и вечен божествено-човечки Свештеник. Тој Првосвештеник не само што го објаснува Божјиот закон, туку го всадува во нашите срца. Тој принесува жртва која носи проштавање. Тој нѐ чисти и преобразува. Тој го претвора нашето камено срце во месно (Езекиел 36,26). Тој навистина одново нѐ создава (2. Коринќаните 5,17). Тој Свештеник нѐ благословува на најневеројатен начин, доведувајќи нѐ лично во присуство на Отецот.

Бог го осмислил стариот завет за да укаже на иднината, на Исусовото дело. Тој бил прекрасно осмислен и имал благородна цел. Сепак, некои погрешно ја разбрале неговата цел. Не сакајќи да ги напуштат симболите и сенките, и да ги прифатат вистините на кои укажувале симболите, тие ги пропуштиле прекрасните придобивки што им ги нудела Исусовата служба.

„Христос бил темел на животот на Храмот. Неговите служби биле слика на жртвата на Божјиот Син. Свештеничкото звање е воспоставено за да го прикаже Христовиот посреднички карактер и неговото дело. Целокупниот план на жртвеното богослужение било претслика на смртта на Спасителот за откуп на светот. Овие жртви нема да имаат никакво значење кога ќе биде исполнет големиот настан на кој со векови укажувале“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 165 оригинал).

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

И покрај сите извонредни и охрабрувачки вистини содржани во Посланието до Евреите, во него наоѓаме и низа предупредувања, кои својата кулминација ја достигнуваат во делот на текстот од 10. до 12. глава. Овие делови имаат најмалку два заеднички елементи. Прво, сите тие ја споредуваат пустинската генерација Евреи со читателите на ова Послание. Второ, тие нѐ поттикнуваат сите нас да имаме вера.

Пустинската генерација е таа што ја видела неверојатната Божја сила, која моќно се пројавила преку знаци и чуда за време на нивното избавување од Египет. Тие, исто така, слушале како Бог, од планината Синај, ги изговара Десетте заповеди. Ноќе гледале столб од оган, а дење облак што ги штител. Јаделе мана, леб од небото. Пиеле вода што извирала од карпите, каде и да го постават логорот. Но, кога стигнале до границата на Ветената земја, не нашле сила да му веруваат на Бога. Ним им недостасувала вера, што е срцевината на она што Бог го бара. „А без вера не е можно да Му се угоди на Бога“ (Евреите 11,6).

Павле вели дека и ние, како и пустинската генерација, се наоѓаме на границата на Ветената земја (Евреите 10,37-39). Меѓутоа, нашите предности и одговорности сепак се поголеми. Ние не сме го слушале Бога како проговара од Синај, но преку Светото писмо согледуваме откровение на Бога кое е уште поголемо од она на гората Сион – Бог во тело, Исуса Христа (Евреите 12,18-24). Затоа се поставува прашањето: Дали ние ќе имаме вера? Авторот на ова послание нѐ охрабрува да го следиме примерот на низата херои на верата – низа на чиј врв е самиот Исус Христос.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Дознавме дека Исус е нашиот Јунак, кој влегува пред нас во битката против ѓаволот. Како можеме да се бориме заедно, обединети, како црквата која стои зад својот Јунак? Што е тоа што спречува да дојде до тоа единство? На кои сѐ начини сатаната може да нѐ ослаби како црква? Како сатаната го слабеел Израел во минатото?**
2. **Како верници, ние сме заедница на свештеници под Божје водство. На кои сѐ начини вашата локална црква може да му принесе уште подобри жртви на Бога и да прави уште подобри дела? Бидете конкретни и практични во вашите предлози.**
3. **Во што е нашата ситуација слична со ситуацијата на пустинската генерација непосредно пред да преминеме во Ветената земја? Кои поуки можеме да ги извлечеме од тие сличности?**

**Поука 3**
**Од 8 – 14 јануари 2022**

# ВЕТЕНИОТ СИН



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Исаија 2,2.3; Евреите 1,1-4; 2. Мојсеева 24,16.17; Исаија 44,24; Евреите 1,10; Лука 1,31.32; Евреите 1,5.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Бог... во последниве денови ни зборува преку Синот, Кого Го постави за наследник над сè, преку Кого ги создаде и вековите. Тој е одблесок на Божјата слава и отпечаток на Неговата суштина и држи сè со Својот моќен збор. Откако преку Себе ги очисти нашите гревови, седна од десната страна на престолот на Севишниот во висините“ (Евреите 1,1.2.3).**

Веднаш откако Адам и Ева згрешиле, Бог им ветил „семе“ – Син кој ќе ги избави од непријателот, ќе го врати изгубеното наследство и ќе ја исполни целта за која се создадени (1. Мојсеева 3,15). Тој Син ќе ги претставува и ќе ги откупи, со тоа што ќе го заземе нивното место и, на крајот, ќе ја уништи змијата.

„Кога Адам и Ева првпат го чуле ветувањето, очекувале тоа бргу да се исполни. Тие радосно го поздравиле раѓањето на својот првенец, надевајќи се дека можеби тој ќе биде Избавителот. Меѓутоа, исполнувањето на ветувањето се одолжило“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 31 оригинал). Тоа ветување подоцна му било потврдено на Аврама. Бог му се заколнал дека ќе има „семе“ – Син преку кој сите народи на земјата ќе бидат благословени (1. Мојсеева 22,16-18; Галатјаните 3,16). Истото го сторил и со Давида. Му ветил дека Бог ќе го постави неговиот потомок како свој Син и ќе го утврди како праведен владетел над сите цареви на земјата (2. Самоилова 7,12-14; Псалм 89,27-29). Но, она што Адам и Ева, Аврам и Давид веројатно не можеле ни да го замислат, е дека нивниот Син-Откупител ќе биде Бог лично.

## ВО ОВИЕ ПОСЛЕДНИ ДЕНОВИ

Првиот стих од Посланието до Евреите открива дека Павле верувал дека живее во „последните денови“. Кога зборува за иднината, Светото писмо користи два израза кои имаат различно значење. Пророците го користеле изразот „последно време“ или „последни денови“ кога зборувале за иднината воопшто (5. Мојсеева 4,30.31; Еремија 23,20). Но, пророкот Даниел употребил друг израз – „крајот од времето“, зборувајќи поконкретно за последните денови од историјата на земјата (Даниел 8,17; Даниел 12,4).

**Прочитајте ги следните текстови: 4. Мојсеева 24,14-19; Исаија 2,2.3. Што ветил Бог дека ќе стори за својот народ „по извесно време“, „во последните дни“.**

Неколку старозаветни пророци најавиле дека „во последните денови“ Бог ќе подигне Цар кој ќе ги уништи непријателите на Неговиот народ (4. Мојсеева 24,14-19) и кој ќе ги привлече сите други народи кон Израел (Исаија 2,2.3). Павле тврди дека овие ветувања се исполниле во Исуса. Тој го победил сатаната и, преку објавување на Евангелието, ги привлекува сите народи кон себе (Колошаните 2,15; Јован 12,32). Во таа смисла, тогаш, „последните денови“ веќе започнале, бидејќи Исус ги исполнил Божјите ветувања.

Нашите духовни татковци умреле со вера. Овие ветувања тие ги виделе и ги поздравиле „оддалеку“, но не ги примиле. Од друга страна, ние го гледаме нивното исполнување во Исуса.

Да размислиме сега за момент за Исуса и за Божјите ветувања. Отецот ветил дека ќе ги воскресне своите деца (1. Солуњаните 4,15.16). Прекрасната вест е таа дека Тој со Исусовото воскресение го означил почетокот на воскресението на неговите деца (1. Коринќаните 15,20; Матеј 27,51-53). Отецот ветил и ново создавање (Исаија 65,17). Тој почнал да го исполнува ова ветување создавајќи нов духовен живот во нас (2. Коринќаните 5,17; Галатјаните 6,15). Тој, исто така, ветил дека ќе го воспостави своето вечно царство (Даниел 2,44). Тој го основал тоа царство на тој начин што нè избавил од власта на сатаната и го поставил Исуса за наш владетел (Матеј 12,28-30; Лука 10,18-20). Меѓутоа, ова е само почеток. Она што го започнал со првото доаѓање на Исус, Отецот ќе го доврши при своето второ доаѓање.

**Разгледајте ги сите ветувања што Бог ги исполнил во минатото. Како ова може да ни помогне да му веруваме во врска со ветувањата што сè уште не се исполниле?**

# БОГ НИ ЗБОРУВА ПРЕКУ СВОЈОТ СИН

**Прочитајте Евреите 1,1-4. Која е централната мисла во овие стихови?**

---

Во изворниот грчки јазик, целиот текст на Евреите 1,1-4 се состои од само една реченица, за која се тврди дека е најубавата во целиот Нов завет, со оглед на вештината на употребениот реторички израз. Нејзината главна порака е дека Бог ни се обратил преку својот Син, Исус.

Од перспектива на Евреите од првиот век од новата ера, тие долго време не ја слушнале Божјата реч. Последното откровение спомнато во пишаната Божја реч дошло преку пророкот Малахија и преку службата на Езра и Неемија четири века пред тоа. Но сега, преку Исуса, Бог повторно им се обраќа.

Сепак, Божјото откровение преку Исуса било од повисок ранг во однос на откровенијата што Бог им ги давал преку пророците, бидејќи Исус е повозвишен пат на откровение. Тој е самиот Бог, кој ги создал небото и земјата и управува со вселената. Павле никогаш не го довел во прашање Христовото божество. Според него, тоа е сè, само не претпоставка.

Исто така, за Павле, Стариот Завет бил Божја реч. Истиот Бог, кој зборувал во минатото, продолжува да зборува и во сегашноста. Стариот завет го пренесувал вистинското познавање на Божјата волја.

Меѓутоа, неговото поцелосно значење можело да се разбере дури кога Синот стигнал на земјата. Во умот на Павле, откровението на Отецот преку Синот го дало клучот за разбирање на вистинската широчина на Стариот завет, исто како што сликата на кутијата со сложувалки го дава клучот за наоѓање на вистинското место за секој дел од неа. Така, Исус изнел на виделина голем дел од Стариот завет.

Во меѓувреме, Исус станал наш претставник и Спасител. Тој го зазел нашето место во борбата и ја победил змијата. Слично на ова, во Посланието до Евреите, Исус за верниците е „Зачетник“ или „Поглавар“ на спасението и „вечен Првосвештеник“ (Евреите 2,10; Евреите 6,20). Тој се бори за нас и нè претставува. Тоа исто така значи дека она што го направил за Исуса, нашиот Претставник, Отецот сака да го направи и за нас. Оној што го возвишил Исуса и го поставил од Неговата десна страна, сака и ние да седнеме со Исуса на Неговиот престол (Откровение 3,21). Пораката што Бог ни ја испраќа преку Исуса, го вклучува не само она што Исус го рекол, туку и она што Отецот го направил со Него и преку Него, сè за нашата сегашна и вечна полза.

**Што за вас значи тоа што Исус – Бог – дошол на оваа земја. Зошто оваа вистина треба да ни влее толку многу надеж?**

## ТОЈ Е ОТСЈАЈ НА БОЖЈАТА СЛАВА

**Прочитајте Евреите 1,2-4. Какви подробности во врска со Исуса учиме од овој текст?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Во овој отсек ќе се сосредоточиме на делот од текстот кој вели: „Тој е одблесок на Божјата слава и отпечаток на Неговата суштина..." (Евреите 1,3).

**Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 24,16.17; Псалм 4,6; Псалм 36,9 и Псалм 89,15. Како овие текстови ни помагаат да разбереме што претставува Божјата слава?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Во Стариот завет, Божјата слава се однесува на Неговото видливо присуство меѓу Неговиот народ (2. Мојсеева 16,7; 2. Мојсеева 24,16.17; 3. Мојсеева 9,23; 4. Мојсеева 14,10). Ова присуство често се поврзува со светлина или сјај.

Светото писмо нè известува дека Исус е светлината што дошла на овој свет за да ја открие Божјата слава (Евреите 1,3; Јован 1,6-9.14-18; 2. Коринќаните 4,6). Замисли, на пример, како изгледал Исус за време на преобразувањето. „И се преобрази пред нив; и лицето Негово светна како сонце, а алиштата Му станаа бели како светлина" (Матеј 17,2).

Исто како што сонцето не може да се забележи поинаку освен преку отсјајот на неговата светлина, така и Бог се спознава преку Исуса. Од наша перспектива, тие две се едно. Бидејќи Божјата слава е светлина сама по себе, нема разлика меѓу Бога и Исуса во битието и карактерот, исто како што нема разлика меѓу светлината и нејзиниот сјај.

Евреите исто така велат дека Исус е „отпечаток" на битието на Отецот (Евреите 1,3). Поентата на оваа метафора е дека постои совршено соодветство во битието – во суштината – меѓу Отецот и Синот. Имајте на ум дека човечките суштества го носат Божјиот лик, но не и Неговата суштина (1. Мојсеева 1,26). Меѓутоа, Синот ја дели истата суштина со Отецот. Не е ни чудо што Исус рекол: „Кој Ме видел Мене, Го видел Отецот" (Јован 14,9).

**Зошто веста дека Исус ни го открива карактерот на Отецот и Неговата слава е толку извонредна? Што ни кажува Исус, каков е Отецот?**

## ПРЕКУ КОГО ТОЈ ЈА СОЗДАЛ ВСЕЛЕНАТА

Посланието до Евреите потврдува дека Бог го создал светот „од“ (со „посредство“, заб. на прев.) или „преку“ Исуса, и дека Исус го одржува светот со својата моќна реч.

**Прочитајте ги следните текстови: Исаија 44,24; Исаија 45,18 и Немија 9,6. Бидејќи Господ потврдил во Стариот завет дека „сам“ го создал светот и дека Тој е „единствениот Бог“, како можеме да ги усогласиме овие тврдења со новозаветните тврдења дека Бог ја создал вселената „преку“ Исуса (Евреите 1,2.3)?**

---

Некои мислат дека Исус бил само средство со помош на кое Бог создавал. Тоа е невозможно. Прво, за Павле, Исус е Господ кој го создал светот. Тој не бил само помошник. Во Евреите 1,10 читаме дека Исус Господ ги создал небото и земјата, а покрај тоа, Павле го применува на Него и она што е кажано во Псалм 102,25-27 за Господа (Јахве) како Создател. Второ, во стихот Евреите 2,10 се вели дека вселената е создадена „од“ или „преку“ Отецот. (Токму истите термини што се применуваат на Исуса во Евреите 1,2). Отецот создавал, и Исус создавал (Евреите 1,10; Евреите 2,10). Постои совршена усогласеност на намерите и дејствијата меѓу Отецот и Синот. Тоа е дел од тајната на Тројството. Исус создавал и Бог создавал, но постои само еден Создател, Бог – што доведува до заклучок дека Исус е Бог.

Во меѓувреме, Евреите 4,13 укажува на тоа дека Исус едновремено е и Судија. Неговиот авторитет да суди и да владее произлегува од фактот дека Бог создал сè и дека Тој ја одржува вселената (Исаија 44,24-28).

Евреите 1,3 и Колошаните 1,17 потврдуваат дека Исус исто така ја одржува вселената. Тоа дело на одржување веројатно ја опфаќа мислата за водство или управување. Грчкиот збор pheron (одржување, носење) се користи за да го опише ветерот што управува со бродот (Дела 27,15.17) или Бога кој ги води пророците (2. Петрово 1,21). Според тоа, во многу реална смисла, Исус не само што нè создал, туку и нè одржува во живот. Секој здив, секое отчукување на срцето, секој момент од нашето постоење има свое потекло од Него, Исус – основата на сè што е создадено.

**Побарајте го текстот Дела апостолски 17,28. Запрашајте се што сè ни кажува за Исуса и за Неговата сила. А потоа размислете што значи тоа што истиот Исус умрел на крстот заради нашите гревови. Што можеме да научиме од оваа вистина за карактерот на нашиот Господ, кој е подготвен на такво самооткажување?**

## „ЈАС ТЕ РОДИВ ДЕНЕС“

Стихот Евреите 1,5 ги бележи следниве зборови што Отецот му ги упатил на Исус: „Ти си Син Мој, Јас Те родив денес.“ Што значи тоа дека Исус е „роден“, и кога се случило тоа? Покажува ли ова дека Бог некако го создал Исуса во минатото, како што многумина веруваат?

**Прочитајте ги следните текстови: Евреите 1,5; 2. Самоилова 7,12-14; Псалм 2,7 и Лука 1,31.32. Кое ветување, упатено до Давид, го применил Павле на Исуса во Посланието до Евреите?**

---

Исус е роден во смисла дека бил поставен или „посвоен“ од Бога како ветен владетел, син Давидов. Поимот на божествено усвојување на владетели бил вообичаен во грчко-римскиот свет и на истокот. Ова на владетелот му давало легитимност и моќ над земјата.

Меѓутоа, Бог му ветил на Давида дека неговиот Син ќе биде вистинскиот легитимен владетел на народот. Тој ќе го „посвои“ Давидовиот син како свој Син. Преку овој процес, Царот од Давидовата лоза ќе стане Божји штитеник и Негов наследник. Заветот е исполнет во Исуса како Син Давидов. Бог ќе ги победи Неговите непријатели и ќе му ги даде народите како негово наследство (Псалм 89,27; Псалм 2,7.8).

Како што читаме во Римјаните 1,3.4 и во текстот Дела 13,32.33, Исус бил јавно прогласен за Божји Син. Исусовото крштевање и преобразување биле моментите кога Бог го именувал и го прогласил Исуса за Свој Син (Матеј 3,17; Матеј 17,5).

Сепак, според Новиот завет, Исус станал „Син Божји во силата“ кога воскреснал и седнал од десната страна на Бога. Во тој момент, Бог го исполнил своето ветување што му го дал на Давида дека неговиот син ќе го посвои како свој и дека неговиот престол над народите ќе биде воспоставен засекогаш (2. Самоилова 7,12-14).

Затоа, Цезар (како симбол на Рим) не бил легитимен „Божји син“, владетел на народот. Тоа бил Исус Христос. Исусовото „раѓање“ се однесувало на почетокот на Неговото владеење над народите, а не на почетокот на Неговото постоење, бидејќи Исус постоел отсекогаш. Немало време во кое Исус не постоел, бидејќи Тој е Бог.

Всушност, Евреите 7,3 наведува дека Исус „немаше ниту почеток на дните, ниту крај на животот“ (спореди со Евреите 13,8) бидејќи Тој е вечен. Затоа, идејата за Исус како Божји „Единороден Син“ не се однесува на Христовата природа како божество, туку на Неговата улога во планот на спасението. Со своето отелотворување, Христос ги исполнил сите заветни ветувања.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Доаѓајќи на земјата како Син Божји, Исус едновремено исполнил неколку улоги. Најнапред, како свет Божји Син, Исус дошол да ни го открие Отецот. Со своите постапки и зборови, Исус ни покажал каков е, всушност, Отецот и зошто можеме да Му веруваме и да Му бидеме послушни.

Исус, исто така, дошол како најавен Давидов, Аврамов и Адамов син, преку кого Бог ветил дека ќе го победи непријателот и ќе завладее со светот. Според тоа, Исус дошол да го заземе Адамовото место на чело на човештвото и да ја исполни првобитната намера што Бог ја имал за луѓето (1. Мојсеева 1,26-28; Псалм 8,3-8). Исус дошол како праведен владетел каков што Бог отсекогаш сакал овој свет да го има.

„Зборовите што му се упатени на Исуса на Јордан ’Ова е Син мој, Сакан мој што го одбрав‘ – го прегрнале целиот човечки род. Бог му проговорил на Исуса како на наш претставник. Покрај сите наши гревови и слабости, не сме отфрлени како безвредни. Тој ’ни укажа милост (не прифати) во Сакaниот' (Ефесјаните 1,6). Славата што почивала врз Христа е залог на Божјата љубов за нас... Светлината што доаѓала од отворените капии врз главата на Спасителот ќе доаѓа и врз нас додека се молиме за помош да му се спротивставиме на искушението. Гласот што му зборувал на Исуса и кажува на секоја верна душа: ’Ова е Син мој, Сакан мој што го одбрав’“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 113 ориг.).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Дознавме дека кога подобро ги разбираме Исусовите зборови и постапки, тоа ни помага подобро да го разбереме и Бог Отецот. На кои сè начини подоброто разбирање за Исус треба да го збогати нашиот однос со Бог Отецот?**
2. **Научивме дека Бог сака да разговара со нас и да постапува кон нас исто како што зборувал и постапувал со Исуса. Што ни кажува ова за начинот на кој ние треба да се однесуваме кон другите?**
3. **Задржете се во мислите на значењето на Христовото вечно божество. Што се губи ако веруваме дека Исус во одреден момент, на некој начин, бил создадено суштество, како нас, но отишол на крстот? Споредете ја таа мисла со реалноста дека Христос е вечен Бог и дека Тој лично отишол на крстот. Која е големата разлика меѓу овие две идеи?**
4. **Разговарајте во класата за оддавањето слава на Бога. Прочитајте Откровение 14,7. Во која смисла славењето на Бога е составен дел на сегашната вистина и на пораките на тројцата ангели?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 4**
**Од 15 – 21 јануари 2022**

# ИСУС – НАШ ВЕРЕН БРАТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 3. Мојсеева 25,25-27; Евреите 2,14-16; Евреите 11,24-26; 1. Коринќаните 15,50; Евреите 5,8.9; Евреите 12,1-4.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А бидејќи децата се учесници во телото и крвта, така и Тој зеде еднакво учество во тоа, та преку смртта да го победи оној што ја има власта над смртта, односно ѓаволот“ (Евреите 2,14).**

Во првата глава од Посланието до Евреите, за Исус се зборува како Син Божји, владетел над ангелите, кој е „одблесок на Божјата слава и отпечаток на Неговата суштина“ (Евреите 1,3). Во 2. глава, Исус е Син човечки, кој бил направен малку помал од ангелите и ја усвоил човечката природа со сите нејзини слабости, дури и до смрт (Евреите 2,7).

Во Посланието до Евреите 1. глава, Бог за Исуса кажува: „Ти си Син Мој“ (Евреите 1,5). Во 2. глава, Исус зборува за човечките деца како негови „браќа“ (Евреите 2,12).

Во 1. глава, Отецот го прогласува божествениот суверенитет на Синот (Евреите 1,8-12). Во 2. глава, Синот ја потврдува својата верност кон Отецот (Евреите 2,13).

Во 1. глава, Исус е Господ, Создател, Одржувач и Суверен. Во 2. глава, Исус е човечки Првосвештеник, милостив и верен.

Накратко, описот на Исуса како верен и милостив брат е прикажан паралелно со описот на Синот како крајна манифестација на вечниот Бог Создател (Евреите 1,1-4).

## БРАТ КАКО ОТКУПИТЕЛ

**Прочитајте го текстот 3. Мојсеева 25,25-27.47-49. Кој може да откупи лице кое го загубило својот имот или слобода поради сиромаштија?**

---

Мојсеевиот закон предвидувал дека оние што толку многу ќе осиромашат и се принудени да го продадат својот имот – па, дури и самите себе – за да преживеат, можат да го вратат својот имот или својата слобода секоја педесетта, јубилејна година. Јубилејната година била „Велика сабота", за време на која се простувале долговите, имотот бил враќан, а робовите прогласувани за слободни.

Меѓутоа, педесет години е долг период на чекање. Затоа, Мојсеевиот закон, исто така, предвидувал најблискиот роднина да може да го плати преостанатиот дел од долгот и така да го откупи својот роднина многу порано.

Најблизок роднина бил и тој што гарантирал правда во случај на убиство. Тој бил одмаздник на крвта, кој требало да го гони убиецот на својот ближен и да го казни (4. Мојсеева 35,9-15).

**Како сме опишани Исус и ние во текстот Евреите 2,14-16?**

---

---

Тој текст нè опишува како робови на ѓаволот, а Исуса како наш Искупител. Кога Адам згрешил, човечките битија потпаднале под власта на сатаната. Како резултат на тоа, ние немаме сила да му се спротивставиме на гревот (Римјаните 7,14-24). Што е уште полошо, нашиот престап бара смртна казна, која не можеме да ја платиме на друг начин (Римјаните 6,23). Споре тоа, нашата ситуација е навидум безнадежна.

Меѓутоа, Исус ја усвоил нашата човечка природа и станал тело и крв како нас. Тој станал нашиот најблизок роднина и нè откупил. Не се срамел да нè нарече „браќа" (Евреите 2,11).

Парадоксално, со тоа што ја зел нашата природа и нè откупил, Исус ја открил и својата божествена природа. Во Стариот завет, вистинскиот откупител на Израел, нивниот најблизок роднина, всушност е Јахве (Псалм 19,14; Исаија 41,14; Исаија 43,14; Исаија 44,22; Еремија 31,11; Осија 13,14).

**Како можете да научите подлабоко да ја искусите таа реална блискост со Христа? Зошто е ова искуство толку важно за вашата вера?**

## НЕ СЕ СРАМИ ДА ГИ НАРЕЧЕ БРАЌА

Според Посланието до Евреите, Исус не се срами да нè нарече Негови браќа (Евреите 2,11). И покрај тоа што бил едно со Бога, Исус нè прифатил како дел од своето семејство. Оваа солидарност е во целосна спротивност со јавното понижување што го трпеле читателите на Посланието до Евреите во своите заедници (Евреите 10,33).

**Прочитајте Евреите 11,24-26. Во која смисла, одлуките на Мојсеј биле пример за она што Исус го направил за нас?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Дали некогаш сте размислувале што значело за Мојсеја тоа што се нарекувал „син на фараоновата ќерка“? Тој бил влијателен човек во најмоќното царство во тоа време. Тој ја поминал највисоката цивилна и воена обука и станал исклучителна личност. Стефан вели дека Мојсеј бил „силен во зборови и во дела“ (Дела апостолски 7,22). Елена Вајт, исто така, вели дека бил „миленик на сите египетски чети“ и дека фараонот „одлучил да го прогласи својот посвоен внук за престолонаследник“ (видете *Патријарси и пророци*, стр. 245 оригинал). Меѓутоа, Мојсеј ги напуштил сите тие привилегии и одлучил да се поистовети со Израелците, народ на робови без образование и моќ.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 10,32.33; 2. Тимотеј 1,8.12 и Евреите 13,12-15. Што бара Бог од нас?**

______________________________________________________________

Тоа било дел од проблемот меѓу првите читатели на Посланието до Евреите. Бидејќи трпеле прогонство и отфрлање, многумина од нив почнале да се срамат од Исуса. Некои биле во опасност да го „распнуваат и хулат“ Исуса со своите постапки наместо да го прославуваат (Евреите 6,6). Затоа Павле постојано ги поттикнува своите слушатели да се „држат цврсто“ за „исповедувањето“ на нивната вера (Евреите 4, 14; Евреите 10,23).

Бог сака да го признаеме Исуса како наш Бог и брат. Како Искупител, Исус го платил нашиот долг. Како брат, тој ни покажал како треба да живееме за да бидеме „сообразни со ликот на Неговиот Син, та Тој да биде првороден меѓу многуте браќа“ (Римјаните 8,29).

**Размислете за момент за одлуката што морал да ја донесе Исус за да нè прифати како „браќа и сестри“. Зошто со она што го направил Исус се понизил многу повеќе од Мојсеја и што можеме од тоа да научиме за Божјата љубов кон нас?**

# ТЕЛО И КРВ КАКО НАС

Посланието до Евреите тврди дека Исус ја презел нашата човечка природа за да може да нѐ претставува и да умре за нас (Евреите 2,9.14-16; 10,5-10). Тоа е темел на планот на спасението и наша единствена надеж за вечен живот.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 16,17; Галатјаните 1,16; 1. Коринќаните 15,50 и Ефесјаните 6,12. Со кои недостатоци на човечката природа овие текстови го поврзуваат изразот „тело и крв“?**

Изразот „тело и крв“ ја нагласува кревкоста на човечката природа, нејзината слабост (Ефесјаните 6,12), неспособноста да се разбере (Матеј 16,17; Галатјаните 1,16) и нејзината подложност на смрт (1. Коринќаните 15,50). Во Посланието до Евреите стои дека Исус бил како своите браќа „во сѐ“ (Евреите 2,17). Овој израз подразбира дека Тој станал целосно човек. Исус едноставно не „наликувал“ или „изгледал“ како човек. Тој вистински бил човек – стварно еден од нас.

Меѓутоа, Посланието до Евреите, исто така, наведува дека Исус се разликувал од нас во поглед на гревот. Прво, Исус не сторил никаков грев (Евреите 4,15). Второ, Исус бил „свет, непорочен, неосквернет, одвоен од грешниците и возвишен над небесата“ и во неговата човечка природа (Евреите 7,26). Сите ние сме згрешиле и сите имаме склоности кон зло. Нашето робување на гревот се зачнува длабоко во нашето битие. Човекот е „телесен, продаден на гревот“ (Римјаните 7,14; видете и Римјаните 7,15-20). Гордоста и другите грешни мотиви често ги расипуваат дури и нашите најдобри дела. Исусовата природа, меѓутоа, не била расипана од гревот. Така морало да биде. Зашто, ако Исус бил, како нас, „телесен, продаден на гревот“ и Нему би му бил потребен Спасител. Но, наместо тоа, Исус дошол како Спасител и се принел себеси, „без вина“ на Бога како жртва за нас (Евреите 7,26-28; Евреите 9,14).

Потоа ја срушил моќта на ѓаволот, умирајќи како безгрешна жртва за нашите гревови, и така ни овозможил проштавање и помирување со Бога (Евреите 2,14-17). Исто така, Исус ја скршил и моќта на гревот со тоа што ни дал сила да живееме праведен живот, исполнувајќи го новозаветното ветување дека ќе го запише законот во нашето срце (Евреите 8,10). Според тоа, Исус го победил непријателот и успешно нѐ ослободил, така што сега можеме „да му служиме на живиот Бог“ (Евреите 9,14). А до целосно уништување на сатаната ќе дојде на конечниот суд (Откровение 20,1-3.10).

**Зошто толку многу меѓу нас, и покрај тоа што го имаме ветувањето за победа преку Исуса, сѐ уште се борат со гревот? Во што грешиме, и што е уште поважно, како можеме да почнеме да живееме во согласност со високото звање што го имаме во Христа?**

## УСОВРШЕН ПРЕКУ СТРАДАЊЕ

**Прочитајте Евреите 2,10.17.18 и Евреите 5,8.9. Која била целта на страдањето во Исусовиот живот?**

Апостол Павле кажува дека Божја намера била „преку страдања да го усоврши“ Исуса. Тоа е неочекуван израз. За Исуса се вели дека е „одблесок на Божјата слава и отпечаток на Неговата суштина“ на Бога (Евреите 1,3), дека е безгрешен, непорочен, неосквернет и свет (Евреите 4,15; Евреите 7,26-28; Евреите 9,14; Евреите 10,5-10). Исус не морал да надминува каква било морална или етичка несовршеност. Тој бил совршен и во морална и во етичка смисла.

Сепак, во Посланието до Евреите стои дека Исус поминал низ процес на „усовршување“, што му овозможило да нè спаси. Исус бил усовршен во смисла да се оспособи да биде наш Спасител.

Исус бил „усовршен“ преку страдања за да стане Началник на нашето спасение (Евреите 2,10). Тој морал да умре како жртва на крстот, за Отецот да има законско право да нè спаси. Исус бил совршен жртвен принос – еден и единствен таков. Како Бог, Исус може да ни суди, но благодарение на Неговата жртва, Тој исто така може и да нè спаси.

Исус се научил на послушност преку страдање (Евреите 5,8). Послушноста била неопходна од две причини. Прво, послушноста ја направила неговата жртва прифатлива (Евреите 9,14; Евреите 10,5-10). Второ, страдањето му овозможило да стане наш пример (Евреите 5,9). Исус се „научил“ на послушност затоа што никогаш порано не ја искусил. На кого Тој, како Бог, морал да биде послушен? Него го слушале како вечен Син, кој е едно со Бога и Владетел на вселената. Затоа, Исус не напредувал од непослушност кон послушност, туку од суверенитет и владеење до покорност и послушност. Возвишениот Божји Син станал послушен Син човечки.

Тоа што поднесувал искушенија и ги победувал, го оспособило Исуса да биде милостив и верен Првосвештеник (Евреите 2,17.18). Меѓутоа, страдањето не го направило Исуса помилостив. Напротив, на прво место, поради неговата милост, Тој доброволно се согласил да умре на крстот за да нè спаси (Евреите 10,5-10; спореди Римјаните 5,7.8). Сепак, преку страдањата, реалноста на Исусовата братска љубов во вистинска смисла е изразена и откриена.

**Ако безгрешниот Исус страдал, сигурно е дека и ние, како грешници, ќе страдаме. Како можеме да научиме да ги поднесуваме трагедиите на животот, додека во исто време наоѓаме надеж и сигурност во Господа, кој ни ја открил својата љубов толку моќно и на толку многу начини?**

## БРАТ КАКО ПРИМЕР

Друга причина зошто Исус ја прифатил нашата човечка природа и живеел меѓу нас е таа што Тој можел да биде наш пример, единствениот кој бил во состојба да ни покаже со пример кој начин на живот е исправен пред Бога.

**Прочитајте Евреите 12,1-4. Како, според апостол Павле, треба да трчаме во трката на христијанскиот живот?**

---

Во овој текст, Исус се наоѓа на врвот на долгата низа личности што апостолот ги наведува како пример на верата. Исус се нарекува „Зачетник“ и „Довршител“ (во некои преводи „Исполнител“ или „Усовршител“; заб. на прев.) на нашата вера. Грчкиот збор *архегос* („основач“) може да се преведе и како „пионер“. Исус е пионер – водач на трката во смисла дека трча пред верниците. Всушност, во Евреите 6,20, Исус е наречен наш „претходник“ или „началник“. Зборот „Довршител“ упатува на мислата дека Исус покажал вера во Бога во најчист можен облик. Овој текст учи дека Исус бил првиот што успешно ја трчал нашата трка, но и дека Тој бил оној што ја усовршил вештината на живеење со вера.

Евреите 2,13 гласи: „И пак: ’Јас ќе се надевам на Него.‘ И одново: ’Ете Ме Мене и децата Мои што Ми ги даде Бог.‘“ Овде Исус тврди дека Тој ќе се потпира на Бога. Оваа изјава е алузија на текстот Исаија 8,17.18.

Исаија ги изговорил овие зборови кога бил соочен со страшната закана за инвазија од северен Израел и Сирија (Исаија 7,1.2). Верата на пророкот била во видна спротивност со недостатокот на вера на царот Ахаз (2. Царевите 16,5-18). Бог го охрабрил Ахаза да верува во Него и да побара знак дека Тој ќе го избави (Исаија 7,1-11). Како Давидов син, Бог веќе му ветил на Ахаза дека ќе го заштити како свој син. И сега тој милостиво му нуди да го потврди тоа ветување со знак. Меѓутоа, Ахаз одбил да побара знак и наместо тоа испратил гласници до асирскиот цар Телгат-Фелнасар, велејќи: „Јас сум твој роб и твој син“ (2. Царевите 16,7). Колку тажно! Ахаз повеќе сакал да биде „син“ на Телгат-Фелнасар отколку син Божји.

Меѓутоа, Исус имал доверба во Бога и ветил дека Тој ќе ги постави непријателите под нозе (Евреите 1,13; Евреите 10,12.13). Бог и нам ни го дава истото ветување, и ние треба да веруваме во Него, исто како и Исус (Римјаните 16,20).

**Како можеме да научиме да имаме доверба во Бога, но на тој начин што секојдневно ќе донесуваме одлуки што ја потврдуваат таа доверба? Кој е следниот важен избор што треба да го направите и како можете да бидете сигурни дека тој ја открива вашата доверба во Бога?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Стихот Евреите 2,13 ги содржи зборовите што Исус му ги упатува на Отецот, зборувајќи за своите браќа: „Ете Ме Мене и децата Мои што Ми ги даде Бог“ (Евреите 2,13). Патрик Греј сугерира дека Исус овде е опишан како чувар на своите браќа. Римското право предвидувало дека по смртта на таткото, „учителот, често постариот брат, станува одговорен за грижата за малолетните деца и за нивното наследство додека не станат полнолетни, и со тоа е нагласена природната должност на постариот брат да се грижи за своите помали браќа и сестри“ (Godly Fear: The Epistle to the Hebrews and Greco-Roman Critiques of Superstition [Atlanta: Society of Biblical Literature, 2003], p. 126). Ова објаснува зошто Посланието до Евреите нè нарекува Исусови браќа и сестри, како и Негови деца. Како наш постар Брат, Исус едновремено е и наш учител, старател и заштитник.

„Христос дошол на земјата, зел човечка природа и станал човеков претставник, за да покаже во судирот со сатаната дека човекот, таков каков што Господ го создал, кога е поврзан со Отецот и Синот, може да биде послушен на секое божествено барање“ (Ellen G. White, *Selected Messages,* book 1, p. 253).

„Во својот живот и во поуките, Христос дал совршен пример на несебична служба што има свое потекло во Бога. Бог не живее за себе. Со создавањето на светот и со одржувањето на она што го создал, постојано им служи на другите. 'Тој му заповеда на своето Сонце и тоа ги осветлува и лошите и добрите и им дава дожд на праведните и на неправедните' (Матеј 5,45). Овој идеал на служење Бог му го доверил на својот Син. На Исуса му било дадено да стои на чело на човечкиот род за да може со својот пример да подучи што значи да се служи“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 649 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Посланието до Евреите ни зборува за тоа дека Исус станал наш брат за да нè спаси. Размислете што значи тоа во однос на она што Бог го направил за да нè спаси. Тогаш, зошто вртењето грб на таа неверојатна вистина би била толку трагична грешка?**
2. **Зошто е важно за нас тоа што Исус не бил по раѓање „продаден на гревот“, како што сме ние (Римјаните 7,14)? Размислете за Мојсеј и зошто им било важно на Израелците тоа што тој не бил роб како нив. Како приказната за Мојсеј, како мал приказ, ни помага да разбереме што направил Исус за нас?**
3. **Задржете се повеќе на размислување за улогата на страдањето во нашиот живот. Зошто не смееме да помислиме дека страдањето е добро само по себе, и покрај фактот дека понекогаш од тоа може да произлезе нешто добро?**

**Поука 5**
**Од 22 – 28 јануари 2022**

# ИСУС – ОНОЈ ШТО ДАВА СПОКОЈ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 15,13-21; Евреите 3,12-19; Евреите 4,6-11; Евреите 4,1.3.5.10; 5. Мојсеева 5,12-15; Евреите 4,8-11.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Но, за народот Божји сѐ уште останува саботна починка“ (Евреите 4,9).**

Првата и втората глава од Посланието до Евреите се сосредоточува на устоличувањето на Исус како владетел и ослободител на Божјиот народ. Главите три и четири Го претставуваат како оној што ќе ни даде спокој. Таквиот развој на нарацијата има смисла кога ќе се сетиме дека заветот со Давид предвидувал дека на ветениот цар и на неговиот народ Бог ќе му даде „спокој“ – одмор од неговите непријатели (2. Самоилова 7,10.11). Тој одмор е возможен сега кога Исус седи од десната страна на Бога.

Посланието до Евреите го опишува тој одмор како спокој што му припаѓа на Бога, но и како саботна починка (Евреите 4,1-11). Бог тој спокој, кој му припаѓал Нему, им ги обезбедил на Адам и Ева. Првата сабота била доживување на совршенство со Оној што им го овозможил истото. Бог ветува и саботен одмор, бидејќи вистинското празнување на саботата го отелотворува ветувањето дека Бог ќе го обнови тоа совршенство.

Кога ја празнуваме саботата, ние се сеќаваме како Бог совршено се погрижил за нашите потреби при создавањето на овој свет и при неговото откупување на крстот. Меѓутоа, вистинското празнување на саботата, покрај тоа што, како прво и најважно, нѐ насочува назад кон Создавањето, ни нуди, во овој несовршен свет, претвкус на иднината што ни ја ветил Бог.

## ЗЕМЈАТА КАКО МЕСТО ЗА ОДМОР

**Прочитајте 1. Мојсеева 15,13-21. Што му ветил Бог на Аврама?**

Кога ги избавил Израелците од ропството во Египет, Божјата намера била да ги доведе во земјата Ханан, каде што ќе бидат слободни да Му служат и да живеат во послушност кон Него (2. Мојсеева 33,14; Исус Навин 1,13), а тоа го вклучувало и саботниот одмор кој фараонот го забранувал. Хананската земја била наследство што му било ветено на нивниот татко Аврам, бидејќи тој го послушал Божјиот глас и ја напуштил својата татковина за да замине во Ветената земја (1. Мојсеева 11,31 – 12,4).

Божјата намера во таа прилика не била тие едноставно да заземат одредена земја. Бог, всушност, ги водел кај себе (2. Мојсеева 19,4). Тој сакал тие да живеат во земја каде што ќе можат да уживаат во близок однос со Него, без никакви пречки, но и да му сведочат на светот за тоа кој е вистинскиот Бог и што му обезбедува Тој на својот народ. Како и саботата при создавањето, Хананската земја била само рамка што им овозможила на луѓето близок однос со својот Откупител и уживање во Неговата добрина.

Во стиховите 5. Мојсеева 12,1-14, Господ му кажува на народот дека ќе најде вистински одмор не тогаш кога ќе влезат во земјата, туку кога ќе ја очистат од идолопоклонството. Потоа Бог, на Избраните, ќе им го покаже местото каде што ќе живее меѓу нив.

**Прочитајте 2. Мојсеева 20,8-11 и 5. Мојсеева 5,12-15. Кои два настани го обележуваат саботниот одмор и на кој начин тие се поврзани?**

Саботата при создавањето Бог ја поврзал со избавувањето од Египет. Тој му наложил на Израел да ја празнува саботата како спомен на создавањето и ослободувањето од Египет. Така, создавањето и спасението се содржани во заповедта за саботата. Како што ние самите себе не сме се создале, така не можеме ниту сами себе да се спасиме. Тоа е дело коешто само Бог може да го изврши, а ние со одморањето признаваме дека зависиме од Него, не само за нашето постоење, туку и за нашето спасение. Држењето на саботата е моќен израз на спасението со вера.

**Како празнувањето на саботата може да ни помогне да станеме свесни за нашата целосна зависност од Бога, не само во поглед на нашето постоење, туку и во поглед на нашето спасение?**

## ПОРАДИ НЕВЕРУВАЊЕ

**Прочитајте Евреите 3,12-19. Зошто Израел не можел да влезе во ветениот спокој?**

______________________________________________________________________

Жално е што оние што биле избавени од Египет не успеале да влезат во спокојот што Бог им го ветил. Кога стигнале во Кадис-Барнеа, на самата граница на Ветената земја, Израелците ја немале верата што им била потребна. Тринаесеттата и четиринаесеттата глава од 4. Мојсеева зборува за тоа дека согледувачите му донеле на израелскиот народ „ужасни гласови меѓу синовите израелски за земјата, што ја беа разгледале“ (4. Мојсеева 13,33). Тие, впрочем, потврдиле дека земјата е добра, но предупредиле и на тоа дека жителите се силни, дека нивните градови се утврдени и дека нема да бидат во состојба да ги освојат.

Халев и Исус Навин се согласиле со тоа дека земјата е добра, а не го негирале ни фактот дека луѓето таму биле силни и дека нивните градови биле утврдени. Но, тие исто така го спомнувале и тоа дека Бог е со нив и дека Тој ќе ги воведе во таа земја (4. Мојсеева 14,7-9). Сепак, луѓето што гледале како Бог го уништил Египет со десетте зла (2. Мојсеева 7 – 12), како ја сотрел фараоновата војска во Црвеното Море (2. Мојсеева 14), како им обезбедувал леб од небото (2. Мојсеева 16) и вода од карпа (2. Мојсеева 17), и го откривал своето постојано присуство преку облакот што ги предводел (2. Мојсеева 40,36-38) – истите тие луѓе сега пропуштиле да имаат доверба во него. Со трагична иронија, генерацијата што видела толку моќни пројави на Божјата сила, станала симбол на неверување (Немија 9,15-17; Псалм 106,24-26; 1. Коринќаните 10,5-10).

На своите деца Бог им ветува дарови што се надвор од човечкиот дофат. Тоа е и причината зошто тие се засновани на благодатта и се достапни само преку верата. А во врска со ветувањето што го примил Израел, стихот Евреите 4,2 објаснува дека „словото, што го беа чуле, не им донесе полза, бидејќи оние што го беа чуле не поверуваа“.

Израел патувал до границите на ветената земја како народ. Меѓутоа, кога се соочиле со спротивставени извештаи, луѓето се поистоветиле со оние на кои им недостасувала вера. Верата, како и недостигот од неа, е заразна. Тоа е причината зошто Посланието до Евреите ги предупредува своите читатели да се „храбрат“ еден со друг (Евреите 3,13), да се поттикнуваат „кон љубов и добри дела“ (Евреите 10,24), и да се грижат „да не би некој да се лиши од Божјата благодат“ (Евреите 12,15).

**На кои сè начини можете да придонесете околу градењето на верата на другите верници? Како може да се утврдите во тоа никогаш да не кажувате или правите нешто што би ја ослабнало верата на другите?**

## „ДЕНЕС, КОГА ЌЕ ГО ЧУЕТЕ ГЛАСОТ НЕГОВ... “

**Прочитајте Евреите 4,4-8. Кое е значењето на тоа да се влезе во спокојот „денес“, и каква е поврзаноста со празнувањето на саботата?**

---

Неверувањето ја спречило пустинската генерација да го доживее одморот што Бог го ветил, но Тој продолжил да го опоменува својот народ да не го затврдне срцето и да влезе во Неговиот спокој. Павле повеќе пати повторува дека Божјето ветување е „оставено“ (Евреите 4,1.6.9). Тој ги користи грчките глаголи kataleipō и apoleipō, нагласувајќи дека ветувањето за влегување во Неговиот (Божјиот) спокој и понатаму важи. Фактот дека повикот да се влезе во тој спокој се повторил во времето на Давид (Евреите 4,6.7, повикувајќи се на Псалм 95), подразбира дека ветувањето сè уште не е целосно исполнето и дека сè уште можеме да се повикуваме на него. Всушност, Павле сугерира дека доживувањето на вистинскиот саботен спокој е овозможено уште од времето на Создавањето (Евреите 4,4.4).

Бог и нас „денес“ нè повикува да влеземе во Неговиот спокој. „Денес“ е клучен поим во целото Свето писмо. При обновувањето на заветот на Израел со Бога на границите на Ветената земја, Мојсеј особено ја истакнал важноста на поимот „денес“ (5. Мојсеева 5,3; споредете со текстовите: 5. Мојсеева 4,8; 5. Мојсеева 6,6, итн.). Тоа било време за размислување за да ја спознаат Божјата верност (5. Мојсеева 11,2-7) и момент да донесат одлука да му бидат послушни на Господа (5. Мојсеева 5,1-3). Слично на тоа, Исус Навин му упатува повик на народот од своето време: одберете си сега, кому да му служите“ (Исус Навин 24,15).

На ист начин, „денес“ е и за нас време на одлука, време на можност, но и опасност, како што било отсекогаш за Божјиот народ (види 2. Коринќ. 6,2). Изразот „денес“ се појавува петпати во 3. и во 4. глава на Посланието до Евреите. Тој нагласува колку е важно да го послушаме Божјиот глас (Евреите 3,7.15; 4,7), затоа што ако не го слушаме Бога и ако не веруваме во Неговата реч, тоа води до непокорност и затврднување на срцето. Може дури и да го одложи нашето влегување во небесниот Ханаан, исто како што ја спречило пустинската генерација да влезе во овоземниот.

Но, Исус ги победил нашите непријатели (Евреите 2,14-16) и воспоставил нов завет (Евреите 8-10) за да можеме „слободно“ да стапиме во Божјото присуство (Евр. 4,14-16). Затоа, повикот што е упатен до нас „денес“ е повик да го признаеме фактот дека Бог ни е верен и дека ни ги дава сите причини да ја прифатиме Неговата понуда веднаш, без одлагање.

**Кои духовни одлуки мора да ги донесете „денес“, наместо да ги одложувате за некое друго време? Какви искуства сте имале во минатото кога сте одложиле нешто за кое сте знаеле дека Бог сака да го направите веднаш?**

## ВЛЕГУВАЊЕ ВО НЕГОВИОТ СПОКОЈ

**Прочитајте Евреите 3,11 и Евреите 4,1-3.5.10. Како Бог го карактеризира одморот во кој нѐ повикува да влеземе?**

И заповедта за саботата во текстот 2. Мојсеева 20,8-11 и нејзиното повторување од страна на Мојсеј во текстот 5. Мојсеева 5,12-15 нѐ повикуваат да се сеќаваме што направил Бог за нас. Како што видовме, она што Бог го напишал на камените плочи, нѐ упатува на довршување на Неговото дело на Создавање (2. Мојсеева 31,18; 34,28). Во 5. Мојсеева, на Израел му било наложено да ја држи саботата имајќи го предвид довршеното Божје дело на избавување од египетското ропство. Излегувањето од Египет однапред упатувало на делото на избавување од гревот што Христос го остварил на крстот кога рекол: „Се сврши“ (Јован 19,30). Така саботата е двојно благословена, и впрочем, особено значајна за христијаните.

**Прочитајте Евреите 4,9-11.16. Што сме повикани да правиме?**

Саботниот одмор го слави фактот дека Бог го довршил своето дело на создавање (1. Мојсеева 2,1-3; 2. Мојсеева 20,8-11) или откуп (5. Мојсеева 5,12-15). Слично на тоа, со Исусовото устоличување во небесниот храм се прославува тоа што Тој го довршил принесувањето на совршена жртва за нашето спасение (Евреите 10,12-14).

Забележете дека Бог се одморил дури тогаш кога ја обезбедил нашата благосостојба. При Создавањето, Бог се одморил кога го довршил создавањето на светот. Подоцна, Бог си отпочинал во храмот, но дури тогаш кога освојувањето на земјата што му била ветена на Аврам било завршено со победите на Давид, а Израел живеел „без страв“ (1. Царевите 4,21-25; споредете со 2. Мојсеева 15,18-21; 5. Мојсеева 11,24; 2. Самоилова 8,1-14). Бог изградил куќа за себе дури тогаш откако царот и народот имале куќи за себе.

**Како можеме уште сега да влеземе во Неговата починка? Односно, како можеме да почиваме со вера во сигурноста на спасението што го имаме во Христа, а не во самите себе?**

## ПРЕТВКУС НА НОВОТО СОЗДАВАЊЕ

**Споредете ги следните текстови: 2. Мојсеева 20,8-11; 5. Мојсеева 5,12-15 и Евреите 4,8-11. Кои разлики ги забележувате во нив во поглед на значењето на саботниот одмор?**

Како што веќе видовме, овие текстови во 2. Мојсеева и во 5. Мојсеева нè повикуваат да се навратиме на минатото. Тие нè поттикнуваат да се одмораме во сабота за да ги прославуваме Божјите достигнувања остварени при создавањето и откупувањето. Меѓутоа, Евреите 4,9-11 нè повикува да гледаме кон иднината. Тоа ни кажува дека Бог ни подготвил саботен одмор што е во иднина. Тој предлага една нова димензија на празнување на саботата. Саботниот одмор не е само потсетување на Божјите победи во минатото, туку и прославување на Божјите ветувања за иднината.

Таа идна димензија на празнување на саботата отсекогаш била присутна, но честопати и занемарувана. По падот во грев, таа подразбирала ветување дека Бог еден ден, преку Месија, ќе му ја врати својата првобитна слава на создадениот свет. Бог ни заповедал да го славиме Неговото дело на спасение со држење на саботата, бидејќи саботата укажува на кулминацијата на спасението што се огледува во новото создавање. Почитувањето на саботата е исчекување на небото во овој несовршен свет.

Ова отсекогаш било јасно во еврејската традиција. „Животот на Адам и Ева“, старозаветен псевдоепиграф, дело создадено меѓу 100. година пред нашата ера и 200. од нашата ера, на стр. 18. вели: „Седмиот ден е знак на воскресението, одмор на добата што настапува“ („Life of Adam and Eve“, The Old Testament Pseudepigrapha, by James H. Charlesworth, p. 18). Друг древен еврејски извор вели: „Претстојното доба е ’ден кој целосно ја претставува саботната почивка за вечноста‘“ (Jacob Neusner, The Mishnah, a New Translation [New Haven: Yale University Press, 1988], p. 873). Во делото на рабинот Акива, според еден подоцнежен извор, се наведува следново: „Израел рекол пред Светиот и Благословениот: ’Господару на светот, ако ги почитуваме заповедите, каква награда ќе примиме?‘ Тој одговорил: ’Иден свет‘. Тогаш Му рекле: ’Покажи ни како ќе изгледа тој.‘ И им ја покажал саботата“ (Theodore Friedman, *„The Sabbath Anticipation of Redemption,“* Judaism: A Quarterly Journal, vol. 16, pp. 443, 444).

Сабота е време за славење, радост и благодарност. Кога ја празнуваме саботата, покажуваме дека веруваме во Божјите ветувања, дека го прифаќаме Неговиот дар на благодат. Саботата е олицетворение на жива, активна вера. А што се однесува до делата, почитувањето на саботата е веројатно најцелосниот израз на нашето уверување дека сме спасени со благодат преку верата во Него.

**Како можете да научите да ја празнувате саботата на начин кој навистина го одразува нашето разбирање на спасението преку вера, независно од делата на законот? Како одморањето во сабота претставува израз на спасението по благодат?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Многу е важно тоа што во Посланието до Евреите Павле го користи саботниот одморот а не неделата, како симбол на спасението со благодат што ни го нуди Бог. Спомнувањето на саботниот одмор на овој начин подразбира дека верниците ја негувале и ја почитувале саботата. Меѓутоа, од вториот век од нашата ера наоѓаме докази за клучна промена внатре во црквата. На празнувањето на саботата повеќе не се гледало како симбол на спасение, туку како симбол на преданост на јудаизмот и стариот завет, што требало да се избегнува. Држењето на саботата почнало да се поистоветува со „јудаизирање“. На пример, Игнатиј Антиохиски (околу 110 г.) забележал: „Оние што живееја според стариот поредок најдоа нова надеж. Тие веќе не ја празнуваат саботата, туку Господовиот ден – денот кога нашиот живот воскресна со Христа“ (Jacques B. Doukhan, *Israel and the Church: Two Voices for the Same God*, p. 42). Слично на ова, Маркион им наложил на своите следбеници да постат во сабота, како знак на отфрлање на Евреите и нивниот Бог, а Викторин не сакал да изгледа како тој „да ја почитува еврејската сабота“ (Види: Israel and the Church, pp. 41 – 45). Фактот дека празнувањето на саботата престанало да се гледа како симбол на спасението по благодат, довело до замирање на тој обичај во христијанската црква.

„Саботата е знак на Христовата сила дека нѐ прави свети. Таа им е дадена на сите оние што Христос ги прави свети. Како знак на неговата сила која посветува, саботата им е дадена на сите што стануваат преку Христа дел на Божјиот Израел...

Саботата им укажува на делата на создавањето како доказ на неговата величествена моќ во откупувањето. Додека нѐ потсетува на загубениот едемски мир, зборува за мирот обновен преку Спасителот. Секое дело во природата го повторува неговиот повик: ’Дојдете кај мене сите кои сте уморни и натоварени, јас ќе ве одморам‘ (Матеј 11,28)“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 288, 289 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Каков однос постои меѓу празнувањето на саботата и оправдувањето со вера?**
2. **Која е разликата меѓу вистинското и легалистичкото празнување на саботата? Како можеме не само да ја знаеме, туку и да ја искусиме таа разлика во нашето сопствено празнување на саботата?**

**Поука 6**
**Од 29 јануари до 4 февруари 2022**

# ИСУС – ВЕРЕН СВЕШТЕНИК



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 5,1-10; 1. Мојсеева 14,18-20; 1. Петрово 2,9; Евреите 7,1-3; Евреите 7,11-16.22.26.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Таков Првосвештеник и ни требаше: свет, непорочен, неосквернет, одвоен од грешниците и возвишен над небесата“ (Евреите 7,26).**

Јазот што постоел меѓу Бога и нас бил предизвикан од гревот. Тоа бил сложен проблем бидејќи гревот подразбира и расипаност на нашата природа. Бог е свет и гревот не може да опстои во Негова присутност, така што нашата расипана природа нѐ одвоила од Бога, исто како што два магнета, кога се погрешно ориентирани, се одбиваат меѓусебно. Освен тоа, расипаната човечка природа ни оневозможува да го почитуваме Божјиот закон. Гревот, исто така, повлекува со себе и неразбирање. Човечките суштества ја изгубиле од вид Божјата љубов и милост, и почнале да гледаат на Бога како таков кој е гневен и полн со барања.

Оваа седмица ќе проучуваме нешто неверојатно што Отецот и Синот го направиле за да го премостат тој јаз. Текстот Евреите 5-7 дава темелен преглед на Исусовата свештеничка улога. Авторот го анализира нејзиното потекло и цел (Евреите 5,1-10), а потоа ги охрабрува читателите да не ја занемарат (Евреите 5,11 – 6,8), туку да се држат цврсто за надежта што им ја дава (Евреите 6,9-20). Тој, исто така, ги објаснува обележјата на Неговата свештеничка служба (Евреите 7,1-10) и импликациите што ги има на Божјиот однос спрема верниците (Евреите 7,11-28). Оваа седмица ќе се фокусираме посебно на Евреите 5,1-10 и Евреите 7,1-28.

# СВЕШТЕНИК ВО ПОЛЗА НА ЧОВЕЧКИТЕ СУШТЕСТВА

**Прочитајте Евреите 5,1-10. Која е улогата на свештенството и како, според тој текст, Исус ја исполнува таа улога?**

Примарна цел на левитското свештенство била да посредува меѓу грешните луѓе и Бога. Свештениците биле поставени од Бога да им служат на луѓето. Затоа требало тие да бидат милосрдни и полни со разбирање за човечките слабости.

Во Евреите 5,5-10, Павле покажува дека Исус совршено ја исполнува оваа улога: Бог го поставил (Евреите 5,5.6), а покрај тоа, Исус нè разбира затоа што и самиот Тој страдал (Евреите 5,7.8).

Сепак, постојат и некои важни разлики. Исус не бил избран меѓу луѓето (Евреите 5,1), туку Тој самиот ја усвоил човечката природа за, меѓу другото, да служи како свештеник во наша полза. Исус не принесувал жртви за своите гревови (Евреите 5,3), туку само за нашите, бидејќи Тој бил безгрешен (Евреите 4,15; Евреите 7,26-28).

Во Посланието до Евреите стои дека Исус се молел на „Оној Кој можеше да Го спаси од смртта и поради Својата потчинетост од почит беше чуен“ (Евреите 5,7). Овде станува збор за втората смрт, од која Бог го спасил Исуса кога Го воскреснал (Евреите 13,20). Посланието до Евреите, исто така, кажува дека Исус „се научи на послушност од она што го пострада“ (Евреите 5,8). Послушноста била нешто ново за Исуса, не затоа што не бил послушен, туку затоа што Тој е Бог. Како суверен владетел на вселената, Исус не бил послушен никому. Наместо тоа, сите Му биле послушни Нему.

Исусовите страдања и смрт на крстот претставуваат клучен дел на Неговата свештеничка служба. Страдањата не го усовршиле Исуса во смисла дека поради тоа напредувал во морална или етичка смисла. Страдањата не Го направиле милостив. Напротив, Исус дошол на земјата затоа што отсекогаш бил милостив, заради што и се сожалил на нас (Евреите 2,17). Она на што се мисли во Посланието до Евреите е дека реалноста на Исусовата братска љубов, автентичноста на Неговата човечка природа и длабочината на Неговото потчинување на Отецот како претставник на човечкиот род, вистински се изразени и откриени токму преку страдањето. Тој се „усовршил“ во смисла дека Неговите страдања го квалификувале да биде наш Првосвештеник. Неговиот живот на совршена послушност и Неговата смрт на крстот – токму во тоа се состоела жртвата што Исус му ја принел на Отецот како наш свештеник.

**Меѓутоа, текстот 1. Петрово 2,9 вели дека ние сме „царско свештенство“. Затоа, што ни кажува Исусовиот живот за односот што треба да го имаме спрема другите луѓе, бидејќи и ние ја имаме таа света улога?**

## ПО ЧИНОТ МЕЛХИСЕДЕКОВ

**Прочитајте 1. Мојсеева 14,18-20 и Евреите 7,1-3. Кој бил Мелхиседек и во која смисла бил претслика на Исус?**

---

Мелхиседек бил и цар и свештеник. Тој бил повисок по ранг од Аврам, бидејќи Аврам му дал десеток. Слично на тоа, Исус е цар и свештеник (Евреите 1,3). Меѓутоа, за разлика од Мелхиседек, Исус бил безгрешен (Евреите 7,26-28).

Стихот Евреите 7,15 објаснува дека Исус бил свештеник „слично на Мелхиседек“. Ова е значењето на гореспоменатата фраза „по чинот Мелхиседеков“ (Евреите 5,6). Исус не бил наследник на Мелхиседек, туку Неговото свештенство било слично на она на Мелхиседек.

На пример, Павле вели дека Мелхиседек бил без татко, без мајка, без родослов, без раѓање и смрт. Некои дури предлагале дека Мелхиседек бил Исусова инкарнација во Аврамово време. Но, таа мисла не се вклопува во аргументите изнесени во Посланието до Евреите. Мелхиседек е „споредуван“ со Исус, а тоа подразбира дека тој сепак се разликувал од Исуса (Евреите 7,3).

Исто така, предлагано е дека Мелхиседек бил небесно битие, но тоа би го урнало тврдењето на Посланието до Евреите. Ако Мелхиседек бил без татко, мајка, почеток и крај, тој би бил лично Бог. Тоа претставува проблем. Небесното, целосно божествено свештенство на Мелхиседек би претходело на Исусовата служба. Ако било така, како што вели Посланието до Евреите, „каква потреба има да се воздигне друг свештеник“ (Евреите 7,11)?

Наместо тоа, Посланието до Евреите го користи молчењето на Светото писмо во врска со раѓањето, смртта и родословот на Мелхиседек, за да воспостави типологија, симбол на Исусовата свештеничка служба (1. Мојсеева 14,18-20) и да открие дека самиот Исус е вечен. Накратко, Мелхиседек бил хананејски цар-свештеник, кој служел како тип на Христос.

„Христос бил тој што зборувал преку Мелхиседек, свештеникот на Севишниот Бог. Мелхиседек не бил Христос, но бил Божји глас на овој свет, претставник на Отецот. Христос им зборувал на сите генерации во минатото. Тој го водел својот народ и бил светлина на светот“ (Ellen G. White, *Selected Messages*, book 1, p. 409).

**Врз основа на ова откровение за Мелхиседек, што можеме да научиме за тоа како работи Бог меѓу оние на кои човечки мисионери никогаш не им проповедале?**

## СОВРШЕН СВЕШТЕНИК

**„Па така, ако совршенство можеше да се постигне преку левитското свештенство, бидејќи врз основа на него народот доби Закон, каква потреба има да се воздигне друг свештеник по чинот на Мелхиседек, наместо по чинот на Арон?“ (Евреите 7,11).**

Свештениците се посредници меѓу Бога и луѓето. Посланието до Евреите, меѓутоа, укажува дека левитските свештеници не можеле да обезбедат целосен, сигурен пристап до Бога, бидејќи не можеле да понудат совршенство (Евреите 7,11.18.19). Впрочем, ни тие самите не биле совршени, па како тогаш би можеле да им пренесат совршенство на другите?

Исто така, ни животинските жртви не можеле да ја очистат совеста на грешниците. Нивната цел била да укажат на Исусовата служба и на Неговата жртва – единствената која може да овозможи вистинско чистење од гревот (Евреите 9,14; Евреите 10,1-3.10-14). Улогата на левитските свештеници и нивните жртви била привремена и сликовита. Бог сакал да ги води луѓето, преку нивната служба, кон вера во идната служба, што Исус ќе ја извршува, „Еве Го Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе!“ (Јован 1,29).

**Зошто се јавила потреба од промена на законот? Евреите 7,11-16**

---

Текстот Евреите 7,12 објаснува дека промената на свештенството направила да дојде до неопходна промена на законот. Зошто? Затоа што постоел многу строг закон што забранувал некој што не потекнувал од Левиевата лоза, односно од семејството на Арон, да служи како свештеник (4. Мојсеева 3,10; 4. Мојсеева 16,39.40). Текстот Евреите 7,13.14 објаснува дека Исус потекнувал од Јудината лоза, така што, според тој закон, му било забрането да служи како левитски свештеник. Според тоа, Павле тврди дека именувањето на Исус за свештеник значело дека Бог го променил законот за свештенство.

Доаѓањето на Исус подразбирало и промена на законот за жртвување. Од грешниците се барало да принесуваат различни видови жртви за да добијат проштавање (3. Мојсеева 1-7), но сега кога Исус дошол и принел совршена жртва, законот за жртвување животни исто така бил ставен настрана (Евреите 10,17.18), како резултат на новиот завет и поцелосното откривање на планот на спасение.

**Помислете на безбројните животински жртви принесени во старо време, а сите тие укажувале на Исуса, па сепак ниту една од нив, ниту пак сите заедно, не можеле да ги отплатат нашите гревови. Зошто само смртта на Исус можела да ги отплати?**

## ВЕЧЕН СВЕШТЕНИК

**Прочитајте Евреите 7,16. Врз основа на што Исус станал свештеник?**

____________________________________________________________

Исус го примил свештенството врз основа на неуништливиот живот и вечната служба што ја извршува. Импликациите од овие факти восхитуваат. Ова значи дека службата на Исус никогаш нема да биде престигната ниту надмината. Исус спасува целосно, до крајни граници, „вечно“ (Евреите 7,25). Спасението што го дава Исус е потполно и конечно. Тоа досегнува до најдлабоките аспекти на човечката природа (Евреите 4,12; Евреите 9,14; Евреите 10,1-4). Исусовото посредување пред Бога ги вклучува сите придобивки што ги предвидува новиот завет.

Тоа вклучува многу повеќе од простување на гревовите. Ова подразбира и впишување на законот во нашите срца, создавање нови луѓе во Него и ширење на Евангелието по целиот свет (Евреите 8,10-12). Како едно со Бога и со луѓето, Тој нè претставува нас пред Отецот. Како Оној што го принел својот живот како жртва, Исус ужива непоминлива Божја наклоност.

**Според Евреите 7,22, што претставува Исус во однос на новиот завет?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Исус е залог на новиот завет, бидејќи Бог се заколнал дека ќе биде „вечен“ свештеник (Евреите 7,21). Важноста на таа заклетва лесно може да биде погрешно сфатена. Павле веќе ги спомнал заклетвите што Бог ѝ ги дал на пустинската генерација и на Аврам (Евреите 3,7-11; Евреите 6,13-15). Разликата меѓу овие заклетви и заклетвата што му ја дал на Синот е во тоа што тие биле дадени на смртни човечки созданија. Заклетвите остануваат во сила додека се живи оние на кои им се дадени. Божјата заклетва за пустинската генерација била обврзувачка сè додека имало живи членови на таа генерација, исто како што Божјата заклетва кон Аврама била обврзувачка сè додека постојат неговите потомци (види Галатјаните 3,29).

Меѓутоа, во случајот со Синот, чиј живот е „вечен“, заклетвата што Бог му ја дал ќе биде обврзувачка засекогаш. Личноста која била залог или гарант за некој друг, била подложна на истите казни како и лицето за кое гарантирала, вклучувајќи ја и смртта. Меѓутоа, Отецот го назначил Исуса да биде наш гарант за никогаш да не отстапува од своите ветувања. Така, можеме да бидеме сигурни во спасението што ни е дадено во Исуса.

## БЕСПРЕКОРЕН СВЕШТЕНИК

**Прочитајте Евреите 7,26. Кои пет особини на Исус се споменуваат во овој текст?**

---

*Исус бил „свет“.* Ова значи дека тој бил без вина во однос на Бога (Евреите 2,18; Евреите 4,15; Евреите 5,7.8). Преводот на Стариот завет на грчки го користи истиот термин за да ги означи оние што останувале во заветен однос со Бога и со другите луѓе.

*Исус бил „неосквернет“.* Тој останал чист и недопрен од злото, и покрај тоа што бил искушаван „во сѐ“ (Евреите 4,15; 2,18). Исусовата совршена безгрешност е важна за Неговото свештенство. Стариот Завет предвидувал животните за жртва задолжително да бидат „без дамки“ за да бидат прифатливи пред Бога (3. Мојсеева 1,3.10, итн.). Исусовата совршена послушност за време на неговиот земен живот му овозможила да се принесе себеси како жртва прифатлива пред Бога (Евреите 9,14).

*Исус бил „одвоен од грешниците“ кога се вознел на небото.* Глаголското време во оригиналниот текст на грчки јазик сугерира дека ова е и сегашна состојба на Исус, која започнала во одреден момент. За време на својот земен живот, Исус трпел непријателство од грешниците, но победил, а потоа седнал „од десната страна на престолот Божји“ (Евреите 12,2.3). Исус е „одвоен од грешниците“ и затоа што бил совршено безгрешен (Евреите 4,15).

*Исус бил „возвишен над небесата“.* Ова значи дека тој бил возвишен над сѐ што постои и оттаму Тој е едно со Бога. Зашто, во Псалмите читаме дека Бог е возвишен „над небата“ (Псалм 57,5.11; 108,5).

*Исус бил целосно човек, но не бил грешно човечко битие како нас*, туку и затоа што не бил расипан од гревот како нас. Исус е совршен, не само затоа што никогаш не згрешил, туку и затоа што не бил расипан од гревот како нас.

*Сепак, бидејќи Тој бил целосно човек, Тој е и наш пример.* Тој ни покажува како да трчаме во животната трка (Евреите 12,1-4). Тој е пример што мора да го следиме (1. Петрово 2,21-23). Бидејќи Тој е „свет, непорочен, неосквернет, одвоен од грешниците“ (Евреите 7,26), Тој е нашиот Спасител, но ние можеме да го одразуваме Неговиот карактер.

**Иако бил човек како нас, Исус никогаш не згрешил. Како да ја разбереме таа неверојатна мисла? Замислете само колку Тој морал да биде навистина свет! Тогаш зошто ветувањето дека Неговата светост ни се припишува врз основа на верата, треба да нѐ увери во сигурноста на спасението?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Христос будно гледа сѐ што се случува. Тој знае сѐ за нашите товари, за нашите опасности и за нашите тешкотии. Неговата уста е полна со аргументи во наша полза. Тој го приспособува своето посредување на потребите на секоја душа, како што тоа го направил во случајот со Петар... Нашиот Застапник има уста полна со аргументи, за да ги научи своите малечки, кои минуваат низ проверки и тешкотии, како да се спротивстават на искушенијата на сатаната. Тој го толкува секој потег на непријателот. Тој управува со настаните“ (Ellen G. White, *SDA Bible Commentary,* vol. 7, p. 931; Letter 90, 1906).

„Намера на сатаната била да предизвика вечна разделба меѓу Бога и човекот; но во Христа ние сме стапиле во многу поинтимна заедница со Бога отколку никогаш да не сме паднале. Со тоа што зел наша природа, Спасителот се поврзал со човештвото со врска што никогаш нема да се раскине. Тој е поврзан со нас низ сета вечност. ’Бог толку го милее светот, што го даде и својот единороден Син‘ (Јован 3,16). Тој го дал не само да ги понесе нашите гревови и да умре како наша жртва; Тој му го подарил на паднатиот род. За да не увери во непроменливоста на својата одлука за мир, Бог го дал својот единороден Син да стане член на човечкото семејство, засекогаш да ја задржи својата човечка природа. Тоа е залог дека Бог ќе ја исполни својата реч. ’Зашто ни се роди Дете, добивме Син, кој има власт на рамото‘ (Исаија 9,6). Бог ја усвоил човечката природа во личноста на својот Син и ја пренел во највисокото небо. ’Синот човечки‘ е тој што го дели престолот на вселената. ’Синот човечки‘ е тој чиешто име ќе биде ’Красен, Советник, Бог силен, Отец вечен, Кнез мироносен‘ (Исаија 9,6). ЈАС СУМ е Посредник меѓу Бога и човештвото, положувајќи ги рацете на обајцата. Тој, кој е ’свет, простодушен, чист, одвоен од грешниците‘, не се срамува да нѐ нарече нас браќа (Евреите 7,26; 2,11). Во Христа меѓусебно се поврзани земното и небесното семејство. Прославениот Христос е наш брат. Небото е обвиено со човечка природа, а човечкото почива на градите на бесконечната Љубов“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 25, 26 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Во првиот цитат горе, читаме: „Неговата (Исусовата) уста е полна со аргументи во наша полза.“ Колку ви значи тоа ветување? Размислете што нѐ учи ова за Божјата љубов. Зошто таа мисла е толку охрабрувачка? Зошто ни е потребен некој да се застапува во наша полза?**
2. **Во вториот цитат погоре, читаме: „Во Христа ние сме стапиле во многу поинтимна заедница со Бога отколку никогаш да не сме паднале“. Што значи ова? Како можеме да ја доживееме таа интимна заедница и каква утеха можеме да извлечеме од тоа искуство? Опишете во класата што значи интимна заедница и какво искуство е тоа. Како Неговите аргументи „во наша полза“ ни помагаат тоа навистина да го доживееме?**

**Поука 7**
**Од 5 – 11 февруари 2022**

# ИСУС – КОТВА НА ДУШАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 6,4-6; Матеј 16,24; Римјаните 6,6; Евреите 10,26-29; 6,9-13; 6,17-20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А која е за нашата душа цврста и сигурна котва, и кој влегува дури зад завесата, каде што Исус за нас влезе најнапред, откако стана вечен Првосвештеник по чинот Мелхиседеков“ (Евреите 6,19.20).**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

Текстот Евреите 5,11 – 6,20 го прекинува теолошкото излагање на Исусовата свештеничка служба во наша полза. Павле внесува сериозно предупредување за опасноста што ја носи со себе отпадништвото од Христа.

Очигледно, на луѓето им се заканувала реална опасност да тргнат надолу по лизгавата падина на самосожалувањето и неверувањето. Апостол Павле бил загрижен дека духовните сетила на неговите читатели и слушатели отапеле среде тешките ситуации со коишто се соочувале, и дека ќе престанат да растат во нивното разбирање и доживување на евангелието.

Зар тоа не е можна опасност за сите нас – да се обесхрабриме поради искушението и на тој начин да отпаднеме од верата?

Меѓутоа, ова сериозно предупредување завршува со топло охрабрување. Павле искажува доверба спрема своите читатели и го велича Исуса како олицетворение на Божјото нераскинливо ветување за нивно спасение (Евреите 6,9-20). Овој циклус на предупредување и охрабрување се повторува во Евреите 10,26-39.

Ние ќе го проучуваме овој циклус и ќе се сосредоточиме на силните зборови на охрабрување што ни ги дава Исус.

## ВКУСЕТЕ КОЛКУ Е ДОБРО СЛОВОТО

**Прочитајте Евреите 6,4-5. Што им било дадено на верниците во Христа додека биле лојални кон Него?**

---

Да се биде „просветлен“, значи да се доживее преобратување (Евреите 10,32). Овој израз се однесува на оние што од „темнината“ на сатанската власт се свртеле кон Божјата „светлина“ (Дела апостолски 26, 17.18). А тоа подразбира ослободување од гревот (Ефесјаните 5,11) и од незнаењето (1 Солуњаните 5,4.5). Обликот на употребениот глагол сугерира дека ова просветлување е Божји чин постигнат преку Исуса, кој е „одблесок на Божјата слава“ (Евреите 1,3).

Изразите „вкусија од небесниот дар“ и „станаа учесници на Светиот Дух“ се синоними. Божјиот „дар“ може да се однесува на Неговата милост (Римјаните 5,15) или на Светиот Дух, преку кого Бог ја дава таа милост (Дела 2,38). Оние што го „вкусиле“ Светиот Дух (Јован 7,37-39; 1. Коринќаните 12,13), ја искусиле Божјата „милост“, а тоа вклучува и сила за исполнување на Неговата волја (Галатјаните 5,22.23).

Да се вкуси „доброто Божјо слово“ (Евреите 6,5), значи лично да се доживее вистината на евангелието (1. Петрово 2,2.3). „Силите на идниот век“ се однесуваат на чудата што Бог ќе ги направи за верниците во иднина – воскресението (Јован 5,28.29), преобразување на телото и вечниот живот. Верниците, меѓутоа, почнуваат да го „вкусуваат“ уште во сегашноста. Тие веќе доживеале духовно воскресение (Колошаните 2,12.13), обновен ум (Римјаните 12,2) и вечен живот во Христа (Јован 5,24).

Овде Павле веројатно се осврнува на пустинската генерација, која ја искусила Божјата благодат и Неговото спасение. Пустинската генерација била „просветлена“ од огнениот столб (Неемија 9,12.19; Псалм 105,39), уживала во небесниот дар на маната (2. Мојсеева 16,15), го искусила Светиот Дух (Неемија 9,20), ги доживеала „сите добри зборови, кои Господ му ги беше рекол на домот Израелов“ (Исус Навин 21,45), како и „силите на идниот век“ преку „чудеса и знаци“ извршени за време на нивното ослободување од Египет (Дела 7,36). Меѓутоа, исто како што пустинската генерација се оддалечила од Бога и покрај сите овие докази (2. Мојсеева 14,1-35), Павле забележува дека и слушателите на Посланието до Евреите се во опасност да го сторат истото, и покрај сите докази за Божјата наклоност што ги уживале.

**Какво е вашето лично искуство во врска со сето она што го кажуваат наведените стихови на Посланието до Евреите? На пример, како сте го доживеале просветлувањето што се споменува во текстот?**

# НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОБНОВИ

**Споредете ги текстовите: Евреите 6,4-6; Матеј 16,24; Римјаните 6,6; Галатјаните 2,20; 5,24 и 6,14. На што ни укажува ова споредување, кога станува збор за тоа што значи повторно распнување на Христос?**

---

---

Оригиналниот текст на грчки јазик ја нагласува фразата „не е можно“. Не е можно Бог да ги обнови оние што „отпаднале“, затоа што „повторно во себеси Го распнуваат Синот Божји“ (Евреите 6,6). Павле сака да нагласи дека не постои друг начин на спасение освен преку Христа (Дела апостолски 4,12). Спасението не е можно на никаков друг начин, исто како што „не е можно Бог да излаже“ (Евреите 6,18), и исто како што „без вера не е можно да Му се угоди на Бога“ (Евреите 11,6).

Повторно распнување на Синот Божји е сликовит израз кој настојува да опише нешто што се случува во личниот однос меѓу Исуса и верникот.

Кога го распнале Исуса, верските водачи го направиле тоа затоа што Тој претставува закана за нивната надмоќ и автономија. Тие се надевале дека ќе го отстранат Исуса како личност и ќе уништат моќен и опасен непријател. Слично на тоа, евангелието го оспорува суверенитетот и самоопределувањето на поединецот на најосновно ниво. Суштината на христијанскиот живот е земање на крстот и откажување од себеси (Матеј 16,24). Ова значи да се распне „светот“ (Галатјаните 6,14), „стариот човек“ (Римјаните 6,6) и „телото свое со страстите свои и похотите“ (Галатјаните 5,24). Целта на христијанскиот живот е да се изложиме на некој вид на смрт. Ако не ја доживееме оваа смрт на нашето „јас“, ние не можеме да го примиме новиот живот што Бог сака да ни го даде (Римјаните 6,1-11).

Борбата меѓу Исуса и нашето „јас“ е борба до смрт (Римјаните 8,7.8; Галатјаните 5,17). Тоа е тешка битка која не се добива одеднаш. Евреите 6,4.5 не се однесува на личност која повремено доживува неуспех во борбата против „стариот човек“ и „телото“. Тука станува збор за гревот на некој кој, откако го искусил вистинското спасение и она што тоа го подразбира, сепак заклучува дека Исус е закана за оној начин на живот што сака да го води, и затоа решава целосно да го прекине својот однос со Него. Односно, додека некое лице дефинитивно не одлучи да се одврати од Христа, сè уште постои надеж за негово спасение.

**Што значи да умреш за „себе“ и да го земеш „крстот“? Што е она што ви е најтешко да го предадете на Христовиот авторитет?**

## НЕМА ПОВЕЌЕ ЖРТВА ЗА ГРЕВОВИТЕ

Предупредувањето од Евреите 6,4-6 е многу слично со предупредувањето од Евреите 10,26-29. Павле објаснува дека отфрлањето на Исусовата жртва ќе ги остави читателите без никакви можности за простување на гревовите, бидејќи не постои друг начин да се добие тоа простување освен преку Исуса (Евреите 10,1-14).

**Прочитајте Евреите 10,26-29. На кои три начини авторот го опишува гревот за кој нема проштавање?**

---

Павле не вели дека нема помирување за ниту еден грев извршен откако ќе се дознае вистината. Бог го назначил Исуса за наш Застапник (1. Јованово 2,1), и благодарение на Него имаме простување на гревовите (1. Јованово 1,9). Меѓутоа, гревот за кој нема жртва или помирување се опишува како газење на Божјиот Син, нарекување на крвта на Заветот нечиста и навреда на Светиот Дух (Евреите 10,29). Да го разгледаме значењето на овие термини.

Фразата „го погазил Синот Божји“ (Евреите 10,29) го опишува отфрлањето на Исусовото владеење. Изразот „Синот Божји“ ги потсетило слушателите на Павле дека Бог го поставил Исуса од неговата десна страна и ветил дека ќе ги положи неговите непријатели „за подножје на нозете Твои (Евреите 1,13; види исто Евреите 1,5-12.14). Меѓутоа, газењето на Исуса подразбира дека отпадникот што го прави тоа, кон Исуса се однесува како непријател. Во контекст на тврдењето дадено во Посланието (Евреите 1,13), би можело да се каже дека, во животот на таков отпадник, Исус бил соборен од престолот (кој сега тој самиот го зазема) и, наместо тоа, поставен во подножјето. Токму тоа Луцифер сакал да го направи на небото (Исаија 14,12-14), и „човекот на беззаконието“ ќе се обиде тоа да го направи во иднина (2. Солуњаните 2,3.4).

Изразот „ја осквернил крвта на заветот“ се однесува на отфрлање на Исусовата жртва (Евреите 9,15-22). Ова покажува дека крвта на Исус е лишена од силата на очистување.

Изразот „го похулил Духот на благодатта“ е многу силен. Грчкиот термин enybrisas („навреда, огорченост“) се однесува на пројавување горделивост, што упатува на „дрскост“ или „ароганција“. Овој израз е во целосна спротивност со описот на Светиот Дух како „Дух на благодатта“. Тоа укажува дека отпадникот одговорил со навреда на Божјата понудена благодат.

Според тоа, отпадникот се наоѓа во неодбранлива положба бидејќи го отфрла Исуса, Неговата жртва и Светиот Дух.

## НЕШТО ПОДОБРО

По силното и искрено предупредување дадено во Евреите 6,4-8, Павле го изразува своето убедување дека читателите на неговото Послание не отпаднале од Синот и дека тоа нема да го сторат ни во иднина. Тој верува дека неговите слушатели ќе го прифатат предупредувањето и ќе донесат соодветни плодови. Тие се како „земјата“ што Бог ја обработува и на која ги одгледува плодовите што ги очекува. Овие луѓе ќе добијат благослов од Бога (Евреите 6,7), а тоа е „спасението“ (Евреите 6,9).

**Прочитајте Евреите 6,9-12. Набројте ги добрите дела што ги правеле и продолжиле да ги прават слушателите на Павле и објаснете какво сè значење имаат тие.**

Верниците ја покажале својата љубов кон Божјето „име“, односно кон самиот Бог, со тоа што им служеле на светите. Тоа не биле поединечни дела во минатото, туку трајно однесување кое продолжува и во сегашноста. Поединечните постапки не го откриваат вистинскиот карактер на една личност. Најсилниот доказ за љубов кон Бога не се некои „религиозни“ дела сами по себе, туку дела на љубов кон ближните, особено кон оние што се во неповолна положба (Матеј 10,42; 25,31-46). Така, Павле ги опоменува верниците да не „заборавaaт“ да прават добро (Евр. 13,2.16).

Видете го текстот Евреите 6,12. Тој ги предупредува своите читатели да не станат „мрзливи“ или „тромави“, што е типично за оние кои не успеваат да достигнат зрелост и се наоѓаат во опасност да отпаднат (Евреите 5,11; Евреите 6,12). Надежта не се одржува жива со помош на интелектуално исповедање на верата, туку со помош на верата изразена преку дела на љубовта (Римјаните 13,8-10).

Павле сакал неговите читатели да се угледаат на оние што ги наследуваат ветувањата преку вера и трпение. Тој веќе ја навел пустинската генерација како негативен пример на оние кои, поради недостаток на вера и истрајност, не успеале да го наследат она што им било ветено. Потоа го навел Аврам (Евреите 6,13-15) како пример за некој што „со долготрпение“ го добил ветувањето. Набројувањето позитивни примери продолжува со хероите на верата во 11. глава на Посланието до Евреите, а врвот го достигнува 12. глава, со Исус како најдобар пример за вера и трпение (Евреите 12,1-4). Откровение 14,12 ги наведува верата, трпението и држењето на заповедите како одлика на светите на последното време.

**Понекогаш треба да им кажеме зборови на предупредување на луѓето што ги сакаме. Што можеме да научиме од апостолите, кога станува збор за предупредувањето и охрабрувањето на другите?**

## ИСУС – КОТВА НА ДУШАТА

Своето предупредување против отпадништвото и поттикнување на љубов Павле го завршува со прекрасно, полетно излагање за сигурноста што ја имаме во Христа.

**Со што ги потврдил Бог своите ветувања? Евреите 6,17-20**

---

Бог ни ги потврдил своите ветувања на неколку начини. Прво, Бог го потврдил своето ветување со заклетва (Евреите 6,17). Според Библијата, Божјите заклетви на Аврам и Давид станале основа за доверба во Божјата трајна наклоност кон Израел. Во настојувањето да го добие Божјото проштавање за Израел по отпадништвото со златното теле, Мојсеј се повикал на Божјата заклетва на Аврам (види 2. Мојсеева 32,11-14; 1. Мојсеева 22,16-18). Суштинската сила на неговата молитва се засновала на неотповикливоста на Божјата заклетва (Римјаните 9,4; Римјаните 11,28.29).

Слично на тоа, кога псалмистот се застапувал пред Бога за Израел, тој се повикувал на Божјата заклетва дадена на Давида. Бог рекол: „Нема да го повредам Мојот завет и нема да го изменам она, што излегло од устата Моја. Еднаш се заколнав во светоста Своја: нема да го лажам Давид! Неговото потомство вечно ќе пребива, неговиот престол ќе биде како сонце пред Мене, засекогаш ќе стои како месечината, верен сведок на небото“ (Псалм 89,34-37). Според Новиот Завет, и двете заклетви се исполниле во Исуса, потомок на Аврам, кој се вознел и седнал на Давидовиот престол (Галатјаните 3,13-16; Лука 1,31-33.54.55).

Второ, Бог ги потврдил своите ветувања со тоа што го поставил Исуса на десната страна од својот престол. Исусовото вознесение имало за цел да го потврди ветувањето дадено на верниците, бидејќи Исус се вознел „за нас како претходник“ (Евреите 6,20). Така, вознесението ни ја открива сигурноста на спасението што Бог го планира за нас. Бог го водел Исуса до слава преку страдање, бидејќи „ја вкуси смртта за сите“, за да може да донесе „многу синови во слава“ (Евреите 2,9.10). Исусовото присуство пред Отецот е „за нашата душа цврста и сигурна котва“ (Евреите 6,19), прицврстена за Божјиот престол. Честа на Божјото владеење е вклучена во исполнувањето на Неговото ветување преку Исуса. Ни треба ли поголема сигурност од оваа?

**Што чувствувате кога ќе помислите дека Бог ви дал заклетва? Зошто таа мисла е доволна за да ви влее доверба во спасението, дури и тогаш кога се чувствувате недостојни за тоа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата со наслов „Омилениот Јован“ во книгата *Делата на апостолите* од Елена Вајт, стр. 539-545 (оригинал), како и главата насловена со „Јуда“ во книгата *Копнежот на вековите*, стр. 716-722 (оригинал).

„Борбата против самиот себе е најголема борба што кога и да е се водела. Откажувањето од самиот себе, комплетното прифаќање на Божјата волја, не оди без борба; но душата мора да му се покори на Бога пред да може да се преероди и да стане света“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 43).

„Јован копнеел да биде сличен на Исуса и под влијание на Христовата љубов тој станал кроток и понизен. Неговото 'јас' наполно било скриено во Исуса. Повеќе од сите други Јован бил предан и проникнат со силата на тој чудесен живот...

Длабоката љубов кон Христа кај Јована будела непреодолива желба секогаш да биде во негова најнепосредна близина. Спасителот ги сакал сите свои дванаесет ученици, но Јован бил со најприемчив дух. Тој бил помлад од другите и со најдлабока детска доверба му го отворил своето срце на Исуса. Така воспоставил најтесна заедница со Христа и преку него на луѓето им е соопштена најдлабоката духовна наука на Спасителот...

Убавината на светоста која го преобразила од секој дел на неговото битие болскотела со блескот сличен на Христа. Во својата безгранична љубов и обожавање Јован го набљудувал Спасителот сè додека сличноста со Христа и желбата за најблиска заедница со него не станале негова единствена желба и додека неговиот карактер не станал верен одраз на карактерот на Учителот“ (*Делата на апостолите*, стр. 544, 545 ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Животот на Јован, сакaниот ученик, и животот на Јуда Искариотски, даваат важен контраст. Кога Исус првпат го здогледал Јован и неговиот брат, ги нарекол Воанергес, синови на „громот“. Јован имал сериозни недостатоци. Јуда исто така имал недостатоци, и тие не биле подраматични и посериозни од оние на Јован. Тогаш, зошто Јован го попримил Исусовиот лик, додека Јуда извршил грев против Светиот Дух? Во што била разликата?**
2. **Исус ги повикува верниците да го земат својот крст и да Го следат. Која е разликата меѓу земање на крстот и свесно изложување на злоупотреба од страна на другите?**
3. **Зошто Бог бара од нас целосно да му го предадеме својот живот? Каков однос постои меѓу слободната волја и спасението?**

**Поука 8**
**Од 12 – 18 февруари 2022**

# ИСУС – ПОСРЕДНИК НА НОВИОТ ЗАВЕТ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 7,11-19; 8,10-12; Еремија 31,31-34; Евреите 8,1-6; 2. Мојсеева 24,1-8; Езекиел 36,26.27.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А сега тој доби толку подобра служба, и стана посредник на подобар завет, кој е утврден врз подобри ветувања“ (Евреите 8,6).**

Со тоа што живеел совршен живот, а потоа и умрел наместо нас, Исус посредувал со еден нов и подобар завет меѓу Бога и луѓето. Тој со својата смрт ја укинал смртната казна што ја барале нашите престапи и го овозможил новиот завет.

Оваа вистина е објаснета во текстот Евреите 10,5-10, кој наведува дека, според барањата на заветот, Исус покажал совршена послушност. Тој текст се повикува на 40. псалм кој зборува за желбата на Месија да покаже совршена послушност кон Бога: „Тогаш реков: еве идам, во свитокот на книгата за Мене е напишано, со задоволство ќе ја исполнам волјата твоја, Боже мој, Твојот закон е во срцето мое“ (Псалм 40,7.8). „Во првобитниот контекст овој израз (ќе ја исполнам волјата твоја) опишувал морална послушност кон Божјата волја. Писателот на Посланието до Евреите го користи овој израз за да покаже дека Христовата жртва ја исполнила Божјата волја давајќи прифатливо помирување, кое не можело да биде обезбедено со животински жртви“ (Ellen G. White, *SDA Bible Commentary*, vol. 7, p. 460).

За Павле, овој псалм добива посебно значење со Исусовото отелотворување. Исус бил олицетворение на новозаветната послушност. Тој е наш пример. Ние сме спасени не само благодарение на Неговата смрт, туку и поради Неговата совршена послушност.

## ПОТРЕБА ЗА НОВ ЗАВЕТ

**Прочитајте: Евреите 7,11-19. Зошто бил потребен нов завет?**

---

Според Посланието до Евреите, фактот дека Исус бил поставен за свештеник според редот на Мелхиседек подразбира дека на сила стапил нов завет. Стариот завет е даден врз основа на левитското свештенство (Евреите 7,11). Левитските свештеници дејствувале како посредници меѓу Израел и Бога. Законот сите други ги исклучувал од тоа свештенство. Врз основа на тоа, Павле заклучува дека промената на свештенството подразбира и промена на законот за свештенство, но и промена на самиот завет (Евреите 7,12.18.19).

Проблемот со стариот завет бил во тоа што тој не можел да пружи совршенство (Евреите 7,11). Павле зборува за левитското свештенство и за неговата служба (жртви, празници итн.). Животинските жртви што ги принесувале не можеле да обезбедат вистинско и целосно очистување од гревот, како ни пристап до Бога (Евреите 10,1-4; 9,13.14; 10,19-23).

Фактот дека новиот завет бил неопходен не значи дека Бог бил неправеден кон Израелците кога им го дал стариот завет. Левитската служба и службите во шаторот биле осмислени со намера да ги заштитат од идолопоклонство, но и да ги упатат на Исусовата идна служба. Посланието до Евреите нагласува дека жртвите биле „само сенката на идните добра“ (Евреите 10,1).

Жртвите требало да упатуваат на Исуса, да им помогнат на луѓето својата надеж и вера да ја насочат кон „Јагнето Божјо, Кое ги зеде гревовите на светот врз Себе“ (Јован 1,29; споредете со текстот Исаија 53). Тоа е истиот заклучок што го изнесува Павле кога кажува дека „Законот беше за нас воспитувач да нè доведе до Христос, за да бидеме оправдани преку верата“ (Галатјаните 3,24) или „крајната цел на Законот е Христос, за да биде оправдан секој што во Него верува“ (Римјаните 10,4).

Со други зборови, дури ни Десетте заповеди, колку и да биле добри и совршени, не можат да обезбедат спасение (Римјаните 3,20-28; 7,12-14). Тие пружаат совршено мерило на праведноста, но не можат да дадат праведност, исто како што старечките брчки не може да ги избришете со гледање во огледало. За совршена праведност ни е потребен Исус како наша замена.

**Зошто законот не може да нè спаси? На крајот на краиштата, ако ги почитуваме и совршено ги држиме сите заповеди – зошто тоа не би можело да нè спаси?**

## НОВ И ОБНОВЕН

**Споредете Евреите 8,10-12 со следните текстови; 5. Мојсеева 6,4-6; 5. Мојсеева 30,11-14 и Еремија 31,31-34. Што можеме да научиме од овие текстови за природата на новиот завет?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во врска со ветувањето за новиот завет, Посланието до Евреите се осврнува на она за што пишувал пророкот Еремија. Според него, Божјето ветување за новиот завет е всушност обновување на заветот кој бил склучен за првпат со Мојсеј (Еремија 31,31-34) Затоа, би можеле да тврдиме дека текстот во Еремија не зборува стриктно за новиот завет туку за обнова на првобитниот завет со Израел. Еврејскиот збор за *нов*, hadashah, всушност може да има две значења: обнова и комплетно нов.

Проблемот со стариот завет бил во тоа што луѓето го прекршиле (Евреите 8,8.9). Заветот немал мани, но луѓето да. Ако Израел јасно ги согледал симболите на Месија кој требал да дојде и ако поверувал во него, заветот не би бил прекршен. Сепак, да бидеме искрени, меѓу Израелците во текот на историјата имало многу верници во чијшто живот целите на заветот биле навистина исполнети и Законот бил запишан во нивните срца (Псалм 37,31; 40,8; 119,11; Исаија 51,7).

Иако новиот завет всушност претставува обнова на стариот, тој сепак, во извесна смисла, е навистина нов. Ветувањето на Еремија за нов завет не предвидувало само обновување на условите што постоеле пред заробеништвото, иако неколку пати биле прекршувани и обновувани поради отпадништвото на народот. Тоа се случувало затоа што луѓето едноставно не сакале да го одржат својот дел од заветот со Бога (Еремија 13,23).

Затоа Бог ветил дека ќе направи нешто ново (Еремија 31,22). Тој завет нема да биде како заветот што го склучил „со нивните татковци“ (Еремија 31,32). Поради неверството на народот, ветувањата што Бог ги дал во заветот склучен преку Мојсеј, никогаш не биле исполнети. Сега, врз основа на ветувањата што ги дал Синот (Евреите 7,22), Бог ќе ја исполни својата намера со Заветот. Бог не го променил законот ниту ги спуштил мерилата, туку, наместо тоа, го пратил својот Син како гаранција за потврда на заветните ветувања (Евреите 7,22; 6,18-20). Затоа во тој завет нема никакви проклетства. Во него има само благослови, бидејќи Исус совршено го исполнил „откако поради нас стана проклетство“ (Галат. 3,13).

**Прочитајте го текстот 2. Тимотеј 2,13. Што можеме да научиме од Божјата верност кон својот народ и Неговите планови, додека го разгледуваме нашиот однос спрема другите луѓе и нашите планови?**

# НОВИОТ ЗАВЕТ ИМА ПОДОБАР ПОСРЕДНИК

**Зошто Исус бил подобар посредник на заветот? Евреите 8,1-6**

---

Грчкиот израз *mesites* (посредник) потекнува од *mesos* (средина) и се однесува на некој кој оди или стои во средина. Тоа бил технички израз за личност која исполнувала некоја од следните улоги: 1) Судија во спор меѓу две или повеќе страни; 2) Преговарач или деловен посредник; 3) Сведок во правна смисла на зборот; или 4) Некој кој стои како гаранција за извршување на договорот.

Нашиот израз „посредник" има претесно значење за да го опфати сето она што го подразбира зборот *mesites* во Посланието до Евреите, бидејќи се фокусира само на првите две или три употреби на грчкиот поим. Меѓутоа Посланието до Евреите ја нагласува неговата четврта улога. Исус не е поставен како посредник во смисла дека треба да реши некој спор меѓу Отецот и луѓето, ниту како миротворец кој ги смирува незадоволните страни, ниту како сведок кој го потврдува постоењето на некој договор или извршувањето на обврските кон истиот. Наместо тоа, Исус е залог (или гаранција) на новиот завет (Евреите 7,22). Изразот „посредник" во Посланието до Евреите одговара на поимот „гарант". Тој гарантира дека заветните ветувања ќе бидат исполнети.

Христовата смрт ни овозможува воспоставување на нов завет бидејќи ги исполнува барањата на првиот завет со Израел (па дури и оној со првите луѓе во Едем), кој бил прекршен (Евреите 9,15-22). Во таа смисла, Исус е залог кој врз себе ги презел сите законски обврски на заветот што бил прекршен. Во друга смисла, Исусовото вознесување на небото гарантира дека Божјите ветувања дадени на луѓето ќе бидат исполнети (Евреите 6,19.20). Исус е залог на заветот бидејќи покажал дека Божјите ветувања се вистинити. Кога го воскреснал Исуса и го поставил од десната страна на престолот, Отецот покажал дека и нас ќе нè воскресне и ќе нè доведе кај себе.

Исус е поголем посредник од Мојсеј бидејќи служи во небесното светилиште и се принел самиот себеси како совршена жртва за нас (Евреите 8,1-5; Евреите 10,5-10). Мојсеевото лице ја одразувало Божјата слава (2. Мојсеева 34,29-35), а Исус е славата Божја (Евреите 1,3; Јован 1,14). Бог разговарал со Мојсеј лице во лице (2. Мојсеева 33,11), а Исус е отелотворена Божја реч (Евреите 4,12.13; Јован 1,1-3.14).

**Да, Христос ги задоволил барањата на заветот во поглед на послушноста. Во таа насока, која е улогата на послушноста во нашиот живот и зошто таа и натаму е толку важна?**

## НОВИОТ ЗАВЕТ ИМА ПОДОБРИ ВЕТУВАЊА

Може да дојдеме во искушение да помислиме дека новиот завет содржи „подобри ветувања“ во смисла дека нуди поголема награда отколку стариот завет (небесна татковина, вечен живот итн.). Но Бог, всушност, истата награда им ја понудил и на старозаветните верници, како и нам (прочитајте Евреите 11,10.13-16). Затоа, изразот „подобри ветувања“, од текстот Евреите 8,6, се однесува на различни видови ветувања.

Заветот меѓу Бога и Израел претставувал официјална размена на ветувања меѓу Него и Неговиот народ. Бог ја презел иницијативата, ги спасил Израелците од Египет и им ветил дека ќе ги одведе во ветената земја.

**Споредете ги текстовите 2. Мојсеева 24,1-8 и Евреите 10,5-10. Кои сличности и разлики постојат меѓу овие две ветувања?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Заветот меѓу Бога и Израел е потврден со крв. Со таа крв е попрскан олтарот и неговото подножје, а народот ветил дека ќе биде послушен на сите зборови што Господ ги изговорил.

„Условот за вечен живот и сега е ист каков што бил секогаш – онаков каков што бил во рајот пред паѓањето на нашите прародители – совршена послушност на Божјиот закон, совршена праведност. Кога вечниот живот би можел да се добие под кој и да е друг услов, освен овој, би била доведена во опасност среќата на целата вселена. На гревот, со сета негова придружба од несреќи и беди, би му се создала можност да стане бесмртен“ (*Патот кон Христа*, стр. 62, оригинал).

Бог ги задоволува апсолутните барања на новиот завет наместо нас, бидејќи го дал својот Син да дојде и да живее совршен живот за да може заветните ветувања да се исполнат во Него.

Потоа, врз основа на верата во Исуса Христа, и нам ни била понудена. Исусовата послушност гарантира исполнување на заветните ветувања (Евреите 7,22). Тоа бара Бог да му ги дарува благословите на заветот, кои потоа нам ќе ни бидат предадени. И навистина, оние кои се во Христа ќе уживаат во благословите заедно со Него. Освен тоа, Бог ни го дава и својот Свети Дух за да нè оспособи да го исполниме Неговиот закон.

**Христос ги задоволил барањата на заветот и затоа нема сомневање дека Божјите ветувања коишто ни се дадени ќе бидат исполнети. Како тоа ни помага да го разбереме текстот во 2. Коринќаните 1,20-22? Која прекрасна надеж ја откриваме тука?**

## НОВИОТ ЗАВЕТ ГО РЕШИЛ ПРОБЛЕМОТ НА НАШЕТО СРЦЕ

**Споредете ги новозаветните ветувања во текстовите Еремија 31,33 и Езекиел 36,26.27. На кој начин тие се поврзани?**

---

Првиот документ во врска со заветот го напишал сам Бог на камени плочи и го поставил во ковчегот на заветот како важно сведоштво за Божјиот завет со Неговиот народ (2. Мојсеева 31,18; 5. Мојсеева 10,1-4) Меѓутоа, документите запишани на камен можеле да се скршат, а пергаментните свитоци, како што доживеал Еремија, можеле да бидат исечени или запалени (Еремија 36,23).

Но сега, според новиот завет, Бог ќе го напише својот закон во човечките срца. Срцето, всушност, го претставува умот како орган во кој се сместени нашиот разум и сеќавања (Еремија 3,15; 5. Мојсеева 28,4) и во кои, што е особено значајно, се донесуваат свесните одлуки, (Еремија 3,10; Еремија 29,13).

Тоа ветување не им обезбедило на луѓето само пристап и знаење за законот; тоа требало да изврши и промена во срцата на припадниците на Божјиот народ. Проблемот на Израел се огледувал во тоа што гревот им бил врежан со „железно длето со врв од дијамант... врз плочите на срцето нивно“ (Еремија 17,1). Имале непокорно срце (Еремија 13,10; 23,17) и затоа им било невозможно да го чинат она што е право (Еремија 13,23).

Еремија не најавил промена на законот, бидејќи проблемот на Израел не бил во законот, туку во срцето. Бог сакал верноста на народот да биде одговор на благодарноста за она што го сторил за нив. Затоа им ги дал десетте заповеди со историски увод, во кој ја изразува својата љубов и грижа кон нив (2. Мојсеева 20.1.2). Бог сакал Израел да ги почитува Неговите закони затоа што знаат дека Тој им го посакува најдоброто, а тоа е вистината откриена при нивното славно ослободување од Египет. Нивната послушност требало да биде израз на благодарност и показател на реалноста на нивниот однос.

Истото важи и за нас денес. Љубовта и грижата што Исус ја покажал со Неговата смрт заради нас, претставуваат увод во Новиот завет (Лука 22,20). Вистинската послушност потекнува од срцето како израз на љубов (Матеј 22,34-40). Таа љубов е знак по кој се препознава присутноста на Светиот Дух во животот на верниците. Бог ја излева својата љубов на нас преку својот Дух (Римјаните 5,5), кој се изразува преку љубовта. (Галатјаните 5,22)

**Ако древниот Израел требало да го сака Бога, дури и без јасно разбирање на вистината за Христовата смрт, зошто и ние не би го сакале уште повеќе од нив? Како послушноста ја открива реалноста на оваа љубов?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Ако нашите срца се преобразени според Божјиот лик, ако божествената љубов е всадена во нашата душа, нема ли тогаш и Божјиот закон да се остварува во нашиот живот? Ако начелото на љубовта е всадено во срцето, ако е човекот пREDродеН според ликот на Оној што го создал, тогаш е исполнето и новозаветното ветување: ’Ќе ги ставам моите закони во нивните срца и ќе ги напишам во нивните мисли‘ (Евреите 10,16). А ако е Законот напишан во срцето, зар тој нема да го обликува животот? Послушноста – служење и преданост од љубов – е вистински знак дека сме негови ученици. Така кажува и Писмото: ’Зашто ова е Божја љубов: да ги држиме неговите заповеди‘... ’Оној што тврди дека го познава, а не ги држи неговите заповеди, е лажливец и во него нема вистина‘ (1. Јованово 5,3; 2,4). Наместо да нè ослободи од послушноста, токму верата, и само верата, нè прави учесници во Христовата милост, што нè оспособува да бидеме послушни.

Колку повеќе му се приближувате на Исуса, сè погрешни ќе изгледате во своите очи; погледот ќе ви биде појасен па ќе видите остра и одредена разлика меѓу своето несовршенство и неговата совршена природа. Тоа ќе биде доказ дека измамите на сатаната ја загубиле својата сила и дека во вас делува оживотворувачкото влијание на Божјиот Дух.

Никаква длабоко вкоренета љубов кон Исуса не може да живее во срцето што не ја сфатило својата грешност. Душата што е преобразена со Христовата милост ќе му се восхитува на неговиот божествен карактер; но ако уште не ја гледаме нашата морална изопаченост, тоа е непогрешен доказ дека не сме ја согледале Христовата убавина и неговото совршенство“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа*, стр. 60.64.65 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Размислете за наведените изјави на Елена Вајт: Колку повеќе му се приближувате на Исуса, сè погрешни ќе изгледате во своите очи. Што ни зборува тоа за фактот дека не смееме да дозволиме согледувањето на сопствените недостатоци да нè доведат до таков очај за да се откажеме од верата?**
2. **Задржете се на идејата дека законот се запишува во нашето срце. Што значи тоа за духовниот живот на еден христијанин? Како вистинското разбирање и искуственото доживување на оваа вистина може да ни помогнат да ја избегнеме таквата послушност, која претставува обичен легализам – послушност која се прогласува како „мртви дела“ (Евреите 9,14).**

**Поука 9**
**Од 19 – 25 февруари 2022**

# ИСУС – СОВРШЕНА ЖРТВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 9,15; 1. Мојсеева 15,6-21; Еремија 34,8-22; Ефесјаните 3,14-19; Евреите 7,27; Евреите 10,10; Евреите 9,22-28.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто Тој со едно принесување ги направи совршени засекогаш оние, кои се осветуваа“ (Евреите 10,14).**

Идејата дека човек кој е прогласен за виновен и погубен на крст треба да се обожава како Бог, била навредлива за умот на древните народи. Реткото спомнување на крстот во римската литература укажува на нивната одбивност кон таа идеја. Што се однесува до Евреите, нивниот закон го прогласувал човекот што е обесен на дрво за проколнат од Бога (5. Мојсеева 21,23).

Затоа првите мотиви во христијанските слики што ги наоѓаме во катакомбите биле паун (што наводно симболизира бесмртност), гулаб, победнички венец на атлетичар, и риба. Подоцна, се појавиле и други теми: Ноевиот ковчег, Аврам, кој жртвува овен наместо својот син Исак, Даниел во лавовската јама, Јона плукнат од устата на риба, пастир што носи јагне или прикази на одредени чуда, како што е исцелувањето на парализираниот човек и воскреснувањето на Лазар. Тоа биле симболи на спасение, победа и заштита. Крстот, од друга страна, будел чувство на пораз и срам. Како и да е, крстот станал симбол на христијанството. Всушност, Павле го нарекол Евангелието едноставно „слово за крстот“ или „порака на крстот“ (1. Коринќаните 1,18).

Оваа седмица ќе го набљудуваме крстот во светлината во која се појавува во Посланието до Евреите.

## ЗОШТО БИЛЕ ПОТРЕБНИ ЖРТВИ?

Текстот Евреите 9,15 објаснува дека смртта на Исус како жртва имала за цел „откуп на престапите од времето на првиот завет“, за да може Божјиот народ да го прими „ветеното вечно наследство“.

На древниот Блиски Исток, заветот меѓу две лица или народи се сметал за многу сериозен. Ова вклучувало размена на ветувања под заклетва, со претпоставка дека боговите ќе ги казнат оние што би ја прекршиле заклетвата. Честопати овие завети беа ратификувани со принесување жртви од животни.

На пример, кога Бог склучил сојуз со Аврама, церемонијата вклучувала сечење на животните на половина (1. Мојсеева 15,6-21). Според обичајот, страните опфатени со заветот оделе меѓу исечените делови, што се сметало како потврда дека судбината на тие животни ќе ја снајде страната што го прекршила заветот. Меѓутоа, во овој случај, било особено значајно тоа што само Бог одел меѓу деловите на животните, давајќи му до знаење на Аврама дека Тој нема да го прекрши своето ветување.

**Споредете ги текстовите од 1. Мојсеева 15,6-21 и Еремија 34,8-22. Каква поука ни даваат овие текстови во врска со заветот?**

_______________________________________________

_______________________________________________

Заветот со Бога му овозможил на Израел пристап до Ветената земја како нивно наследство. Меѓутоа, ова вклучувало сплет од заповеди и попрскување на олтарот со крв. Тоа попрскување ја навестувало судбината на страната која би го прекршила заветот. Затоа во Посланието до Евреите стои дека „без пролевање крв нема проштавање (на гревот)“ (Евреите 9,22).

Затоа, кога Израел го прекршил заветот, Бог се соочил со болна дилема. Заветот барал смрт на престапникот, но Бог го сакал својот народ. Ако Бог едноставно го свртел погледот настрана или одбиел да ги казни престапниците, Неговите заповеди никогаш повеќе не би имале извршна власт и овој свет би западнал во хаос.

И така, Синот Божји се понудил како замена. Тој ќе умре наместо нас, за ние да го примиме „ветеното вечно наследство“ (Евреите 9,15.26; Римјаните 3,21-26). Со други зборови, тој ќе ја зачува светоста на својот закон, додека во исто време ќе ги спаси оние што го прекршиле тој закон. И тој можел да го стори тоа само преку крстот.

**Врз основа на сето ова, како можеме да видиме зошто законот е толку важен за пораката на Евангелието?**

# РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ЖРТВИ

Исусовата смрт му овозможила проштавање или отпишување на нашите гревови. Меѓутоа, отпишувањето на гревот вклучува многу повеќе отколку укинување на казната за прекршување на заветот. Ова опфаќа и други, подеднакво важни елементи. Затоа израелскиот жртвен систем имал пет различни видови жртви. Секој од нив бил неопходен за да се изрази богатството на значењето на Христовиот крст.

**Прочитајте Ефесјаните 3,14-19. Какво барање за молитва упатил Павле во корист на верниците?**

---

**Жртвата паленица** (холокаустот) барала целото животно да се спали на олтарот (3. Мојсеева 1 глава). Таа го претставувала Исуса, чиј живот бил потрошен за нас. За помирување било потребно Исус целосно да ни се предаде. Иако бил еднаков со Бога, Исус себеси „се понизи, земајќи лик на слуга“ (Филипјаните 2,5-8).

**Приносот во жито** бил дар на благодарност за Божјата грижа за својот народ (3. Мојсеева 2). Тој, исто така, го претставувал Исуса, „лебот на животот“ (Јован 6,35.48), преку кого имаме вечен живот.

**Жртвата на благодарност** подразбирала заеднички оброк со пријателите и семејството за да се прослави благосостојбата што Бог ја обезбедил (3. Мојсеева 3). Таа го претставувала Христа, чија жртва ни обезбедила мир (Исаија 53,5; Римјаните 5,1; Ефесјаните 2,14). Освен тоа, таа нагласува дека и ние мора да учествуваме во Исусовата жртва јадејќи го Неговото тело и пиејќи ја Неговата крв (Јован 6,51-56).

**Жртвата за грев или очистување** обезбедувала откуп за гревовите (3. Мојсеева 4,1 – 5,13). Оваа жртва ја нагласувала улогата на крвта на животното – која го претставувала нејзиниот живот – во простувањето (3. Мојсеева 17,11) и укажувала на Исусовата крв којашто нѐ избавува од нашите гревови (Матеј 26,28; Римјаните 3,25; Евреите 9,14).

**Жртвата за престап** (3. Мојсеева 5,14-6,7) обезбедувала проштавање во случаи кога било можно обесштетување или надомест. Таа посочува дека Божјето простување нѐ ослободува од одговорноста да им обезбедиме обесштетување или надомест, кога тоа е можно, на оние на кои сме им нанеле зло.

Жртвите во светилиштето нѐ учат дека искуството на спасението е повеќе отколку само прифаќање на Исуса како наша замена. Ние мора и да се „храниме“ со Него, да ги споделуваме нашите предимства со другите и да им обезбедиме обесштетување на оние на кои сме им нанеле неправда.

## ИСУСОВАТА СОВРШЕНА ЖРТВА

**Како е опишана Исусовата жртва во Евреите 7,27 и Евреите 10,10?**

---

Левитските свештеници – меѓу кои имало многу, „зашто смртта не им даваше да остане само еден“ (Евреите 7,23) – се споредуваат со Исуса, кој живее вечно и има вечно свештенство (Евреите 7,24.25). Левитските свештеници принесувале дарови и жртви „секој ден“ (Евреите 7,27) и „секоја година“ (Евреите 9,25), но тие „не можат да го направат совршен по совеста оној што служи“ (Евреите 9,9; Евреите 10,1-4).

Меѓутоа, Исус се принел себеси „еднаш засекогаш“, со „една жртва“ (Евреите 10,10.12.14), што ја чисти нашата совест (Евреите 9,14; Евреите 10,1-10) и го ништи гревот (Евреите 9,26). Исусовата жртва е надмоќна во однос на животинските жртви, бидејќи Исус е Божји Син (Евреите 7,26-28) кој совршено ја исполнил Божјата волја (Евреите 10,5-10).

Описот на Исусовата жртва, како онаа која се случила „еднаш засекогаш“, упатува на неколку важни подробности.

Прво, Исусовата жртва е совршено делотворна и никогаш не може да биде надмината. Жртвите на левитските свештеници секогаш одново се принесувале, бидејќи не биле делотворни. Во спротивно, „би престанале да ги принесуваат, зашто не би биле свесни за гревови оние кои служејќи така, еднаш се очистени?“ (Евреите 10,2)

Второ, сите различни видови старозаветни жртви нашле свое исполнување на крстот. Според тоа, Исус не само што нè чисти од гревот (Евреите 9,14), туку и нè посветува (Евреите 10,10-14), отстранувајќи го гревот од нашиот живот (Евреите 9,26). Свештениците, пред да пристапат да му служат на Бога во светилиштето во име на своите ближни, морале и самите да бидат очистени и посветени (3. Мојсеева 8, 9). Исусовата жртва нè чисти и нè посветува (Евреите 10,10-14) за да можеме со доверба да му пристапиме на Бога (Евреите 10,19-23) и да Му служиме како „царско свештенство“ (Евреите 9,14; 1. Петрово 2,9).

Конечно, Исусовата жртва исто така обезбедува и храна за нашиот духовен живот. Таа дава пример којшто мора да го набљудуваме и да го следиме. Затоа Посланието до Евреите нè повикува сосредоточено да гледаме на Исуса, особено на настаните на крстот, и да го следиме Неговото водство (Евреите 12,1-4; Евреите 13,12.13).

**Крстот е основа на сите благодети што ни ги дава Бог. Тој овозможува чистење од гревот, посветување за служба, исхрана и раст. Како можеме уште подобро да го искусиме она што ни е дадено во Исуса?**

## КРСТОТ И ЦЕНАТА НА ПРОСТУВАЊЕТО

**Прочитајте Евреите 9,22-28. Што ни кажува овој текст за Христовата служба во небесното светилиште?**

Идејата дека на небесното светилиште му треба чистење, има смисла во контекст на старозаветното светилиште. Светилиштето е симбол на Божјото владеење (1. Самоилова 4,4; 2. Самоилова 6,2), а начинот на кој Бог се справува со гревот на својот народ влијае на тоа каков впечаток се стекнува за праведноста на Неговата власт (Псалм 97,2). Како владетел, Бог е судија на својот народ и од него се очекува да биде чесен, да ги брани невините и да ги осуди виновните. Затоа, кога Бог му простува на грешникот, тој ја презема одговорноста на судија. Светилиштето, кое го претставува Божјиот карактер и управа, е загадено. Ова објаснува зошто Бог ги носи нашите гревови кога ни простува (2. Мојсеева 34,7; 4. Мојсеева 14,17-19 – изворниот еврејски термин за „простување“ (nōśēʾ) во овие стихови буквално значи „носење, поднесување“).

Жртвениот систем во израелското светилиште ја илустрирал оваа мисла. Кога некој барал проштавање, тој би го донел животното како жртва наместо себеси, ги признавал своите гревови и го колел. Роговите на олтарот ги мачкале со крвта на животното, или била попрскана пред завесата во првото одделение на храмот. Така гревот симболично се пренесувал во светилиштето. Бог ги преземал гревовите на луѓето и самиот ги носел.

Во израелскиот систем, чистењето од гревот или помирувањето се одвивало во две фази. Во текот на годината, покајаните грешници принесувале жртви во светилиштето, при што тие самите биле чистени од гревот, но нивниот грев се пренесувал во светилиштето, на самиот Бог. На крајот на годината, на Денот на помирување, кој бил Суден ден, Бог го чистел светилиштето, ослободувајќи се од својата одговорност како судија со тоа што гревовите ги пренесувал од светилиштето на жртвениот јарец Азазел, кој го претставувал сатаната (3. Мојсеева 16,15-22).

Овој двофазен систем, претставен со две простории во земното светилиште, што било модел на небесното светилиште (2. Мојсеева 25,9; Евреите 8,5), му дозволувало на Бога едновремено да покаже и милост и правда. Оние што ги признавале своите гревови во текот на годината, ја покажувале својата преданост на Бога со почитување на свечениот одмор и со преиспитување на Денот на помирувањето (3. Мојсеева 16,29-31). Оние што не би покажале таква преданост би биле „истребени“ (3. Мојсеева 23,27-32).

**Замислете како би било да се соочите со праведната казна за вашите гревови. Како ова може да ви помогне да разберете што направил Христос за вас?**

## СУДОТ И БОЖЈИОТ КАРАКТЕР

**Прочитајте ги следните текстови: Римјаните 3,21-26; Римјаните 1,16.17 и Римјаните 5,8. Што ни открива за Бога откупувањето на Крстот заради простување на нашите гревови?**

___

Простувањето на нашите гревови вклучува две фази во Исусовото посредување, во двете одделенија на небесното светилиште. Прво, Исус ги отстранил нашите гревови и сам ги понел на крстот, за да им обезбеди проштавање на сите што веруваат во Него (Дела 2,38; Дела 5,31). На крстот Исус добил право да му прости на секој што верува во Него, зашто Тој ги понел гревовите на сите луѓе. Тој, исто така, вовел нов завет, кој му овозможува да го втисне Божјиот закон во срцата на верниците преку Светиот Дух (Евреите 8,10-12; Езекиел 36,25-27).

Втората фаза од Исусовата службата го опфаќа судот – предадвентниот суд, кој од гледна точка на Посланието до Евреите сè уште бил во иднина (Евреите 2,1-4; Евреите 6,2; Евреите 9,27.28; 10,25). Овој суд започнува со Божјиот народ и е опишан во следните текстови: Даниел 7,9-27; Матеј 22,1-14 и Откровение 14,7. Неговата цел е да покаже дека Бог е праведен кога му простува на својот народ. На тој суд, извештаите за нивниот живот ќе се стави на увид на целата вселена. Бог ќе покаже што се случувало во срцата на овие верници, како тие го прифатиле Исуса како свој Спасител и го примиле Неговиот Дух во нивниот живот.

Во врска со тој суд, Елен Г. Вајт напиша: „Човек не може сам да се одбрани со овие обвинувања. Тој стои пред Бога во својата облека извалкана од гревот признавајќи ја својата вина. Но, Исус, нашиот Застапник, упатува делотворна молитва во полза на сите оние кои му ја доверуваат својата душа со покајание и вера во неговата грижа. Тој се залага за нивниот случај и го победува нивниот обвинител со моќните докази од Голгота. Со Неговата совршена послушност кон Божјиот закон, дури и до смрт на крстот, Тој ја стекнал сета власт над небото и земјата, и бара од Својот Татко милост и простување за помирување за виновните... Иако секогаш треба да бидеме свесни за нашата грешна состојба, ние мора да се потпреме на Христа како наша праведност, наше посветување и откупување. Ние не можеме да одговориме на обвинувањата што сатаната ги упатува против нас. Само Христос може да упати делотворна молитва во наша полза. Тој е во состојба да го замолчи клеветникот повикувајќи се не на нашите заслуги, туку на Неговите лични заслуги“ (*Сведоштва за Црквата*, том. 5, стр. 471, 472).

**Зошто крстот и Исусовата служба во наша полза ни даваат до знаење дека треба да гледаме на судот со доверба, но и со понизност и покајание?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата Копнежот на вековите од Елена Вајт прочитајте ги главите „Голгота“, стр. 741-757 (ориг.) и „Се сврши“, стр. 758-764 (ориг.).

Професорот Јиржи Москала ја објаснил природата на тој предадвентен суд. Бог „не е тука да ги изнесе моите гревови на виделина како во излог. Напротив, Тој прво ќе укаже на восхитувачката моќ на својата преобразувачка благодат, а потоа, пред целата вселена, Тој, како вистински Сведок на целокупниот мој живот, ќе го објасни мојот став спрема Бога, моите внатрешни мотиви, моето размислување, моите дела, моите насоки и правец на животот. Тој сето тоа јасно ќе го изложи. Исус ќе посведочи дека сум направил многу грешки, дека сум го прекршил Неговиот свет закон, но и дека сум се покајал, сум побарал проштавање и сум се променил со Неговата благодат. Тој ќе изјави: ‘Мојата крв е доволна за грешникот Москала! Неговиот живот е насочен кон мене. Неговиот став спрема мене и спрема другите луѓе е топол и несебичен. Во него можам да имам доверба. Тој е мој добар и верен слуга’“ (*Toward a Biblical Theology of God’s Judgment: A Celebration of the Cross in Seven Phases of Divine Universal Judgment*, Journal of the Adventist Theological Society 15; Spring 2004: p. 155).

„Избавените и безгрешни суштества во Христовиот крст ќе пронајдат своја наука и своја песна. Ќе видат дека славата што блескоти од Христовото лице всушност е славата на неговата самопрегорна љубов. Во светлината од Голгота ќе се види дека законот на таа самопрегорна љубов е закон на животот за земјата и за небото; дека љубовта која ’не го бара своето’ има свој извор во Божјето срце; дека во Оној, кој бил кроток и понизен, се открил карактерот на Оној кој живее во светлина кон која ниеден човек не може да пристапи“ (*Копнежот на вековите,* стр. 19, 20 ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Луѓето отсекогаш биле склони да му принесуваат разни жртви на Бога во замена за проштавање или спасение. Некои му нудат на Бога херојски дела на покајание (долги патувања и сл.). Други нудат живот посветен на служба, самонаметнато лишување, итн. Како треба да се гледа на овие дела во светлината на Исусовата жртва и тврдењето на Светото писмо дека крстот ги укинал сите тие жртви (Даниел 9,27; Евреите 10,18)?**

2. **Во исто време, која е улогата на жртвата во животот на верникот? Што мислел Исус кога рекол дека треба да го земеме својот крст и да Го следиме (Матеј 16,24), или апостол Павле кога рекол дека треба да го принесуваме своето тело како „жива, света и угодна жртва на Бога“ (Римјаните 12,1).)? Во каква врска се Исусовите упатства (Матеј 16,24) и упатствата на Павле (Римјаните 12,1) со текстот Евреите 13,15.16?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 10**
**Од 26 февруари до 4 март 2022**

# ИСУС НЀ ВОДИ ЗАД ЗАВЕСАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 9,24; 2. Мојсеева 19,3.4; Евреите 12,18-21; 3. Мојсеева 16,1.2; Евреите 10,19-22; Колошаните 3,1.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто Христос не влезе во ракотворна Светина, која е образ на вистинската, туку во самото небо, за да се јави сега пред Божјото лице за нас“ (Евреите 9,24).**

Кога учениците се вратиле од Маслинската гора, веднаш откако Исус се вознел на небото, биле исполнети со дух на радост и победа. Нивниот Учител и Пријател се издигнал на позиција на моќ над овој свет и ги повикал да му пристапуваат на Бога во Негово име со целосна доверба дека Бог ќе одговори благонаклоно на нивните молитви (Јован 14,13.14). Иако тие продолжиле да живеат во светот и да трпат напади од злите сили, нивната надеж била силна. Тие знаеле дека Исус отишол да им подготви место (Јован 14,1-3). Знаеле дека Тој е Началник на нивното спасение и дека со својата крв го отворил патот до небесната татковина.

Исусовото вознесение на небото има централно место во теологијата на Посланието до Евреите. Тоа го означува почетокот на Исусовото владеење и почеток на Неговата првосвештеничка служба во наша полза. Конечно, и што е уште поважно, Исусовото вознесение го означува моментот кога стапил во сила новиот завет, обезбедувајќи начин храбро да му пристапиме на Бога со вера. Ние сега имаме предност да му пристапуваме на Бога со доверба благодарение на Исуса и на заслугите на Неговата праведност.

## ИСУС ПРЕД ОТЕЦОТ

**Прочитајте Евреите 9,24. Според овој текст, која била целта на Исусовото вознесение на небото?**

Бог наложил сите луѓе во Израел да одат во Ерусалим три пати годишно за „да се јавува пред Господ“ со жртви и приноси. Ова секогаш се случувало во одредено време: на празникот Пасха (бесквасни лебови), на празникот Педесетница (Духови) и на празникот Сеници (2. Мојсеева 23,14-17; 5. Мојсеева 16,16). За време на Пасха, се славело ослободувањето на Израел од Египет. Во времето на Педесетница, се славела жетвата на јачменот, и до времето на Новиот завет, таа почнала да се поврзува со давање на законот на Синај. На празникот Сеници, се прославувала Божјата грижа над Израел за време на нивниот престој во пустината. Меѓутоа, според Новиот завет, сите овие старозаветни празници имале и свое пророчко значење.

Текстот Евреите 9,24 го опишува Исусовото вознесение во присуство на Отецот. Тој стигнал во небесното светилиште – она „вистинското“, за да се „покаже“ пред Бога со подобра жртва (Евреите 9,23.24) – со сопствената крв.

Со неверојатна прецизност Исус го исполнил пророчкото значење на поклоничките празници. Тој умрел на денот на подготовка за Пасха, во деветтиот час, во моментот кога се жртвувало пасхалното јагне (Јован 19,14; Матеј 27,45-50). Тој воскреснал на третиот ден и се вознел на небото за да прими уверување дека Неговата жртва е прифатена (Јован 20,17; 1. Коринќаните 15,20), токму во мигот кога свештеникот требало да мавта со зрелиот јачмен како прв плод (3. Мојсеева 23,10-12). Потоа, 40 дена подоцна, се вознел да седне од десната страна на Бога и да воспостави нов завет на денот Педесетница (Дела 1,2).

Целта на поклоништвото во древниот Израел била да „го гледам лицето Божјо?“ (Псалм 42,2). Ова значело да се доживее Божјата наклоност (Псалм 17,15). Слично на ова, еврејскиот израз „да го гледам лицето Божјо“ значел да се бара Божјата помош (2. Летописи 7,14; Псалм 27,8; Псалм 105,4). Според Посланието до Евреите, тоа е смислата на Исусовото вознесение. Исус излегол пред Бога со совршена жртва. Тој се вознел на небото и, како наш претходник, влегол во Божјото присуство (Евреите 6,19.20). Тој го исполнил ветувањето дадено за верниците кои, додека патуваат, „бараат татковина“, „сакаат подобра“, и чекаат „град... чиј градител и творец е Бог“ (Евреите 11,10.13-16).

**И повторно, зошто реалноста на она што го направил Христос, не само на крстот, туку и она што го прави сега на небото, треба да ни пружи сигурност во спасението?**

## БОЖЈИОТ ПОВИК

**Прочитајте Евреите 12,18-21. Какво искуство имал Израел на гората Синај?**

________________________________________________________________

________________________________________________________________

Кога Бог го повикал Израел од Египет, неговиот план бил да изгради личен, близок однос со нив. Тој им порачал: „Сами видовте што им направив на Египќаните и како ве изнесов на крилја орлови, ве прибрав кај Себе“ (2. Мојсеева 19,3.4).

Затоа Бог, преку Мојсеј, ги дал потребните упатства за да ги подготви луѓето да се сретнат со Него. Народот прво требало да се освети (2. Мојсеева 19,10-15). Оние што би стапнале во подножјето на планината без подготовка, би загинале. И тогаш, по два дена подготовка, Бог наредил на третиот ден, „кога трубата ќе затруби... тогаш ќе можат да се качат на планината“ (2. Мојсеева 19,13). Тој сакал и тие да го имаат искуството што го имал Мојсеј и другите водачи кога „тие Го видоа Бога, па јадеа и пиеја“ во Негово присуство (2. Мојсеева 24,9-11). Народот подоцна сфатил дека ја видел Божјата слава и дека навистина е можно „Бог да зборува со човекот“, а човекот да остане жив (5. Мојсеева 5,24). Меѓутоа, во клучниот момент, им недостасувало вера. Години подоцна, Мојсеј објаснил: „Вие се плашевте од огнот и не излеговте на планината“ (5. Мојсеева 5,5). Наместо тоа, тие побарале од Мојсеја да им биде посредник (5. Мојсеева 5,25-27; споредете со 2. Мојсеева 20,18-21).

Пројавувањето на Божјата светост на гората Синај требало да ги научи луѓето да се „плашат“ од Него, односно да Го почитуваат. „Стравот Господов“ носи живот, мудрост и чест (5. Мојсеева 4,10; споредете со следните текстови: Псалм 111,10; Мудри изреки 1,7; Мудри изреки 9,10; Мудри изреки 10,27). И, исто така, требало да научат дека Тој е милостив и благонаклонет (2. Мојсеева 34,4-8). Но, додека Бог сакал Израел да дојде кај Него, народот се исплашил и побарал од Мојсеја да им биде посредник. Описот на настаните на Синај во Посланието до Евреите првенствено го следи излагањето на Мојсеј, во кое тој го потсетува народот на нивниот недостаток на вера и отпадништво со златното теле, истакнувајќи дека и тој самиот се уплашил од средба со Бога заради нивниот грев (5. Мојсеева 9,19). Реакцијата на народот не била исход на Божјиот план за нив, туку последица на нивното неверство.

**Зошто, благодарение на Исуса, не треба да се плашиме да му пристапиме на светиот Бог? Сепак, кои услови постојат за да можеме да му пристапиме?**

## ПОТРЕБАТА ЗА ЗАВЕСА

Завесите имаат двојна улога. Изразот што го користи Посланието до Евреите за завесата (*катепетасма*) може да се однесува на завесата на влезот во тремот (2. Мојсеева 38,18), потоа на онаа низ која се влегувало во надворешното одделение на светилиштето (2. Мојсеева 36,37), или на внатрешната завеса што ја одделувала Светињата од Светињата над светињите (2. Мојсеева 26,31-35). Тие три завеси едновремено претставувале влез, но и граница што можеле да ја преминат само одредени луѓе.

**Прочитајте ги текстовите 1. Мојсеева 16,1.2 и 3. Мојсеева 10,1-3. Какво предупредување наоѓаме овде?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Завесата им обезбедувала заштита на свештениците додека служеле пред светиот Бог. По гревот со златното теле, Бог му рекол на Мојсеја дека нема да ги следи на патот до Ветената земја за да не ги сотре, бидејќи тие се „тврдоглав народ“ (2. Мојсеева 33,3). Така Мојсеј морал да го премести шаторот за состанок и да го постави далеку надвор од логорот (2. Мојсеева 33,7). Сепак, откако Мојсеј се заложил за народот, Бог се согласил да појде со нив (2. Мојсеева 33,12-20), но тој вовел неколку мерки за да ги заштити луѓето додека престојувал меѓу нив.

На пример, израелскиот логор бил уреден според строг распоред, така што во средината каде што бил поставен шаторот бил оставен празен квадрат. Покрај тоа, Левитите се населиле околу шаторот за да го заштитат светилиштето и неговиот мебел од упад на странци (4. Мојсеева 1,51; 4. Мојсеева 3,10). Всушност, тие биле еден вид жива „завеса“ што го штитела израелскиот народ; „А левитите да се сместат околу скинијата на собранието, за да не падне гнев врз општеството на синовите израелски; левитите да стојат на стража при скинијата на собранието“ (4. Мојсеева 1,53).

Исус, како наш Свештеник, бил и наша завеса. Со своето отелотворување, Бог го поставил својот шатор меѓу нас и ни дал можност да ја набљудуваме Неговата слава (Јован 1,14-18). Ова му овозможило на светиот Бог да живее среде несовршен народ.

**Размислете што значело тоа што Бог, Творецот, Оној што ја создал вселената, живеел меѓу Својот народ, кој во тоа време бил народ на избегани робови. Што можеме да научиме од ова во врска со фактот колку Бог може да ни биде близок?**

## НОВ И ЖИВ ПАТ НИЗ ЗАВЕСАТА

**Прочитајте Евреите 10,19-22. Кој повик го наоѓаме во тој текст?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Посланието до Евреите тврди дека Исус влегол во небесното светилиште и нè повикува да го следиме во тоа. Оваа замисла е во согласност со претходно претставениот концепт дека Исус е „Зачетник“ и претходник на верниците (Евреите 2,10; Евреите 6,19.20; Евреите 12,2). „Нов и жив пат“ е новиот завет што Исус го воспоставил со својата жртва и вознесение. Изразот „нов и жив“ е спротивен на описот на стариот завет како нешто „ветво и застарено“ (Евреите 8,13). Бидејќи, новиот завет е оној што обезбедува простување на гревовите и го втиснува законот во нашето срце, ни овозможува да му пристапиме на Бога со доверба, не благодарение на самите нас или на нешто што ние сме направиле, туку само на она што Исус го направил за нас со исполнување на сите заветни обврски.

Во Посланието до Евреите се забележува дека воведувањето на стариот завет вклучувало изградба на светилиште и посветување на свештеници (Евреите 9,18-21; спореди 2. Мојсеева 40; 3. Мојсеева 8; 9). Целта на заветот била да се создаде блиска врска меѓу Бога и Неговиот народ (2. Мојсеева 19,4-6). Кога Израел го прифатил овој однос, Бог веднаш заповедал да се изгради светилиште за да може да живее меѓу нив. Посветувањето на светилиштето и Божјото присуство среде Неговиот народ е момент кога заветот меѓу Бога и Израел бил довршен.

Истото важи и за новиот завет. Новиот завет, исто така, подразбира воспоставување на Исусовата свештеничка служба во наша полза (Евреите 5,1-10; Евреите 7,1 – 8,13).

Со Исусовото вознесение во Божјо присуство, започнал нов период за Божјиот народ. Текстот Захарија 3 го опишува сатаната како стои во Божје присуство и го обвинува Неговиот народ, претставен во ликот на првосвештеникот Исус. Ова е истиот обвинител кој поставил прашања за верноста на Јов кон Бога (Книгата за Јов 1-2). Меѓутоа, со жртвата на Исус, сатаната бил истеран од небото (Откровение 12,7-12; споредете со Јован 12,31; Јован 16,11). Сега, Исус е тој што посредува за нас и, врз основа на неговата жртва и верност, бара да бидеме спасени!

**Какви обвинувања може да изнесе сатаната против вас пред Бога, кога би му било дозволено да го стори тоа? Иако е лажец, колку навистина би морал да лаже за вас за да ја побара вашата осуда? Која е вашата единствена надеж?**

## ЌЕ ГО ВИДАТ НЕГОВОТО ЛИЦЕ

**Прочитајте Евреите 12,22-24. Во која смисла ние сме пристапиле во небесниот Ерусалим и сме влегле во Божјето присуство?**

---

Се тврди дека светите со вера „пристапиле“ на гората Сион, небесниот Ерусалим. Во таа смисла, нивното искуство е најава на иднината. Така, небесниот Ерусалим припаѓа на редот на нештата во кои „се надеваме“ и „не ги гледаме“, но и покрај тоа ни се обезбедени врз основа на верата (Евреите 11,1).

Но, иако е вистина, сепак тоа не е целосното значење на овој текст. И ние сме дошле на гората Сион и сме влегле во самото присуство на Бога преку нашиот претставник Исус (Ефесјаните 2,5.6; Колошаните 3,1). Исусовото вознесение не е прашање на вера, тоа е факт. Токму оваа историска димензија на Исусовото вознесение им дава неодолива сила на зборовите со кои Посланието до Евреите нè поттикнува да се држиме цврсто за нашето исповедање на верата (Евреите 4,14; 10,23). Павле вели: „Имајќи го големиот Првосвештеник кој преминал преку небесата..., слободно да пристапуваме кон престолот на благодатта“ (Евреите 4,14.16).

Според тоа, преку нашиот претставник, ние веќе сме пристигнале таму, и затоа треба да се однесуваме соодветно на тоа. Преку Него сме го вкусиле „небесниот дар... од убавата Божја реч и од силите на идниот век“ (Евреите 6,4.5). Реалноста на Исусовото вознесение и службата во небесното светилиште е „за нашата душа цврста и сигурна котва“ (Евреите 6,19), гаранција дека ветувањата се цврсто втемелени и достојни за доверба (Евреите 7,22). За нас, верата има историска котва.

Во секој случај, Божјата цел ќе се исполни не само во Исуса, туку и во нас. Рековме дека Исусовото вознесение ја исполнило типологијата на првите две годишни поклоништва во Израел – Пасха и Педесетница. Но, според Посланието до Евреите и книгата Откровение, последното поклоништво, празникот Сеници, допрва треба да се исполни. Него ќе го прославиме заедно со Исуса, кога ќе бидеме во градот „чиј градител и творец е Бог“ – во небесната татковина (Евреите 11,10.13-16). Ние нема да правиме Сеници, туку Божјата сеница или шатор ќе се спушти од небото и оттогаш ќе живееме со Него – засекогаш (Откровение 7,15-17; Откровение 21,1-4; Откровение 22,1-5; 4. Мојсеева 6,24-26).

**Како можеме да научиме тоа ветување за вечниот живот да го направиме реално за нас во овој момент, среде свет толку полн со болка и страдања? Каков одговор можете да им дадете на оние кои велат дека сето ова е само фантазија која ни помага да се чувствуваме подобро во нашиот живот, овде и сега?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Христовото вознесение на небото претставувало знак дека неговите следбеници ќе го добијат ветениот благослов. Токму тоа тие и го очекувале пред да пристапат кон своето дело. Враќајќи се повторно на небото, Христос бил свечено устоличен со најдлабока почит и обожавање од страна на сите ангели. Штом завршил овој обред, Светиот Дух слегол во обилни млазеви врз учениците и Христос навистина е прославен со славата што ја имал со Отецот од создавањето на светот. Излевањето на Светиот Дух на денот Педесетница (Дуовден), претставувало небесно соопштение дека е извршено крунисување на Откупителот. Според даденото ветување, Тој им го пратил од небото на своите следбеници Утешителот како знак дека Тој, во својство на свештеник и цар, ја примил сета власт на небото и на земјата и дека овде навистина бил Помазаник над својот народ...

Исусовото име можеле да го изговараат со сигурност, зашто – нели Тој бил нивни Пријател и постар Брат? Одржувајќи тесна врска со Христа додека бил на земјата, тие останале со него и кога заминал на небото. Со какви пламени зборови ги изразувале своите мисли кога сведочеле за него!“ Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 38, 46 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Псалмистот вели: „Душата моја жедува за Бога, за живиот Бог: кога ќе дојдам и ќе го гледам лицето Божјо?“ (Псалм 42,2). Како можеме и ние да ја почувствуваме истата жед за Божјото присуство? Ако сега не се радуваме во Божјото присуство, кога Му пристапуваме и му се поклонуваме со вера, дали ќе се радуваме во иднина? Што е тоа што прави да имаме радост пред Бога?**
2. **Во една книга, во која се исмева верата, се зборува за тоа како некој направил робот во кој требало да верува наместо нас. Иако станува збор за сатира, зошто треба да внимаваме да не го повториме истото што го направи Израел во пустината, односно да не бараме посредници меѓу Бога и нас? Склони сме да им дозволиме на другите да ја проучуваат Библијата наместо нас и да ги наоѓаат скапоцените вистини во неа. Некои се во искушение да мислат дека, пред Бога, молитвите на другите луѓе во нивна полза имаат поголема тежина отколку нивните сопствени молитви. Зошто треба да ја избегнуваме оваа духовна стапица? Зошто можеме, благодарение на Исуса, да му пристапиме на Бога без потреба од некој друг?**
3. **Посланието до Евреите зборува за сигурноста на спасението. Но, зошто мора да внимаваме да не помислиме за лажната сигурност дека е вистинска?**

**Поука 11**
**Од 5 – 11 март 2022**

# ИСУС – ЗАЧЕТНИК И ДОВРШИТЕЛ НА ВЕРАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Евреите 10,35-39; Римјаните 1,17; Евреите 11; Исус Навин 2,9-11; Евреите 12,1-3.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Имајќи го пред очи Зачетникот и Довршителот на верата – Исус, Кој поради Неговата идна радост претрпе крст, занемарувајќи го срамот и седна од десната страна на престолот“ (Евреите 12,2).**

Единаесеттата и дванаесеттата глава од Посланието до Евреите веројатно се најомилените глави на оваа книга. Христијанскиот живот во нив е опишан како трка во која сите учествуваме и во која сите кои ќе останат верни ќе добијат награда. Тука е опишана драмата на откупувањето како трка во која верните луѓе од минатото издржале наспроти страдањата, но сѐ уште не ја добиле својата награда.

Причината за тоа е што приказната се завршува со нас, а не со нив. Нам ни припаѓа завршниот чин. Врвот на драмата настанува во моментот кога ние влегуваме во трката и го трчаме последниот круг, додека Исус седи на целната линија од десната страна на Бога. Тој ни дава вдахновение, но и пример како најдобро да ја трчаме трката. Тој е најверниот сведок дека наградата е реална и Преттеча „што го зарамнува патот пред нас“ (Евреите 6,19.20; 10,19-23).

Единаесеттата глава на Посланието до Евреите ни објаснува дека верата, всушност претставува доверба во Божјите ветувања дури и кога не можеме да ги видиме. Во оваа поука поблиску ќе проучуваме за тоа што претставува верата и како таа се стекнува, разгледувајќи ги примерите од минатото, особено од примерот на Исус, „Зачетникот и Довршителот на нашата вера“ (Евреите 12,2).

## ПРАВЕДНИКОТ ЌЕ ЖИВЕЕ ОД СВОЈАТА ВЕРА

**Прочитајте Евреите 10,35-39. Што ни кажува Бог во овие стихови?**

____________________________________________________________

Издржливоста или трпението е карактеристика на Божјиот народ на последното време, без која не ќе може да ги примат ветувањата (Откровение 13,10; 14,12). Меѓутоа, за да издржат до крајот, верниците мора тврдо да се држат до својата вера (Евреите 10,23; 4,14). Павле укажува дека пустинската генерација не можела да го прими ветувањето бидејќи им недостасувало вера (Евреите 3,19). Ова послание ни ги опишува верниците како такви кои стојат на прагот на исполнувањето на ветувањето (Евреите 9,28; 10,25.36-38) и кои, за да ги примат ветувањата, мора да покажат вера (Евреите 10,39).

Павле го почнува излагањето за верата повикувајќи се на текстот Авакум 2,2-4, каде Авакум го прашува Бога зошто ги трпи безбожните луѓе кои ги угнетуваат праведниците (Авакум 1,12-17). Пророкот и неговиот народ страдале и посакувале Бог да дејствува. Меѓутоа, Бог одговара дека постои одредено време за исполнување на Неговото ветување и дека е потребно да почекаат (Авакум 2,2-4). Авакум и неговиот народ живееле како нас, во време помеѓу давањето и исполнувањето на ветувањето. Божјата порака продолжува во Посланието до Евреите: „Ќе дојде Оној кој треба да дојде и нема да задоцни“ (Евреите 10,37; види Авакум 2,3).

Оваа порака се однесува на Исуса. Тој е Праведник, отелотворување на верата која му е угодна на Бога и која дава живот (Евреите 10,5-10).

Тогаш зошто да доцни? Тој нема да го направи тоа, бидејќи веќе дошол да умре заради нас (Евреите 9,15-26) и сигурно во одредено време повторно ќе се врати (Евреите 9,27.28; Евреите 10,25)

Божјата порака продолжува со зборовите: „А праведникот преку верата ќе биде жив“ (Евреите 10,38). Павле го изнесува истото тврдење во Римјаните 1,17 и Галатјаните 3,11. Текстот во Римјаните 1,16.17 фрла посебна светлина, бидејќи објаснува дека „Божјата правда се јавува... од вера во вера.“ Павле тука сака да каже дека Божјата верност кон Неговите ветувања е на прво место, додека нашата верност всушност е само резултат на Неговата верност.

Затоа што Бог останува верен на своите ветувања (2. Тимотеј 2,13), и праведниците, како одговор на Божјата верност, ќе останат постојани и верни.

**Зошто е важно да разбереме дека нашата вера произлегува од Божјата верност и дека се храни со неа? Како може да научиме повеќе да се надеваме во неговата верност кон нас и ветувањата што Тој ни ги дал?**

## СО ВЕРА АВРАМ...

Посланието до Евреите ја дефинира верата како „подлога за увереноста во она на кое се надеваме – убеденост во она што не се гледа“ (Евреите 11,1). Потоа наведува многу луѓе од историјата на Израел кои со пример покажале што е вера и открива со какви дела ја докажале истата.

**Прочитајте Евреите 11,1-19. Што правеле хероите на верата за да ја докажат својата вера на дело? На кој начин нивните постапки се поврзани со надежта во она што не го гледаме?**

---

Веројатно, Аврам е најважниот лик во оваа глава. Последниот Аврамов чин на верата е особено поучен во поглед на природата на вистинската вера.

Посланието до Евреите како да невестува дека постои извесна противречност во тоа што Бог му наложува на Аврам да го принесе Исак на жртва (Евреите 11,17.18). Исак не бил единствениот Аврамов син. Исмаил бил негов првенец, па сепак Бог му вели дека на барањето на Сара треба да одговори позитивно и да го отфрли Исамаил и неговата мајка, бидејќи Тој ќе се погрижи за нив. Му ветил дека неговото потомство ќе се нарекува по неговиот син Исак (1. Мојсеева 21,12.13). Меѓутоа, веќе во следната глава, Бог бара од Аврам да го принесе Исак како жртва паленица. Се стекнува впечаток дека Божјето упатство во текстот во 1. Мојсеева 22 е во комплетна спротивност со Божјите ветувања за кои читаме од 12 до 21 глава на 1. Мојсеева.

Авторот на Посланието до Евреите забележува дека Аврам на извонреден начин ја решил оваа загатка, заклучувајќи дека Бог сигурно ќе го воскресне откако тој ќе го жртвува Исак. Тоа е просто неверојатно, бидејќи до тогаш никој не бил воскреснат. Меѓутоа, се чини дека Аврам и неговото претходно искуство со Бога го довело до тој заклучок. Текстот во Евреите 11,12 напомнува дека Исак е зачнат со Божја сила од некој кој бил „речиси мртов“. Исто така, Павле забележува дека Аврам, и покрај тоа што веќе бил „речиси мртов“ и што Сара била неплодна, верувал и се надевал „без никаква основа за надеж, поверува со надеж дека ќе стане татко на многу народи“, надевајќи се во Оној „Кој ги оживува мртвите и го повикува да суштествува, она што не суштествува“ (Римјаните 4,17-20). Според тоа, Аврам веројатно тргнал од претпоставката дека во одредена смисла Бог веќе му дал на Исак живот од мртвите, па според тоа може повторно да го направи истото. Во Божјето водство во минатото, Аврам видел навестување како би можел да го води и во иднина.

**Зошто размислувањето за тоа како Бог го насочувал нашиот живот во минатото е толку пресудно за да ја зачуваме нашата вера и надеж и во сегашноста?**

## МОЈСЕЈ: ВЕРУВАЊЕ ВО ОНА ШТО НЕ СЕ ГЛЕДА

**Прочитајте во Евреите 11,20-28. Што правеле верните луѓе? На кој начин нивните дела се поврзани со надежта во она што не се гледа?**

---

Мојсеј е вториот голем пример во ова поглавје за верата. Почетокот и свршетокот на Мојсеевиот живот во Египет го одбележале две постапки со кои му се пркосело на царот. Родителите го скриле Мојсеј кога се родил, бидејќи „не се уплашија од царевата заповед" (Евреите 11,23), а подоцна Мојсеј го напуштил Египет „не плашејќи се од царевиот гнев" (Евреите 11,27). Меѓутоа, најзначајната Мојсеева постапка била таа што одбил да се нарекува син на фараоновата ќерка (Евреите 11,24). Спомнувањето на посвоителката на Мојсеј како ќерка на фараонот, укажува на тоа дека тој требало да биде следниот фараон. Меѓутоа, шансата да стане владетел на најмоќната држава во тоа време, Мојсеј бил подготвен да ја занемари и наместо тоа да стане водач на штотуку ослободените робови – бегалци.

**Споредете ги текстовите Евреите 11,24-27 и Евреите 10,32-35. Кои сличности постоеле меѓу ова Мојсеево искуство и ситуацијата во која се наоѓале првите примател на Посланието до Евреите?**

---

Мојсеевата големина се гледала во тоа што бил во состојба да ги набљудува работите подалеку од ветувањата на египетскиот владетел и својот поглед да го насочи кон невидливото – имено, кон Божјите ветувања. Посланието до Евреите наведува дека клучот бил во тоа што Мојсеевиот поглед бил прикован кон „наградата" а не кон египетските богатства. Тоа е истата награда што се споменува во Евреите 10,35 и која Бог им ја ветил на сите оние што веруваат во Него.

Павловите зборови за Мојсеевата одлука мора силно да одекнале во срцата на неговите првобитни читатели. Тие претрпувале многу обвиненија и навреди поради својата вера во Христа. Биле напаѓани и останувале без својот имот (Евреите 10,32-34). Некои завршиле во затвор (Евреите 13,3). Слично на тоа, и Мојсеј избрал да трпи неволји заедно со Божјиот народ, заменувајќи го богатството на Египет со живот исполнет со навреди заради Христа, бидејќи верувал дека Христовата награда е поголема од сето она што можел Египет да му го понуди.

**Со какви битки се соочувате вие поради вашата вера? Од што сте мораде да се откажете? Зошто ветената награда е толку вредна за да се претрпи сето тоа, иако во овој момент не можете да ја видите?**

## СО ВЕРА РАВА И ОСТАНАТИТЕ...

**Прочитајте го текстот во Евреите 11,31 и Исус Навин 2,9-11. Зошто паганската проститутка, Рава, била опфатена со текстот за светите библиски личности?**

Веројатно Рава била најмалку очекуваната личност која може да ја сретнеме во 11 глава на Посланието до Евреите. Таа е една од двете жени кои се спомнуваат по име на ова место. Спомната е десетта по ред. Први биле предците и патријарсите на Израел, од кои секој се сметал за праведен. Кога ќе дојдеме до неа, дознаваме дека не била само жена, туку паганка и проститутка.

Меѓутоа, она што најмногу изненадува е фактот дека таа претставува и тематско средиште и врв на целата глава. Низата од праведни личности е организирана на единствен начин. Секој дел почнува со изразот „преку вера“, кој постојано се повторува. Основниот образец гласи: „Преку вера тој го направи тоа и тоа“ или „преку вера се случи тоа и тоа“. Овој образец, што се повторува, го зголемува очекувањето на читателот, за на крајот, како врв на целата приказна, да се истакне дека Исус Навин со вера го воведе народот во Ветената земја.

Но во текстот тоа не се случува; Исус Навин е заобиколен, а неговото место го зазема една проститутка. По споменувањето на Рава, овој воспоставен образец завршува со зборовите: „И што да речам уште?“ (Евреите 11,32) Потоа Павле набрзина набројува други имиња и настани што не ги објаснува подробно.

Верното дело на Рава се состоело во тоа што го чула, поверувала и послушала, без притоа да го види. Не ги видела египетските зла, ниту избавувањето преку Црвеното Море, ниту водата што потекла од карпата, ниту лебот кој слегувал од небото. Но, сепак поверувала. Била добар пример за читателите на ова послание, кои не го слушале Исуса како проповеда, ниту го гледале како прави чуда; а добар пример е и за нас, бидејќи и ние не сме биле сведоци на овие настани.

„Рава била блудница која живеела на ѕидиштата на Ерихон. Скрила двајца израелски извидници, кои дошле да проверат каква е одбраната на градот. Поради љубезноста што ја покажала кон нив и изјавата дека верува во Бога, извидниците ѝ ветиле дека нејзиниот и животот на членовите на нејзиното семејство ќе биде поштеден при нападот на градот Ерихон“ (Елена Вајт, *Синови и ќерки Божји,* стр. 35 оригинал).

Павле потоа продолжува (Евреите 11,35-38) да ги набројува тешкотиите, со кои многумина се соочувале. Изразот „не го добија ветеното“, навестува дека некои имале можност да се спасат, но одлучиле да не го прифатат тоа бидејќи гледале на Божјата награда.

**Иако не сме виделе како се случиле овие работи, шестдневното создавање, излегувањето од Египет, Христовиот крст, зошто и ние имаме толку многу причини да веруваме во сето тоа?**

## ИСУС, ЗАЧЕТНИКОТ И ДОВРШИТЕЛОТ НА НАШАТА ВЕРА

**Прочитајте Евреите 12,1-3. На што нè повикуваат овие стихови?**

___

Ова излагање за верата својот врв го доживува со Исус во текстот запишан во Евреите 12 глава. Павле почнува да зборува за Исус како за Оној кој ќе дојде и нема да задоцни (Евреите 10,37), а завршува со изјавата за Исус како Довршител на нашата вера (Евреите 12,2). Исус е и „Зачетник и Довршител на верата“. Тоа значи дека Исус ја овозможува верата и Тој е пример кој совршено открива што подразбира животот исполнет со вера. Со Исуса, верата го достигнува својот совршен израз.

Исус е „Зачетникот“ („творец“ или „пионер – оној кој го пробива патот“) на нашата вера поради три причини.

*Прво,* Тој е единствен кој ја завршил трката во комплетна смисла на зборот. Останатите за кои зборувавме во претходната глава, сè уште не стигнале до целта (Евреите 11,39.40). Меѓутоа, Исус влегол во Божјето почивалиште на небото и седи од десната страна на Отецот. А и ние, со останатите верни, ќе владееме со Христа на небото (Откровение 20,4).

*Второ,* Исусовиот совршен живот им овозможил на верните да останат во трката (Евреите 10,5-14). Кога Исус не би дошол, трката на сите останати би била залудна.

*Трето,* Исус е причината што воопшто имаме вера. Како едно со Бога, Тој ја покажал Божјата верност кон нас. Бог никогаш не се откажал од своите напори да нè спаси и токму тоа е причината што на крајот, доколку не се откажеме, ќе ја добиеме наградата. Исус трпеливо трчал и останал верен, дури и тогаш кога ние сме биле неверни (2. Тимотеј 2,13). Нашата вера е одговор на Неговата верност.

Конечно, Исус е „Довршител“ на верата, бидејќи оставил совршен пример како се трча во трката на верата. На кој начин трчал? Го отфрлил секое бреме, откажувајќи се од сè заради нас (Филипјаните 2,5-8). Никогаш – ниту еднаш – не згрешил. Цврсто го вперил погледот кон наградата, во радоста што била пред него – да го види човечкиот род откупен со неговата благодат. Значи, Тој го поднел противењето и злоупотребувањето, не грижејќи се за срамот на крстот (Евреите 12,2.3).

Сега сме ние на ред да ја трчаме трката. Иако достигнувањата на Исус никогаш не можеме да ги постигнеме во сопствена сила, сепак пред себе го имаме неговиот совршен пример, со поглед насочен кон Него (како и другите пред нас), со вера да одиме напред надевајќи се во Неговите ветувања за величествената награда.

# ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Со вера сте станале Христови и со вера треба да пораснете во Него. Треба целосно да се дадете, своето срце, волја, служба за да ги послушате сите Негови барања. Но, мора и се да земете, Христа, полнината на благословите на престојуваат во вашето срце и да биде ваша сила, праведност, и ваш постојан помошник, да ви даде сила да послушате“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 70 оригинал).

„Бог никогаш не бара да веруваме ако не ни пружи доволно докази врз кои можеме да ја темелиме нашата вера. Неговото постоење, неговиот карактер, вистинитоста на неговата Реч, сето тоа е потврдено со докази што му се обраќаат на нашиот разум, а такви докази има многу. Сепак, Бог никогаш не ја отстранил можноста за сомневање. Нашата вера мора да почива на нашето лично осведочување, а не на набројување на докази. Оние што сакаат да се сомневаат ќе имаат прилика, додека оние што навистина копнеат да ја запознаат вистината, ќе најдат изобилство доказен материјал врз кој можат да ја темелат својата вера.

Не му е можно на ограничениот ум потполно да го сфати карактерот или делата на Бесконечниот. И за најостриот интелект, за најобразованиот ум, светото Суштество секогаш ќе мора да остане обвиткано со превез на таинственост. ’Можеш ли ти да проникнеш во тајните Божји, или да го доловиш совршенството на Семожниот? Тоа е повисоко од небото, што ќе сториш? Подлабоко е од гробот, како ќе го познаеш?‘“ (За Јов 11,7.8)“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 105 оригинал)

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Еден ранохристијански научник запишал: Credo ut intelligam, што на латински значи: Верувам, за да разберам. Текстот во Евреите 11,3 вели дека „преку верата разбираме“. Каков е односот меѓу верата и разбирањето? Зошто верата му претходи на разбирањето? Односно, зошто понекогаш мора со вера да посегнеме кон нешто што, барем на почетокот, не го разбираме, па дури потоа да ни се разјасни?**
2. **Грчкиот збор *pistis* едновремено означува и вера и верност. Зошто овие поими се важни во нашето настојување да сфатиме што значи да живееме со вера? Како овие луѓе споменати во 11 глава на Посланието до Евреите токму со верност ја докажале вистинитоста на својата вера? Како и ние може да го сториме истото?**
3. **Иако нам ни е јасно дека верата е Божји дар (Римјаните 12,3), која е нашата улога во примањето и чувањето на тој дар?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 12**
**Од 12 – 18 март 2022**

# ПРИМАЊЕ НА ЦАРСТВОТО ШТО НЕ МОЖЕ ДА СЕ РАЗНИША



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 12,18-29; 2. Мојсеева 32,32; Даниел 7,9.10.13-22; Агеј 2,6-9.20-22; Псалм 15,5; Псалм 16,8; Евреите 13,15.16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И така, примајќи го непоколебливото царство, да искажеме благодарност со која ќе Му служиме на Бога благоугодно со почит и во страв“ (Евреите 12,28).**

Текстот Евреите 12,18-29, што ќе го проучуваме во текот на оваа седмица, претставува врв на целото Послание, а во него главен нагласок се става на повторување на пораката со која започнува самото Послание – Бог ни проговара во личноста на својот Син, а ние треба да му посветиме посебно внимание (Евреите 1,1.2; Евреите 12,25). Описот на Исус во Евреите 12,22-24 го сумира тврдењето коешто целото Послание го дава за Него: Исус е Посредник на Новиот Завет и Неговата крв им обезбедува спасение на верните. Неговата свештеничка и царска служба во наша полза претставува причина за славење меѓу небесните чети. И конечно, текстот Евреите 12,25-29 ја содржи последната и најважна опомена: доаѓа Божјиот суд. Тоа ќе значи уништување на Неговите непријатели, но ќе му донесе оправдување и царство за Неговиот народ (Евреите 12,28.29).

Завршетокот на Посланието уште еднаш ја потврдува важноста на она што Исус го постигнал на крстот и ги упатува верниците кон конечното остварување на Неговата победа при Второто доаѓање. Павле користи слики од 7. глава од Книгата на пророк Даниел за да ги потсети читателите дека Исус го примил царството од Бога, Судијата (Даниел 7,9-14), и дека ќе го подели со верните, „светите на Севишниот“, и ним тоа ќе им припадне засекогаш (Даниел 7,18).

## МОРА ДА ДОЈДЕТЕ НА ГОРАТА СИОН

**Прочитајте го текстот Евреите 12,22-24. Што опишува Павле овде?**

_______________________________________________________________

Посланието до Евреите потврдува дека веќе сме пристигнале на планината Сион и сме се придружиле на големата прослава. „Но вие пристапивте кон Сион и градот на живиот Бог, небесниот Ерусалим, и кон безбројните ангели, на свечениот собор“ (Евреите 12,22). Сме пристапиле со вера, преку нашиот Претставник, Исуса. На тој собир наоѓаме безброј ангели, лично Бога и Исуса, кој е центарот на прославата. Доаѓаме како дел од „собранието на првородените, кои се запишани на небесата“ (Евреите 12,23). Нашите имиња се запишани во небесните книги, каде што се попишани сите оние кои се изјаснуваат како Божји народ (2. Мојсеева 32,32; Псалм 56,8; Даниел 12,1; Малахија 3,16; Лука 10,20; Откровение 13,8; Откровение 17,8).

Ние сме „првородени“ затоа што го делиме наследството на Првородениот, во вистинска смисла на зборот, – Исуса Христа (Евреите 1,6). Според тоа, не сме дошле како гости, туку како граѓани (спореди Филипјаните 3,20). Опишани сме и како духови на „праведниците, што достигнаа совршенство“ (Евр. 12,23). Тој израз е јазична фигура, според која една димензија на нашата човечка природа се зема за целина. Ова е аналогно на изразот „Отецот на духовите“ во Евреите 12,9, кој се однесува на Бога како Отец на сите нас, човечки суштества кои се духовни по природа.

На тој собир се слави почетокот на Исусовото царско владеење и на свештеничката служба, како и воспоставувањето на нов завет. Во Посланието до Евреите, горaта Сион е место на кое се одвиваат сите тие настани. Трите Псалми цитирани во Евреите 1,5-14 го опишуваат устоличувањето на Синот и ја наведуваат планината Сион како место каде што тоа се случило (Псалм 2,6.7; Псалм 110,1.2; Псалм 102,21-27).

Горaта Сион е и местото каде што Синот е назначен за „вечен свештеник“ (Евреите 5,6), што е цитат од текстот Псалм 110,4. Според Псалм 110, именувањето на Синот за Првосвештеник се случува и на горaта Сион (Псалм 110,2). И конечно, Посланието до Евреите тврди дека воспоставувањето на свештенството на Исус значи и воспоставување на нов завет (Евреите 7,11-22). Според тоа, планината Сион е, меѓу другото, и место каде што новиот завет бил официјално потврден. Затоа, Евреите 12,22-24 опишуваат свечен собир што се случил на небото по повод Исусовото вознесение.

**На кои практични начини можеме, во нашиот живот и на богослуженијата, да го славиме Исусовото постоење, Неговата свештеничка служба и Новиот Завет? Зошто радувањето на таа голема вистина ја утврдува верата?**

## ПРИСТАПИВТЕ КОН БОГА, СУДИЈА НА СИТЕ

**Прочитајте Евреите 12,23. Ако станува збор за прослава, зошто Бог е опишан како судија? Како може судија, меѓу другото, да даде причина за славење? Прочитајте го и текстот Даниел 7,9.10.13 – 22.**

___

___

Прославата опишана во Евреите 12,22-24 алудира на идниот суд. Бог, како судија, претседава и книгите се отвораат, а како резултат на идниот суд, врз основа на извештаите од тие книги, Божјиот народ го прима царството (Евреите 12,28).

Оваа сцена потсетува на големиот предадвентен суд опишан во текстот Даниел 7 глава, кој прикажува сцена на суд во која Бог, „Старецот" (Даниел 7,9), седи на престол од пламен оган и е опкружен со „десетина илјади по десет илјади" (Даниел 7,10) ангели. Книгите се отвораат (Даниел 7,10) и се донесува пресуда во полза на „светците на Севишниот", кои тогаш „ќе го завладеат царството" (Даниел 7,22).

Слично на ова, текстот Евреите 12,22-29 ја опишува сцената на судот на гората Сион, во небесниот Ерусалим, каде што Бог, „Судијата на сите", е опкружен со „безбројните ангели". Огнот се споменува и овде (Евреите 12,29). Сцената вклучува и книги, бидејќи светите се „запишани" во нив (Евреите 12,23), што значи дека пресудата ќе биде во нивна полза.

Исус е во самиот центар на сцената (Евреите 12,24). Тој е опишан во текстот Евреите 2 глава како Син Човечки, кој е „овенчан со слава и чест", откако ја вкусил „смртта" во наша корист (Евреите 2,9). Според Евреите 2,10, „синот човечки" (види Евреите 2,6) пострадал за да може да донесе „многубројните чеда во слава", односно верниците да бидат овенчани со слава и чест. „Синот" сега, преку благодатта на новиот завет, ги довел верните во Сион, во небесниот Ерусалим (Евреите 12,22-24), каде што им било ветено дека ќе го примат царството (Евреите 12,28).

Според тоа, овој суд е навистина добра вест за верните, бидејќи донесена пресуда во нивна корист. Таа ги оправдува. Тој суд го поразува нивниот противник, змевот, кој се крие зад страшните ѕверови што ги прогонувале верните во минатото (Даниел 7), и кој ќе го прават тоа и во иднина (Откровение 13).

**Како ова што го проучувавме денес ни помага да видиме зошто Божјиот суд, за кој станува збор во пораките на тројцата ангели, е навистина „добра вест" за ова време (Откровение 14,6.7; споредете со 5. Мојсеева 32,36; 1. Дневникот 16,33-35)?**

# ТРЕСЕЊЕ НА ЗЕМЈАТА И НЕБЕСАТА

Откако го опишал свечениот собир што се случува на небото, Павле ги предупредува читателите да обрнат внимание на Божјиот глас, бидејќи Бог уште еднаш ќе ја потресе „не само земјата, туку и небото" (Евреите 12,26). Павле вели дека, и покрај тоа што Исус бил устоличен на небото, нашето спасение сè уште не е завршено. Мораме да бидеме особено внимателни, бидејќи допрва треба да се случи еден важен настан.

**Споредете ги следните текстови: Агеј 2,6-9,20-22; Псалм 96,9.10; Псалм 99,1 и Евреите 12,26.27. Која е целта на Божјото тресење на небото и земјата? Што значи тоа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Во Стариот Завет, тресењето на земјата била вообичаена појава во присуство на Бога, кој доаѓал да го избави својот народ. Кога Девора и Варак се бореле против Сисара, Бог од небото се борел на нивна страна (Судии 5,20). Ова е опишано како силен земјотрес, тресење на земјата и топење на горите поради Божјото присуство (Судии 5,4.5). Гледаме дека истата слика се појавува во целиот Стар завет секогаш кога Бог ќе стане за да ги избави угнетените (Псалм 68,7.8; Псалм 60,2; Псалм 77,17.18). Затоа, тресењето го најавува Божјиот суд, со кој Тој ја потврдува својата власт над народите на земјата. Пророците предвиделе дека тоа ќе се случи и на Господовиот ден (Исаија 13,13; Исаија 24,18-23).

Според Посланието до Евреите, „тресењето" на небото и земјата се однесува на уништувањето на Божјите непријатели. Ова Бог го ветил при устоличувањето на Исус. Тој Му рекол: „Седи од Мојата десна страна додека непријателите Твои не ги поставам за подножје на нозете Твои" (Евреите 1,13). Така, Исус го победил непријателот (Евреите 2, 14-16) и се устоличил (Евреите 1,5-14), но непријателските сили сè уште не се целосно уништени (Евреите 10,11-14; 1. Коринќаните 15,23-25).

Бог ќе ги уништи тие непријатели во иднина, кога ќе ги разниша небото и земјата. Тресењето на небото и земјата, според тоа, означува уништување на земните сили што го прогонуваат Божјиот народ и, што е уште поважно, уништување на небесните сили (сатаната и неговите ангели) кои стојат зад земните сили и ги контролираат.

**Зошто ветувањето дека правдата еден ден ќе биде задоволена, и дека злото, кое е толку распространето во нашиот свет, еден ден ќе биде уништено, ни дава надеж на сите нас, а особено на оние кои директно поднесуваат зло?**

## ЦАРСТВО КОЕ НЕ МОЖЕ ДА СЕ РАЗНИША

Бог објавил дека ќе ги „потресе“ небото и земјата, што значи дека ќе ги уништи непријателските народи. Меѓутоа, има нешто што нема да биде ни разнишано ни уништено.

**Споредете ги следните текстови: Псалм 15,5; 16,8; 21,7; 62,2; Псалм 112,6 и Евреите 12,27. Што е тоа што нема да биде разнишано?**

---

Многу современи преводи на текстот Евреите 12,27 сугерираат дека „тресењето на небото и земјата“ подразбира дека тие ќе бидат отстранети и ќе исчезнат засекогаш.

Меѓутоа, Библијата јасно кажува дека Бог ќе создаде ново небо и нова земја (Исаија 65,17; Откровение 21,1-4), а дека ние ќе воскреснеме и ќе имаме ново тело (1. Солуњаните 4,13-17; 3,20) на оваа земја. Затоа, „тресењето“ подразбира чистење и обновување на создадениот свет, а не негово целосно отстранување. Она што веќе постои, ќе биде повторно создадено и откупените ќе живеат таму.

Сепак, има нешто што нема да се разниша. Тука спаѓаат и праведните. Тие нема да бидат разнишани, затоа што веруваат во Бога. Создателот ги одржува и го гарантира нивниот опстанок.

Забележете дека во Посланието до Евреите постојаноста и стабилноста се поврзани со Исуса. Во Евреите 1,10-12 за Исус читаме: „И пак: 'Во почетокот Ти, Господи, си ја основал Земјата, а и небесата се дело на Твоите раце; тие ќе загинат, Ти остануваш; сите ќе изветвеат како облека; ќе ги свиткаш како наметка, како облекло, и тие ќе бидат променети; но Ти си секогаш истиот, и Твоите години нема да се свршат'“. Исто така, Посланието до Евреите спомнува дека Исусовата свештеничка служба останува засекогаш (Евреите 7,3.24), како и наследството на откупените (Евреите 10,34). На конечниот суд, оние што се „во Исуса“ се оние кои нема да бидат разнишани (Псалм 46,5).

Текстот Евреите 12,28 наведува дека ќе добиеме „непоколебливо царство“. Ова се однесува на текстот Даниел 7,18, во кој се тврди дека светите ќе го поседуваат „царството во векови“. Тоа царство се споменува во текстот Даниел 2,44, кој „нема да се разруши никогаш“. Тоа царство му припаѓа на Синот, но Тој ќе го подели со нас. Откровение 20,4 вели дека заедно со Него ќе им судиме на злите сили што нѐ прогонувале (1. Коринќаните 6,3).

**Колку добро ви оди во моментов, кога станува збор за разнишаноста? Ако не ви оди најдобро, какви одлуки треба да донесете за да добиете помош во оваа важна област? (Види Ефесјаните 4,14.)**

## ДА БИДЕМЕ БЛАГОДАРНИ

На крајот од 12-та глава на Посланието до Евреите, се истакнува дека токму благодарноста, изразена преку службата угодна на Бога, претставува соодветен одговор на сите оние прекрасни работи што Тој ги направил за нас.

**Споредете ги стиховите Евреите 12,28 и Евреите 13,15.16. Каква служба му е угодна на Бога?**

---

Во старозаветниот систем, жртвувањето животни претставувало начин на кој луѓето покажувале покајание и благодарност, но овие жртви требало да бидат само надворешен знак за благодарноста и покајанието што постоеле во срцето на верникот. Затоа Бог јасно им кажува преку псалмите и преку пророците дека она што навистина е угодно пред Него не е крвта на животните, туку дека тоа е благодарноста, добрите дела и праведноста на оние што ги принесуваат жртвите (Псалм 50,7-23; Исаија 1,11-17).

Затоа Павле и не повикува да му служиме на Бога во небесното светилиште, принесувајќи на жртва признавање на гревот, химни, благодарност и добри дела, што всушност е она вистинско богослужение што е угодно пред Него. Ние ги принесуваме тие жртви овде на земјата, но тие се прифатени како угодни на Бога на небото. Овој повик ги опфаќа сите опомени што авторот ги упатува во целото Послание, повикувајќи нѐ и ние да го признаеме Исусовото име (Евреите 3,1; 4,14; 10,23) и да продолжиме да правиме добри дела (Евреите 6,10-12; 13,1.2.16).

Повикот на Павле до читателите да служат „на Бога благоугодно" (Евреите 12,28) подразбира дека верниците во тоа време навистина биле свештенички народ кој е усовршен и посветен со Исусовата жртва (Евреите 10,10-14.19-23). Со ова се исполнува првобитната Божја намера за Израел – да биде свештенички народ преку кој Тој ќе може да му ја објави на светот добрата вест за спасението (2. Мојсеева 19,4-6; 1. Петрово 2,9.10; Откровение 1,6; Откровение 5,10).

Текстот Евреите 13,1-6 опишуваат на практичен начин што значи да правиме добро и да го споделуваме она што го имаме. Тоа значи да покажуваме братска љубов, каква што покажал Исус кон нас (Евреите 2,11.12). Тоа значи да бидеме гостопримливи, да ги посетуваме оние со кои се постапува лошо или се во затвор (Евреите 13,3) и да се откажеме од прељубодејството и себичноста.

**Зошто е важно да сметаме дека правењето добро и споделувањето на она што го имаме е составен дел на нашата служба на Бога? Од друга страна, на кои сѐ реални начини можат нашите духовни жртви на Бога да се расипат (Исаија 1,11-17)?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„За време на овие илјада години, меѓу првото и второто воскресение, се одржува суд над грешниците. Апостол Павле предупредува на овој суд како настан што се одигрува по Христовото повторно доаѓање. ’Не судете ништо предвреме, пред да дојде Господ, кој ќе го изнесе на видело скриеното во темнина и ќе ги открие намерите на срцата‘ (1. Коринќаните 4,5). Даниел кажува дека, кога ќе дојде Прадревниот, ќе им го даде ’судот на светците на Севишниот‘ (Даниел 7,22). Во ова време праведниците ќе владеат како цареви и свештеници на Бога. Јован во Откровението кажува: ’И видов престоли, а на оние кои седеа на нив им беше дадено да судат... Ќе бидат Божји и Христови свештеници и ќе царуваат со него илјада години‘ (Откровение 20,4.6). Во ова време, како што претскажал Павле, ’светите ќе му судат на светот‘ (1. Коринќаните 6,2). Заедно со Христа тие ќе им судат на грешниците споредувајќи ги нивните дела со Книгата на законот, со Библијата, и ќе решат секој случај според делата што се направени во тело. Тогаш казната што мора да ја искусат грешниците ќе биде одмерена според нивните дела и запишана покрај нивното име во Книгата на смртта.

Христос и неговиот народ исто така ќе им судат на сатаната и на неговите лоши ангели. Павле кажува: ’Не знаете ли дека ние ќе им судиме на ангелите?‘ (1. Коринќаните 6,3). А апостол Јуда изјавува: ’Па и ангелите, кои не го зачуваа своето достоинство, туку го оставија своето живеалиште, ги чува во вечни окови под мрак, за судот на великиот ден‘ (Јуда 6)“ (Елена Вајт, *Големата борба*, стр. 660, 661 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Што ни кажува за Бога учеството на светите во судењето на злите (1 Коринќаните 6,3; Јуда 6), и колку Тој ќе биде транспарентен пред нас додека ни ја открива својата добрина и праведност преку начинот на кој Тој се справил со гревот и злото?**
2. **Прочитајте ги следните текстови: 2. Мојсеева 32,32; Псалм 56,8; Псалм 69,28, Псалм 139,16; Исаија 4,3; Даниел 12,1; Малахија 3,16, Лука 10,20; Откровение 13,8 и Откровение 17,8. Во нив се спомнуваат Божјите книги на небото. Што е запишано во тие книги? Зошто е важно, на пример, тоа што Бог води евиденција за нашите солзи (Псалм 56,8)? Ако Бог знае сè, која е целта на таквите книги и извештаи?**
3. **Што мислите, зошто е важно тоа што аргументите изнесени во Посланието до Евреите на крајот се поврзуваат со ветувањата дадени во Даниел 7 глава? Зошто овие врски се важни во контекст на Исусовата служба на небото? Што нè учи текстот Даниел 7 за крајот на сè што е земно и пропадливо?**

**Поука 13**
**Од 19 – 25 март 2022**

# БРАТСКАТА ЉУБОВ НЕКА ПРОДОЛЖИ ДА ВЛАДЕЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Евреите 13; Римјаните 12,13; Ефесјаните 5,3-5; 1. Петрово 5,1-4; Евреите 2,9; 4,16; Галатјаните 2,20.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Братољубие нека пребива меѓу вас“ (Евреите 13,1).**

Тринаесеттата глава на Посланието до Евреите ја изнесува завршната опомена на апостолот: „Братољубието нека пребива меѓу вас“ (Евреите 13,1). Тој низ целото послание тврди дека ние сме дел од домаќинството, кое му припаѓа на царот – Првосвештеник, Исус, и неговите браќа и сестри. Своите читатели Павле не ги сфаќа само како група поединци, кои своето спасение го градат на принципот еден на еден со Исуса, туку како семејство или домаќинство кое заедно се спасува. Апостолот Исусовото дело во наша корист го карактеризирал како братска љубов, бидејќи тој „не се срамува да ги нарече браќа“ (Евреите 2,11).

Така, верниците треба да го прават еден за друг истото што Исус го правел за нив.

Во целото послание братската љубов вклучувала заемно утешување, разбирање и советување со цел никој да не остане без Божјата благодат (Евреите 3,13; 10,24.25; 12,15-17). Во 13. глава тоа опфаќа бројни елементи: гостопримство (Евреите 13,2), посета и поддршка на затворениците и на луѓето на кои им е нанесена неправда (Евреите 13,3), почитување на бракот (Евреите 13,4), откажување од лакомоста (Евреите 13,5.6), угледување на водачите во заедницата и послушност кон нив (Евреите 13,7-17) како и молитви за самиот апостол (Евреите 13,18.19).

## ГРИЖА ЗА БОЖЈИОТ НАРОД

**Прочитајте ги следните текстови: Евреите 13,1.2; Римјаните 12,13; 1. Тимотеј 3,2; Тит 1,8 и 1. Петрово 4,9. Која била улогата на гостопримството во првата црква?**

---

Христијанството било патувачко движење, кое често зависело од гостопримството и на христијаните и на нехристијаните. Упатството „да не се заборава“ на гостопримството веројатно не се однесувало само на ненамерниот пропуст некој да се прими на гости, туку на свесното занемарување.

Павле не зборува за гостопримството само кон оние со кои ја делиме истата вера. Тој ги потсетува своите читатели дека некои луѓе примајќи странци, несвесно нагостиле ангели (Евреите 13,2). Веројатно на ум ја имал посетата на тројцата таинствени странци на Аврам и Сара (1. Мојсеева 18,2-15). Пружањето гостопримство подразбира делење на имотот со други лица, па дури и страдање со другите, како Исус што пострадал заради нас (Евреите 2,10-18).

Братската љубов кон оние кои биле во затвор не подразбирало само верниците да се сеќаваат на нив во своите молитви, туку и да им пружат олеснување преку материјална и емотивна поддршка. Постоел ризик затворениците да бидат свесно занемарени, бидејќи оние што им пружале материјална и емотивна поддршка на луѓето кои биле осудени од општеството, целосно се поистоветувале со нив. Во извесна смисла, биле сметани за нивни соучесници и со тоа се изложувале на ризик од општествена злоупотреба (Евреите 10,32-34).

Павле користи одредени слики и посебен начин на изразување за да ги охрабри и поттикне своите читатели да се грижат за затворениците. Прво, тој ги потсетува на поддршката што им ја давале на своите затворени браќа во минатото. Биле другари и стоеле рамо до рамо со оние кои биле јавно изложени на срам и неволји (Евреите 10,33). Второ, спомнувањето на страдањето потсетува на примерот на Мојсеј, кој повеќе сакал да страда со Божјиот народ, отколку да ја искуси земската сладост на гревот (Евреите 11,25). Конечно, Павле го отсликува идеалот на братската љубов. Тој ги потсетува своите читатели дека „и самите сте во тело“ (Евреите 13,3). Со други зборови, тие ја делат истата човечка природа и затоа би требало да се однесуваат кон другите онака како што сакаат другите да се однесуваат кон нив во исти околности – односно во затвор. Затоа, би требало да им пружаат материјална и емотивна поддршка на затворениците, покажувајќи им дека не се напуштени.

**Што уште може да направиме за оние кои се во затвор, без оглед дали се членови на црквата или не?**

## ЛАКОМСТВО И СЕКСУАЛЕН НЕМОРАЛ

**Прочитајте ги следните текстови: Евреите 13,4.5; Лука 16,10-18; 1. Коринќаните 5,1; Ефесјаните 5,3-5 и Колошаните 3,5. Кои две зла се поврзани со овие стихови?**

Павле ги предупредува своите читатели против лакомоста и сексуалниот неморал, бидејќи тоа биле две сериозни закани за братската љубов. Всушност, и новозаветните автори и древните моралисти забележале поврзаност меѓу овие две појави.

Павловиот повик да се почитува бракот подразбирал избегнување на сите работи што ја намалувале важноста на оваа установа. Тоа вклучувало воздржување од кршење на брачната заклетва, но и од неоправдани разводи (споредете со текстот Матеј 19,9). Повикот брачната постела да се чува чиста, било сериозно предупредување против сквернавењето на бракот со вонбрачни сексуални врски. Во Новиот завет, изразот *блудници* се однесува на секој облик на сексуален неморал (1. Коринќаните 5,9-11; 1. Коринќаните 6,9.10; 1. Тимотеј 1,9.10; Ефесјаните 5,5; Откровение 21,8; 22,15). Од друга страна, грчко-римското општество било прилично небрежно во поглед на сексуалната етика. Двојните мерила биле вообичаени. На мажите им било дозволено да влегуваат во сексуални врски сè додека можеле да бидат дискретни во намерите. Меѓутоа, Павле предупредува дека Бог ќе им суди на прељубниците. Верниците не би смееле да дозволат општествените конвенции да ги одредуваат етичките стандарди.

Среброљубието било едно од главните пороци во грчко-римскиот свет. Дури и во едно свое послание Павле го наведува среброљубието како извор или корен на сите зла (1. Тимотеј 6,10).

Зазирањето од овој порок е став којшто Павле го охрабрува во неколку свои посланија. Прво, христијаните би требало да бидат задоволни со она што го имаат (видете 2. Коринќаните 9,8; Филипјаните 4,11.12). Дотолку повеќе, би требало да веруваат и да го прифатат Божјето ветување дека никогаш нема да ги остави ниту ќе отстапи од нив (Евреите 13,5). Тоа ветување му било дадено на Неговиот народ на повеќе места во разни околности, а достапно е и за нас во денешно време (1. Мојсеева 28,15; 5. Мојсеева 31,6.8; Исус Навин 1,5; 1. Дневникот 28,20). Според тоа, верниците се повикани на Божјето ветување да одговорат со зборовите од Псалм 118,6: „Господ е мој помошник нема да се уплашам; што може да ми направи човек?“ Ова повикување на Псалм 118 е сосема соодветно, бидејќи псалмистот тука ја изразува својата доверба во Бога, и покрај страдањата што му ги нанеле неверниците.

**На кои сè начини современото општество ја поткопува сексуалната чистота и истовремено ја храни човечката љубов кон парите? Како може на практичен начин да ја зајакнеме својата одбрана од овие два страшни порока?**

## НЕ ЗАБОРАВАЈТЕ ГИ СВОИТЕ ВОДАЧИ

**Прочитајте во Евреите 13,7-17. Каков однос би требало да имаме кон нашите водачи?**

---

Текстот во Евреите 13,7-17 содржи опомена до верниците да ги почитуваат и слушаат водачите на својата заедница. Текстот почнува со повик да ги „помнат“ водачите од минатото кои ја проповедале Божјата реч, а завршува со повик да им се „покоруваат“ на водачите во сегашноста (Евреите 13,17). Водачите од минатото биле првите што ја проповедале Речта и ја основале заедницата на верници. Повикот да ги „помнат“ не се однесува само на ментално вежбање на помнењето, ниту на искажување на надворешни почести. Павле објаснува дека треба да ги „помнат“ поради исходот на нивното однесување и да се угледаат на нивната верност.

За Павле, угледувањето претставува највисок чин на сеќавање и укажување почест. На тој начин, Павле ги придодава водачите и основачите на црквата во низата херои на верата, кои христијаните треба внимателно да ги набљудуваат. Тоа се хероите од Евреите 11. глава и Исус како совршен пример на верата во 12. глава. Авторот понатаму забележува дека Исус е истиот „вчера, и денес, и во вечни векови“ (Евреите 13,8). Тој стои во општа спротивност со лажните учители кои се менуваат со текот на времето и чиишто учења стануваат „различни“ и „туѓи“ (Евреите 13,9).

Повикот да се сеќаваме на водачите од Евреите 13,7 е повторен уште посилно на крајот на делот во Евреите 13,7-17. Верниците се поттикнуваат да им бидат послушни на водачите, бидејќи тие се грижат за нивните души. Овие водачи се опишани како пастири задолжени за духовната благосостојба на заедницата на верните – нивното стадо, и како такви кои ќе положат сметка за нивната духовна состојба (види 1. Петрово 5,1-4; 1. Коринќаните 3,10-15). Секако, таа идеја би требало да се примени на сите наши црковни водачи и на сите нивоа на денешната црковна организација.

Исто така, контекстот сугерира дека водачите се помошни пастири во служба на Исуса Христа, „големиот Пастир на овците“ (Евреите 13,20). Комбинацијата на грижа и верност на водачите од една страна, и послушноста и довербата на верниците од друга страна, ќе резултира со голема радост. Тоа би можело да значи дека водачите ќе ѝ служат на заедницата со радост, или дека пред Бога ќе дадат сметка за заедницата со радост, а не со тага.

**Што би можеле вие да направите да ги зајакнете односите меѓу водачите и верниците во вашата заедница, како и односот кон водачите во целиот свет?**

## ЧУВАЈТЕ СЕ ОД РАЗЛИЧНИТЕ И ТУЃИТЕ УЧЕЊА

**Споредете ги следните текстови: Евреите 13,9; 2,9; 4,16; 6,19.20. Каде се добива благодатта? Како нашите срца се зајакнуваат?**

---

Односот меѓу лажните учења и јадењето што се споменува во текстот Евреите 13,9, веројатно не се однесува на разликата меѓу чистата и нечистата храна.

Зошто?

***Прво,*** се чини дека Павле во ова послание не се интересира толку за разликите меѓу чистата и нечистата храна. Врз основа на Дела 15 глава, знаеме дека ранохристијанската црква застапувала став дека верните се спасуваат преку благодатта (Дела 15,7-11), но дека и понатаму треба да се придржуваат до одредени прописи за храната (Дела 15,19.20). Разликувањето на чистата и нечистата храна и другите библиски прописи не се спротивни со благодатта. Всушност, тука Павле тврди дека Новиот завет го всадува законот во срцето (Евреите 8,10-12). Меѓутоа, она што тој јасно го истакнува е дека животинските жртви и левитското свештеничко посредување во светилиштето се заменети со надмоќната Исусова жртва и Неговото свештеничко посредување (Евреите 8,4.5; 10,1-18).

***Второ,*** контекстот сугерира дека Павле не ги критикува своите читатели затоа што се воздржуваат од одредена храна, туку затоа што тие се надеваат дека тоа на некој начин ќе им набави дополнителна благодат (Евреите 13,9). Тука тој предупредува против учеството во еврејските ритуални оброци што се практикувале како продолжение на принесувањето на жртвите во храмот и од кои се очекувало да донесат корист и благодат. Но, благодатта не се прима преку оброците, туку доаѓа преку пожртвуваноста и свештеничкото посредување на Исуса Христа. Верниците имаат „жртвеник“ (Евреите 13,10), а тоа е Христовиот крст од кој можат да се хранат (Јован 6,47-58).

Во Посланието до Евреите „благодатта“ доаѓа од Божјиот престол (Евреите 4,16). Оваа благодат е остварена преку Христа, кој е сидро – „котва“ на нашата вера, „цврста и сигурна“, прицврстена за самиот Божји престол (Евреите 6,19.20, споредете со Евреите 4,16). Тоа е благодатта што ја примаме врз основа на Христовата жртва, која му дава стабилност и сигурност на нашето срце. Кога срцето ќе се „поткрепува“ на овој начин, тоа нема да биде заведено од туѓи учења (Евреите 13,9), ниту пак ќе „отпадне“ од Бога (Евреите 2,10).

**Задржете се во мислите на полнотата на Христовата жртва. Со оглед на тоа, зошто мислењето дека нашите дела можат да „додадат“ нешто на таа жртва, е спротивно на евангелието, односно на благодатта која се наоѓа во Исуса?**

## ДА ТРГНЕМЕ КОН ИСУСА НАДВОР ОД ЛОГОРОТ

**Споредете ги следните текстови: Евреите 13,10-14; Марко 8,34; Матеј 10,38; Лука 14,27 и Галатјаните 2,20. Што значи да се тргне кон Исуса надвор од логорот?**

Просторот надвор од логорот бил најнечистото можно место. Тука биле спалувани лешовите на животинските жртви (3. Мојсеева 4,12). Губавците исто така биле бркани надвор од логорот (3. Мојсеева 13,46), а тука биле вршени и погубувања на богохулниците и другите злосторници (3. Мојсеева 24,10-16.23; 1. Царевите 21,13; Дела 7,58). Таквите прописи се засновале на претпоставката дека Бог бил присутен во логорот. Затоа, сè што било нечисто било фрлано надвор, бидејќи Бог не сакал да види никаква нечистотија во него (4. Мојсеева 5,3; 5. Мојсеева 23,14).

Исус пострадал на крстот надвор од Ерусалим (Јован 19,17-20). Тоа го нагласува срамот што бил фрлен врз Него (Евреите 12,2). Официјално бил осуден бидејќи изговорил хула на Бога, така што Израел го отфрлил и погубил надвор од градските ѕидишта (Марко 14,63.64, видете и 3. Мојсеева 24,11.16). Исус бил исфрлен од логорот како нешто срамно, нечисто или непристојно (Евреите 12,2). Меѓутоа, Павле ги поттикнува верниците да го следат Исуса по тој пат, да излезат надвор од логорот, претрпувајќи го срамот што Тој го претрпел (Евреите 12,2; 13,3). По тој пат одел и Мојсеј, кој „страдањето заради Христос го сметаше за поголемо богатство од египетските богатства“ (Евреите 11,26).

Звучи парадоксално, но Посланието до Евреите сугерира дека Божјето присуство сега се покажува надвор од логорот. Да се следи Христос надвор од логорот, не значи само да се носи „Неговата поруга“, туку и „да Му пристапуваме“ (Евреите 13,13), токму како што Израелците го барале Господа „надвор од логорот“, во пустината, каде што Мојсеј го отстранил Божјиот шатор од логорот по препирката околу златното теле (2. Мојсеева 33,7). Овој извештај вели дека отфрлањето на Исуса од страна на неверниците подразбирало и отфрлање на Бога, како што направил Израел кога се поклонувал на златното теле (2. Мојсеева 32,33). Значи, патот на страдање и срам, воедно е и патот што води кон Бога.

Павле ги повикува своите читатели да го следат Исуса за „Зачетник и Доврршител“ на својата вера (Евреите 12,2), повикувајќи ги своите сегашни страдања да ги сметаат за моментална дисциплинска мерка која ќе им донесе „мирен плод на праведност“ (Евреите 12,11). Тие го оставаат зад себе расипаниот град или логор во потрага по градот „што ќе дојде“, „кому Бог му е Градител и Творец“ (Евреите 13,14; 11,10.16).

**Што значи за вас да се следи Исус „надвор од логорот“? Кои се аспектите од животот на верата во Исуса кои можат да ви донесат „прекор“ или „срам“ од страна на оние кои ве опкружуваат?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„По слегувањето на Светиот Дух... (верниците) се радувале на слатката заедница со светите. Биле нежни, сочувствителни, полни со самооткажување, подготвени да поднесат секоја жртва заради вистината. Во своето секојдневно меѓусебно дружење, тие навистина покажувале вистинска братска љубов, како што им наредил Христос. Со несебични зборови и дела, тие се труделе пламенот на таа љубов да го запалат во срцата на другите...

Меѓутоа, постепено, малку по малку, настапила промена. Верниците почнале да изнаоѓаат недостатоци едни кај други. Задржувајќи се на грешките на другите и впуштајќи се во злонамерни забелешки, тие го загубиле од вид Спасителот и неговата љубов. Почнале да обрнуваат поголемо внимание на надворешните церемонии и на опширно теоретизирање отколку на практичната примена на верата. Во својата ревност да ги осудат другите, лекомислено преминувале преку сопствените гревови. Ја загубиле братската љубов што ја барал Христос од нив, и што е најжално, воопшто не биле свесни за својата загуба. Тие не увидувале дека од нивниот живот исчезнуваат среќата и радоста и дека, кога од своето срце ќе ја исклучат Божјата љубов, набргу потоа ќе одат во мрак.

Гледајќи дека во црквата братската љубов исчезнува, Јован најсесрдно им укажувал на верниците на постојаната неопходност од таа љубов. Неговите посланија, упатени до црквата, дишат токму со таа мисла. ’Мили мои, да се љубиме еден со друг‘, пишувал тој, ’зашто љубовта е од Бога, и секој кој љуби, од Бога е роден и го познава Бога. А кој не љуби, не го познава Бога, зашто Бог е љубов. Божјата љубов спрема нас се покажа со тоа што Бог го прати во светот својот единороден Син за да живееме преку него. Љубовта е во ова, не дека ние го засакавме Бога, туку Тој нè засака нас и го прати својот Син како жртва за помирување за нашите гревови. Мили мои, ако Бог нè засака така, и ние треба да се љубиме еден со друг‘ (1. Јованово 4,7-11)“ (Елена Вајт, *Делата на апостолите*, стр. 547. 548 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Христијанскиот живот често се смета за личен и индивидуален однос меѓу Христа и верникот. Меѓутоа, тоа е само еден аспект на христијанскиот живот. Зошто е важно да имаме на ум дека Бог нè води како група? Кои се моите одговорности кон таа група? Што можам да очекувам од неа?**
2. **Кои се најдобрите показатели дека братската љубов во црквата е силна? Бидете подготвени да направите листа на овие показатели во вашата класа.**
3. **Каква е вистинската братска љубов? Кои се нејзините особини, кои се причините и резултатите од неа? На кој начин би ја разликувале од лажната братска љубов?**

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈАНУАРИ
# ИСУС: „БОГ Е СО НАС“

## ОД КАДЕ ДА ПОЧНЕТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Сабота* | **Лука 2,10.11.** | *Од каде да почнете* |

## ИСПРАТЕН ОД НЕБОТО

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | **Јован 1,1.** | *Исусовиот вистински почеток* |
| *3. Понеделник* | **Јован 1,3.4.** | *Исус и вториот почеток* |
| *4. Вторник* | **Јован 8,58.59.** | *Исусовото вечно „ЈАС СУМ”* |
| *5. Среда* | **Исаија 9,6.7.** | *Пророчко дете* |
| *6. Четврток* | **Јован 17,5.** | *Божествениот Исус* |
| *7. Петок* | **Јован 3,13; 6,38.** | *Испратен од Небото* |
| *8. Сабота* | **1. Петрово 1,19.20.** | *Христовата служба не била дополнителна мисла* |

## ПОЧЕТОК НА ЗЕМЈАТА

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | **Филипјаните 2,5–8.** | *И Бог и Човек* |
| *10. Понеделник* | **Колошаните 1,17.** | *Поделени мисли за божествениот Христос* |
| *11. Вторник* | **Матеј 1,1.** | *Почеток на Земјата* |
| *12. Среда* | **Лука 1,26–30.** | *Уплашената Марија* |
| *13. Четврток* | **Лука 1,31–33.** | *Тој не е обично дете* |
| *14. Петок* | **Лука 1,34–37.** | *Неверојатно објаснување* |
| *15. Сабота* | **Лука 1,38.** | *Необичен одговор* |

## ИСУС: „БОГ Е СО НАС“

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | **Лука 1,46–55.** | *„Евангелие“ пред евангелието* |
| *17. Понеделник* | **Матеј 1,18–20.** | *Заборавен брачни другар* |
| *18. Вторник* | **Матеј 1,21.** | *Револуционерна објава* |
| *19. Среда* | **Матеј 1,21.** | *Христос како освојувач* |
| *20. Четврток* | **Матеј 1,22–25.** | *Исус: „Бог е со нас“* |
| *21. Петок* | **Лука 2,1–6.** | *Необичното орудие на провидението* |
| *22. Сабота* | **Лука 2,7.** | *Скромен почеток со големо С* |

## БОГ НЕ Е СОПСТВЕНОСТ НА ВЕРНИЦИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | **Лука 2,8–14.** | *Средба со Исуса: Искуство што го менува животот* |
| *24. Понеделник* | **Откровение 12,1–4.** | *Исусовото раѓање од небесен агол* |
| *25. Вторник* | **Матеј 2,1.2.** | *Бог не е сопственост на верниците* |
| *26. Среда* | **Матеј 2,9–11.** | *Позитивен одговор даден на Исуса* |
| *27. Четврток* | **Матеј 2,3–16.** | *Негативен одговор даден на Исуса* |
| *28. Петок* | **Матеј 2,3–5.** | *Трет одговор упатен до Исуса* |
| *29. Сабота* | **Лука 2,22–26.** | *Првата посета во Храмот* |

## ГОДИНИ НА ТИШИНА

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | **Матеј 2,13.** | *Роден со уценета глава* |
| *31. Понеделник* | **Лука 2,40.** | *Години на тишина* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – ФЕВРУАРИ
# ДОАЃАЊЕ НА ЦАРСТВОТО

## ПОВИК ЗА ДЛАБОКО РАЗМИСЛУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **Лука2,46–49.** | *Исус почнува да добива поголема слика* |
| *2. Среда* | **Лука 2,19.** | *Повик за длабоко размислување* |
| *3. Четврток* | **Марко 1,2–6.** | *Јован насproti културата на своето време* |
| *4. Петок* | **Матеј 3,1.2.** | *Порака за „валканите мали глувци“* |
| *5. Сабота* | **Марко 1,7.8.** | *Уште поуки за „валканите мали глувци“* |

## ДОАЃАЊЕ НА ЦАРСТВОТО

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **Јован 1,29.** | *Вистинското значење на Исус* |
| *7. Понеделник* | **Матеј 3,13–15.** | *Исус го зачудува Јован* |
| *8. Вторник* | **Матеј 3,16.17.** | *Почеток со двојна порака* |
| *9. Среда* | **Матеј 4,1.** | *Суштината на искушението* |
| *10. Четврток* | **Матеј 4,2–4.** | *Божјата волја или мојата?* |
| *11. Петок* | **Матеј 4,5–7.** | *Сензационализам или лојалност?* |
| *12. Сабота* | **Матеј 4,8–10.** | *Да се продадеш или да истраеш?* |

## ИСУС ГИ ОБЈАВУВА НАЧЕЛАТА НА СВОЕТО ЦАРСТВО

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Матеј 4,11–17.** | *Доаѓање на царството* |
| *14. Понеделник* | **Матеј 4,18–20.** | *Исус, Оној кој повикува* |
| *15. Вторник* | **Јован 1,35–37.** | *Повикувањето е процес* |
| *16. Среда* | **Матеј 10,1–4.** | *Не сите ученици биле „вегетаријанци“* |
| *17. Четврток* | **Матеј 5,1.** | *Исус ги објавува начелата на своето царство* |
| *18. Петок* | **Матеј 5,2.3.** | *Благословен или среќен?* |
| *19. Сабота* | **Матеј 5,3.4.** | *Царство свртено наопаку* |

## ЕВАНГЕЛИЕТО Е ОТКРИЕНО

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Лука 6,17–20.** | *Идеален христијански карактер* |
| *21. Понеделник* | **Матеј 5,3.4.** | *Плач поради сиромаштија* |
| *22. Вторник* | **Матеј 5,5.** | *Исус повторно оди во спротивна насока* |
| *23. Среда* | **Матеј 5,6.** | *Евангелието е откриено* |
| *24. Четврток* | **Матеј 5,7.** | *Најдобар ден да станеме послични на Исуса* |
| *25. Петок* | **Матеј 5,8.** | *Важноста на приоритетите* |
| *26. Сабота* | **Матеј 5,9.** | *Две групи верници* |

## СОЛТА НИКОГАШ НЕ ТРЕБА ДА ГО ИЗГУБИ СВОЈОТ ВКУС

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **Матеј 5,10–12.** | *Скокање од среќа во тешки моменти* |
| *28. Понеделник* | **Матеј 5,13.** | *Солта никогаш не треба да го изгуби својот вкус* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – МАРТ

# ИСУС КОЈ ВОСХИТУВА

### НЕПРОМЕНЛИВОСТА НА ЗАКОНОТ

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | ***Матеј 5,14–16.*** | *Светилката свети* |
| *2. Среда* | ***Матеј 5,17.*** | *Исполнување на законот* |
| *3. Четврток* | ***Матеј 5,18.*** | *Непроменливоста на законот* |
| *4. Петок* | ***Матеј 5,19.*** | *Сериозно сфаќање на Бога* |
| *5. Сабота* | ***Матеј 5,20.*** | *Добри луѓе, но не доволно добри* |

### МОЛИТВА СО РАЗБИРАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | ***Матеј 5,21.22.*** | *Исполнување на законот, прв дел* |
| *7. Понеделник* | ***Матеј 5,27.28.*** | *Исполнување на законот, втор дел* |
| *8. Вторник* | ***Матеј 5,43–45.*** | *Не е природно да се следи Исус* |
| *9. Среда* | ***Матеј 5,48.*** *3* | *Значењето на совршенството на карактерот* |
| *10. Четврток* | ***Матеј 6,1.*** | *Гревот ме следеше во црква* |
| *11. Петок* | ***Матеј 6,9–13.*** | *Молитва со разбирање* |
| *12. Сабота* | ***Матеј 6,19–21.*** | *Разгледување на поставените цели* |

### ХРИСТИЈАНИТЕ ГИ ИСПИТУВААТ ПЛОДОВИТЕ

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | ***Матеј 6,24.*** | *Чии робови сме ние?* |
| *14. Понеделник* | ***Матеј 6,33.34.*** | *Стратегии за надминување на грижите* |
| *15. Вторник* | ***Матеј 7,1–5.*** | *Практичен совет за мене* |
| *16. Среда* | ***Матеј 7,7.8.*** | *Бланко чек на молитвата* |
| *17. Четврток* | ***Матеј 7,12.*** | *Суштинско начело на Христовото царство* |
| *18. Петок* | ***Матеј 7,15–17.*** | *Христијаните ги испитуваат плодовите* |
| *19. Сабота* | ***Матеј 7,21.*** | *Отрезнувачки стих* |

### ИСУС КОЈ ВОСХИТУВА

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | ***Матеј 7,22.23.*** | *„Тој ден“* |
| *21. Понеделник* | ***Матеј 7,28.29.*** | *Исус кој восхитува* |
| *22. Вторник* | ***Матеј 8,1–3.*** | *Власт во зборовите* |
| *23. Среда* | ***Матеј 8,5–9.*** | *Власт над далечината* |
| *24. Четврток* | ***Матеј 8,24–27.*** | *Власт над природата* |
| *25. Петок* | ***Матеј 8,28–32.*** | *Власт над натприродните сили* |
| *26. Сабота* | ***Матеј 9,2.*** | *Власт над гревот* |

### ИСУС: ОНОЈ КОЈ ГИ ЧИТА ЧОВЕЧКИТЕ СРЦА

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | ***Матеј 9,18–26.*** | *Власт над смртта* |
| *28. Понеделник* | ***Јован 1,9.*** | *Кој е овој Исус?* |
| *29. Вторник* | ***Јован 2,23–25.*** | *Исус: Оној кој ги чита човечките срца* |
| *30. Среда* | ***Јован 3,1.2.*** | *Подобро е да дојдеш ноќе отколку да не дојдеш воопшто* |
| *31. Четврток* | ***Јован 3,3–6.*** | *Премногу „водени“ христијани* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јануари*

| | |
|---|---|
| **1.** | 1. Мојс. 1-3 |
| | |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-12 |
| 5. | 13-15 |
| 6. | 16-19 |
| 7. | 20-23 |
| **8.** | 24-26 |
| | |
| 9. | 27-30 |
| 10. | 31-33 |
| 11. | 34-36 |
| 12. | 37-39 |
| 13. | 40-42 |
| 14. | 43-46 |
| **15.** | 47-50 |
| | |
| 16. | 2. Мојс. 1-3 |
| 17. | 4-6 |
| 18. | 7-9 |
| 19. | 10-12 |
| 20. | 13-15 |
| 21. | 16-18 |
| **22.** | 19-21 |
| | |
| 23. | 22-26 |
| 24. | 27-29 |
| 25. | 30-31 |
| 26. | 32-34 |
| 27. | 35-37 |
| 28. | 38-40 |
| **29.** | 1-4 |
| | |
| 30. | 5-7 |
| 31. | 8-10 |

## *Февруари*

| | |
|---|---|
| 1. | 3. Мојс. 11-13 |
| 2. | 14-16 |
| 3. | 17-19 |
| 4. | 20-23 |
| **5.** | 24-27 |
| | |
| 6. | 4. Мојс. 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | 7-9 |
| 9. | 10-13 |
| 10. | 14-16 |
| 11. | 17-19 |
| **12.** | 20-22 |
| | |
| 13. | 23-26 |
| 14. | 27-29 |
| 15. | 30-32 |
| 16. | 33-36 |
| 17. | 5. Мој. 1-3 |
| 18. | 4-6 |
| **19.** | 7-9 |
| | |
| 20. | 10-13 |
| 21. | 14-16 |
| 22. | 17-19 |
| 23. | 20-22 |
| 24. | 23-25 |
| 25. | 26-28 |
| **26.** | 29-31 |
| | |
| 27. | 32-24 |
| 28. | И. Навин 1-3 |

## *Март*

| | |
|---|---|
| 1. | И. Навин 3-4 |
| 2. | И. Навин 5-9 |
| 3. | 10-13 |
| 4. | 14-17 |
| **5.** | 18-21 |
| | |
| 6. | 22-24 |
| 7. | Судии 1-3 |
| 8. | 4-6 |
| 9. | 7-9 |
| 10. | 10-12 |
| 11. | 13-15 |
| **12.** | 16-18 |
| | |
| 13. | 19-21 |
| 14. | За Рута 1 и |
| 15. | 3 и 4 |
| 16. | 1. Сам. 1-3 |
| 17. | 4-6 |
| 18. | 7-9 |
| **19.** | 10-12 |
| | |
| 20. | 13-17 |
| 21. | 18-20 |
| 22. | 21-23 |
| 23. | 24-26 |
| 24. | 27-31 |
| 25. | 2. Сам. 1-3 |
| **26.** | 4-6 |
| | |
| 27. | 7-11 |
| 28. | 12-14 |
| 29. | 15-17 |
| 30. | 18-20 |
| 31. | 21-24 |

## ВЕЧЕРНО БОГОСЛУЖЕНИЕ ВО СЕМЕЈСТВОТО

### *Јануари*

1. Псалм 1
2. Псалм 2
3. Псалм 3
4. Псалм 4
5. Псалм 5
6. Псалм 6
7. Псалм 7
**8.** Псалм 8
9. Псалм 9
10. Псалм 10
11. Псалм 11
12. Псалм 12
13. Псалм 13
14. Псалм 14
**15.** Псалм 15
16. Псалм 16
17. Псалм 17
18. Псалм 18,1-15
19. Псалм 18,16-30
20. Псалм 28,31-50
21. Псалм 19
**22.** Псалм 20
23. Псалм 21
24. Псалм 22,1-15
25. Псалм 22,16-31
26. Псалм 23
27. Псалм 24
28. Псалм 25
**29.** Псалм 26
30. Псалм 27
31. Псалм 28

### *Февруари*

1. Псалм 29
2. Псалм 30
3. Псалм 31,1-14
4. Псалм 31,15-24
**5.** Псалм 32
6. Псалм 33
7. Псалм 34
8. Псалм 35,1-14
9. Псалм 35,15-28
10. Псалм 36
11. Псалм 37,1-19
**12.** Псалм 37,20-40
13. Псалм 38
14. Псалм 39
15. Псалм 40
16. Псалм 41
17. Псалм 42
18. Псалм 43
**19.** Псалм 44,1-12
20. Псалм 44,13-26
21. Псалм 45
22. Псалм 46
23. Псалм 47
24. Псалм 48
25. Псалм 49
**26.** Псалм 50,1-5
27. Псалм 50,16-23
28. Псалм 51

### *Март*

1. Псалм 52
2. Псалм 53
3. Псалм 54
4. Псалм 55
**5.** Псалм 56
6. Псалм 57
7. Псалм 58
8. Псалм 59
9. Псалм 60
10. Псалм 61
11. Псалм 62
**12.** Псалм 63
13. Псалм 64
14. Псалм 65
15. Псалм 66
16. Псалм 67
17. Псалм 68
18. Псалм 69 ,1-16
**19.** Псалм 69,17-36
20. Псалм 70
21. Псалм 71,1-15
22. Псалм 71,15-24
23. Псалм 72
24. Псалм 73,1-15
25. Псалм 73,16-28
**26.** Псалм 74
27. Псалм 75
28. Псалм 76
29. Псалм 77
30. Псалм 78 ,1-14
31. Псалм 78,15-28

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| ЈАНУАРИ 2022 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
| | *31 дек.* | *7.* | *14.* | *21.* | *28.* |
| Виница | 16:08 | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:39 |
| Колешино | 16:09 | 16:15 | 16:22 | 16:30 | 16:39 |
| Стар Дојран | 16:09 | 16:16 | 16:23 | 16:31 | 16:40 |
| Куманово | 16:11 | 16:17 | 16:24 | 16:33 | 16:42 |
| Неготино | 16:11 | 16:17 | 16:25 | 16:33 | 16:42 |
| Струмица | 16:09 | 16:15 | 16:23 | 16:31 | 16:40 |
| Кочани | 16:08 | 16:15 | 16:22 | 16:31 | 16:39 |
| Велес | 16:12 | 16:18 | 16:25 | 16:34 | 16:42 |
| Кавадарци | 16:12 | 16:18 | 16:25 | 16:33 | 16:42 |
| Дебар | 16:17 | 16:24 | 16:31 | 16:39 | 16:48 |
| Скопје | 16:12 | 16:18 | 16:26 | 16:34 | 16:43 |
| Битола | 16:16 | 16:22 | 16:29 | 16:37 | 16:46 |
| Кичево | 16:15 | 16:22 | 16:29 | 16:37 | 16:46 |
| Лаки | 16:08 | 16:14 | 16:22 | 16:30 | 16:39 |
| Чифлик | 16:11 | 16:17 | 16:25 | 16:33 | 16:41 |
| Штип | 16:10 | 16:16 | 16:24 | 16:32 | 16:41 |
| Тетово | 16:14 | 16:20 | 16:28 | 16:36 | 16:45 |
| Јегуновце | 16:13 | 16:19 | 16:27 | 16:35 | 16:44 |
| Росоман | 16:12 | 16:18 | 16:25 | 16:34 | 16:42 |
| Гевгелија | 16:11 | 16:17 | 16:24 | 16:32 | 16:41 |
| Свети Николе | 16:10 | 16:17 | 16:24 | 16:33 | 16:41 |
| Делчево | 16:07 | 16:13 | 16:21 | 16:29 | 16:38 |
| Валандово | 16:10 | 16:16 | 16:23 | 16:32 | 16:40 |
| Охрид | 16:17 | 16:24 | 16:31 | 16:39 | 16:48 |
| Радовиш | 16:09 | 16:15 | 16:23 | 16:31 | 16:40 |
| Прилеп | 16:14 | 16:20 | 16:27 | 16:36 | 16:44 |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| **ФЕВРУАРИ 2022** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **МЕСТО** | **ДАТУМ** | | | |
| | **4.** | **11.** | **18.** | **25.** |
| **Виница** | **16:48** | **16:57** | **17:06** | **17:14** |
| **Колешино** | **16:48** | **16:57** | **17:05** | **17:14** |
| **Стар Дојран** | **16:49** | **16:57** | **17:06** | **17:14** |
| **Куманово** | **16:51** | **17:00** | **17:09** | **17:17** |
| **Неготино** | **16:51** | **16:59** | **17:08** | **17:17** |
| **Струмица** | **16:48** | **16:57** | **17:06** | **17:14** |
| **Кочани** | **16:48** | **16:57** | **17:06** | **17:15** |
| **Велес** | **16:51** | **17:00** | **17:09** | **17:18** |
| **Кавадарци** | **16:51** | **17:00** | **17:08** | **17:17** |
| **Дебар** | **16:57** | **17:06** | **17:14** | **17:23** |
| **Скопје** | **16:52** | **17:01** | **17:10** | **17:19** |
| **Битола** | **16:54** | **17:03** | **17:12** | **17:20** |
| **Кичево** | **16:55** | **17:04** | **17:13** | **17:21** |
| **Лаки** | **16:48** | **16:57** | **17:05** | **17:14** |
| **Чифлик** | **16:50** | **16:59** | **17:08** | **17:16** |
| **Штип** | **16:50** | **16:59** | **17:07** | **17:16** |
| **Тетово** | **16:54** | **17:03** | **17:12** | **17:20** |
| **Јегуновце** | **16:53** | **17:02** | **17:11** | **17:20** |
| **Росоман** | **16:51** | **17:00** | **17:09** | **17:17** |
| **Гевгелија** | **16:50** | **16:58** | **17:07** | **17:15** |
| **Свети Николе** | **16:50** | **16:59** | **17:08** | **17:17** |
| **Делчево** | **16:47** | **16:56** | **17:05** | **17:13** |
| **Валандово** | **16:49** | **16:58** | **17:06** | **17:15** |
| **Охрид** | **16:56** | **17:05** | **17:14** | **17:22** |
| **Радовиш** | **16:49** | **16:58** | **17:06** | **17:15** |
| **Прилеп** | **16:53** | **17:02** | **17:10** | **17:19** |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

### МАРТ 2022

| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **4.** | **11.** | **18.** | **25.** |
| **Виница** | **17:23** | **17:31** | **17:39** | **17:47** |
| **Колешино** | **17:22** | **17:30** | **17:38** | **17:45** |
| **Стар Дојран** | **17:23** | **17:30** | **17:38** | **17:46** |
| **Куманово** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:50** |
| **Неготино** | **17:25** | **17:33** | **17:41** | **17:48** |
| **Струмица** | **17:23** | **17:31** | **17:38** | **17:46** |
| **Кочани** | **17:23** | **17:31** | **17:39** | **17:47** |
| **Велес** | **17:26** | **17:34** | **17:42** | **17:50** |
| **Кавадарци** | **17:25** | **17:33** | **17:41** | **17:49** |
| **Дебар** | **17:31** | **17:39** | **17:47** | **17:55** |
| **Скопје** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:51** |
| **Битола** | **17:28** | **17:36** | **17:44** | **17:51** |
| **Кичево** | **17:29** | **17:37** | **17:45** | **17:53** |
| **Лаки** | **17:22** | **17:30** | **17:38** | **17:46** |
| **Чифлик** | **17:24** | **17:32** | **17:40** | **17:48** |
| **Штип** | **17:24** | **17:32** | **17:40** | **17:48** |
| **Тетово** | **17:29** | **17:37** | **17:45** | **17:53** |
| **Јегуновце** | **17:28** | **17:36** | **17:45** | **17:52** |
| **Росоман** | **17:25** | **17:33** | **17:41** | **17:49** |
| **Гевгелија** | **17:23** | **17:31** | **17:39** | **17:47** |
| **Свети Николе** | **17:25** | **17:33** | **17:41** | **17:49** |
| **Делчево** | **17:22** | **17:30** | **17:38** | **17:46** |
| **Валандово** | **17:23** | **17:31** | **17:39** | **17:46** |
| **Охрид** | **17:30** | **17:38** | **17:46** | **17:53** |
| **Радовиш** | **17:23** | **17:31** | **17:39** | **17:47** |
| **Прилеп** | **17:27** | **17:35** | **17:43** | **17:50** |

**Податоците во табелата изведени се според зимското сметање на времето.*

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ

























Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ е достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Верувањата на раните христијани. Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Споријата за апостол Павле, Потрага и Здравјето на дофат. Проучувајте онлајн и споделувајте ја Радосната вест!

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

**„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).**

# ЈУЖНА АЗИСКОПАЦИФИЧКА ДИВИЗИЈА




| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ПОПУЛАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| Бангладеш | 127 | 286 | 125.629 | 169,809,000 |
| Централни Филипини | 1,324 | 592 | 195,181 | 23,446,635 |
| Источна Индонезија | 961 | 190 | 127,969 | 25,640,832 |
| Мјанмар | 242 | 93 | 34,730 | 54,704,000 |
| Северни Филипини | 1,524 | 458 | 425,922 | 60,779,385 |
| Пакистан | 126 | 71 | 14,776 | 220,940,000 |
| Јужни Филипини | 2,246 | 1,153 | 659,708 | 25,354,980 |
| Југоисточна Азија | 391 | 441 | 98,263 | 224,501,000 |
| Западна Индонезија | 880 | 305 | 92,788 | 246,098,168 |
| Додадени полиња | 36 | 23 | 4,011 | 21,938,318 |
| **ВКУПНО** | **7,857** | **3,612** | **1.688.247** | **1,074,529,000** |

## ПРОЕКТИ:

1. Здравствен центар во северен Пакистан.
2. Основни училишта во Луанг Намти во Лаос.
3. Детски образовен центар во Лонг Тану во Виетнам.
4. Блок спални соби во адвентистичката меѓународна школа во Дили, во Источен Тимор.